# 50 години ФДУ

# содржина

5 Кон 50-годишниот јубилеј

7 Од привремен простор до трајни вредности

17 Историјат и институционален развој на ФДУ од 1969 г. до 2019 г.

30 Декани и продекани

32 Наставен кадар

39 КАТЕДРИ

41 Катедра за драмски актери

97 Катедра за театарска режија

113 Катедра за театарска и филмска драматургија

123 Катедра за филмска и ТВ режија

137 Катедра за театарска, филмска и ТВ продукција

145 Катедра за филмско и ТВ снимање

155 Катедра за филмска и ТВ монтажа

**165** Научноистражувачка дејност

**175** Издавачка дејност

**181** Меѓународна соработка

**243** Академска сцена

**285** Скомрахи

**338** Студио за наставна продукција

**340** Библиотека

**341** Техничка база

**342** Ненаставен кадар

**345** ЈУБИЛЕЈ 50 години ФДУ

**354** Перспективи

**358** Резиме

**359** Дипломирани
Магистрирани
Докторирани
Додипломци
Постдипломци
Докторанди

# Кон 50-годишниот јубилеј на ФДУ



Од обраќањето на деканот на прославата по повод јубилејот „50 години ФДУ“

Велат, културата е чист кислород на еден народ. Оттаму, ФДУ, веќе 50 години е меѓу гигантите во производството на чист театарски и филмски кислороден агенс. Заслугата за денешениот чист кислороден ФДУ лежи во сите професори и соработници, кои во минатото и денес ги вградиле нивните визионерски идеи и придонеле за развојот на денешните студиски програми, кои тврдокорно опстојуваат и се надградуваат.

Преку 600 дипломирани актери, филмски и театарски режисери, драматурзи, сценаристи, продуценти, филмски и телевизиски монтажери и кинематографери, над 60 магистри и доктори на наука и уметност, кои заземаат значајно место во многубројни институции од областа на сценско-изведувачките и аудиовизуелните уметности во земјата и во странство се показател за квалитетот по кој е препознатлив Факултетот за драмски уметности во Скопје. Голем број награди, признанија, реализирани проекти, работилници. Мисијата на

Факултетот за драмски уметности е артикулирана преку теориско-практични и уметнички активности кои воспоставуваат функционална и ефикасна академска заедница во согласност со декларираните цели на високото образование од овој вид во земјата и во странство.

Внимателната анализа на сегашните активности на ФДУ артикулира клучни проблеми кои се евидентни и кај останатите факултети од областа на драмските уметности. Спецификите на високообразовните институции од областа на драмските уметности нужно треба да се земат предвид и ФДУ да стане препознатлив и доследен гласноговорник во креирањето на идните образовни политики.

Дозволете ми, по повод овој јубилеј, искрено и од срце да им се заблагодарам на сите професори, асистенти, надворешни соработници, административни работници и технички персонал, кои во изминативе 50 години учествуваа во производството на чистиот театарски и филмски кислород.

Во името на сите нас од ФДУ, примете ја нашата огромна почит и благодарност и сите Вие кои сте дипломирале на ФДУ и кои гордо и достоинствено со Вашите дела го претставувате Факултетот. Сите Ваши успеси се успеси на ФДУ.

Цврсто сум убеден дека не ни недостигаат инспирација и волја и дека позитивното, креативното, кооперативното и инспиративното опкружување на нашиот ФДУ ќе трае уште илјада години.

Се гледаме на прославата - 100 години ФДУ.

**проф. м-р Лазар Секуловски,**
**декан на Факултетот за драмски уметности – Скопје**

# Од привремен простор до трајни вредности

Бараката на ФДУ, 1969



Има нешто исклучитено благородно, ако не и поетично, во фактот што од Факултетот за драмски уметности во Скопје се очекува да креира културен квалитет и трајни уметнички вредности, бидувајќи сместен во привремен, монтажен простор. Идејата дека просторот содржи во себе информации клучни за разбирањето на општеството коешто го окупирало, како и идејата дека просторот е истовремено структуриран од, но и го структурира човековото однесување, можеби не случајно се врсници со Одделот за драмски актери при Високата музичка школа во Скопје, чиешто формирање на 4 ноември 1969 год. се смета за роденден на институцијата на која ја посветуваме оваа монографија. Инспириран од овој историски синхронизам, на почетокот од овој вовед би сакал да покажам како „читањето“ на





просторот во којшто функционира Факултетот за драмски уметности може да понуди интересна методолошка рамка за подобро разбирање на оваа институција – разбирање не само на нејзината возбудлива генеалогија во историска перспектива, туку и на многу покомплексни, скриени структури кои се наталожиле при формирањето на нејзиниот идентитет.

Едно од најраспространетите тврдења меѓу хуманистичките и општествените теории посветени на просторот вели дека структурите на моќ на коишто се базира една општествена/државна институција се рефлектирани во физичкиот простор во којшто таа е сместена. Тоа е простор (сфатен во чисто материјална смисла на зборот) којшто инкорпорирајќи ги принципите на видливост, доминантност, вертикалност, функционалност, статичност и рационална организација, претставува еден вид материјална, просторна екстензија на контролирачките, дисциплинирачки механизми на модерните општества низ кои се формираат нивните нови членови преку процесите на едукација и социјализација.

Како неколкуте пост-земјотресни, монтажни бараки во Карпош 2 се впишуваат во овие теории? Па, во најмала рака, како алтернативен простор, ако не и како антипод

на доминантните тенденции во институционалната архитектура. Просторот на ФДУ како да припаѓа на радикално друг семантички хоризонт, кој им противречи на натурализираните претстави за тоа како треба да изгледа просторот на една образовна институција. За да се опише тој простор, потребно е да се користат такви категории како: затскриеност, фрагментарност, хоризонталност, отвореност, дијалогичност, демократичност. Тоа е простор којшто поттикнува мобилност, проток на тела и идеи, кој насочува кон средба и судир на светогледи и интерпретации. Просторот на ФДУ е место кое дава предност на случајноста пред планот, на креативноста и инвентивноста пред репетитивноста, на тактиката пред стратегијата. Просторот на ФДУ е место (и ова го велам без најмала потреба од романтизирање) кое во истовреме го формира и го рефлектира слободарскиот, демократскиот и хуманистичкиот дух на оваа институција – дух кој ја одржува нејзината виталност, еве веќе 50 години. Сево ова е дотолку важно, што сметам дека нужно е овие цврсти идентитетски врски помеѓу ФДУ и неговиот простор да се земат предвид при планирањето на идните простори за оваа институција. На малите монтажни бараки на ФДУ можеме да гледа-








ме и како на материјални, архитектонски носачи на меморијата на пост-земјотресно, солидарно Скопје. Најдобар показател за солидарноста на оваа институција е прифаќањето на сараевската класа на Миралем Зупчевиќ за време на катастрофичната војна во Босна и Херцеговина во 90-тите години на минатиот век. Фактот дека виталноста на ФДУ, неговата креативност и солидарност го облагородуваат неговиот простор, ги одржуваат во живот монтажните, пост-земјотресни бараки и постојано ја одложуваат нивната смрт, е прекрасна метафора за позицијата и улогата на оваа институција, не само во рамките на македонскиот културолошки пејсаж, туки и во македонското општество во целост.

Веќе 50 години Факултетот за драмски уметности во Скопје произведува витална енергија и силен креативен импулс - клучни за репродуцирањето на македонската култура и развојот на македонското општество. Влијанијето на оваа институција одамна ги надминува нејзините граници. Тоа е мултивекторско и повеќедимензионално. За потребите на овој текст, би сакал да се осврнам на неколку нивоа на кои може да се отчита силниот културолошки импакт на ФДУ, кој понатаму се одразува на неговиот идентитет. На најелементарно, автореференцијално ниво, ФДУ постои како самоодржувачки механизам, како институција која го базира сопствениот развој на интелектуални ресурси коишто сама ги произвела. На едно ниво погоре, го имаме ФДУ како централна оска во полето на македонската театарска и филмска продукција. Во поширокиот контекст на македонското општество, ФДУ функционира како интелектуален центар, кој произведува културна вредност, но и компетитивни критички дискурси за негово обмислување. Најпосле, ФДУ постои како регионален играч кој со ентузијазам учествува во меѓународни кооперации и организира настани со видливо регионално влија-

ние. Во понатамошниот дел од овој вовед, би сакал да се осврнам подетално на секое од овие нивоа, убеден дека на тој начин најсоодветно може да се испише личната карта на оваа институција.

Еден од клучните моменти во преднаталната историја на Факултетот за драмски уметности во Скопје, како и во историјата на театарската едукација во Македонија воопшто, е годината 1947, кога се формира Државната средна театарска школа како посебна средношколска институција, која има цел да ја создаде првата генерација театарски едуцирани ученици на домашен терен. Од овој момент, па сè до формирањето на Одделот за драмски актери при Високата музичка школа во Скопје, идејата за високообразовна драмска едукација е една од клучните теми на секоја посериозна дебата посветена на високото образование во поранешниот систем. Формирањето на Факултетот за драмски уметности во далечната 1969 година не значи само моментално остварување на долгогодишните стремежи за автономна и автохтона театарска едукација, туку исто така почеток на еден макотрпен процес на (ре)обмислување, реформирање и разгранување на оваа институција. Педесетгодишната историја на ФДУ е историја на континуиран развој и усложнување на неговата образовна структура која, небаре биолошки организам, потпирајќи се на сопствените сили, на интелектуалните ресурси коишто самата ги произведува, се разгранува и го шири полето на специјализација, одговарајќи на потребите и предизвиците на новите контексти во кои функционира. Некогаш сконцентрирана само на актерската игра, денес оваа институција претставува комплексна образовна единица сочинета од седум додипломски оддели посветени на театарската, филмската и телевизиската уметност, три постдипломски насоки и докторски уметнички студии. Во текот на својата историја, ФДУ се профилира како







инклузивна и општествено сензитивна и одговорна институција. Важен показател за овој идентитетски маркер е отворањето на посебни класи драмски актери на албански и на турски јазик во 1995 година, кога ФДУ самостојно ја препознава потребата за едукација на новите кадри на мајчин јазик.

Во текот на својата педесетгодишна историја, Факултетот за драмски уметности во Скопје успеал да произведе над 600 студенти. Додека дел од овој импресивен интелектуален и уметнички потенцијал е повторно инкорпориран во образовните структури на институцијата, најголемиот дел од него ја сочинува инфраструктурата на театарската, филмската и телевизиската продукција во државата. Веќе 50 години, ФДУ не само што е главниот снабдувач со кадри во рамките на овие уметности, туку е и просторот во којштo се формира јазикот на еден значаен дел од македонскиот визуелен идентитет. Иако примарно е образовна институција, ФДУ од почетокот на своето постоење инвестира голем дел од своите ресурси во проширување на полето на неговото општествено делување. ФДУ не е само простор којштo продуцира знаење и нови кадри, туку и

место кое активно произведува култура и уметничка вредност, факт што ја прави оваа образовна институција конкурентна во однос на културните/ театарските институции во земјата. Овој иманенетен порив за креација прекрасно е материјализиран во иницијативата за формирање на ***Академската сцена*** при Факултетот, која своето прво издание го добива во 1992 година. Првично замислена како модел за презентација на стекнатото знаење на студентите на Факултетот пред очите на јавноста, денес оваа креативна иницијатива е една од највозбудливите алтернативни културни манифестации во Скопје. ***Академската сцена*** не само што ја канализира забревтаната креативна енергија на младите студенти, туку и ја афирмира и поттикнува потребата од проширување на театарските и филмските хоризонти кај новите генерации.

Импактот на ФДУ врз македонското општество не е лимитиран единствено на полето на театарската и филмската уметност. ФДУ како простор кој поттикнува креативен дијалог и судир на мислења и светогледи, е место во кое се формираат автентични и често конкурентни гласови, кои не само што ги коментираат, туку и ги реобмислуваат македонската култура и општество. Денес, поранешни и актуелни студенти на Факултетот се активни чинители во општествените процеси во државата, независно од нивната позиционираност во идеолошкото/политичкото поле.

Од почетокот на своето постоење, ФДУ исто така упорно инвестира во зголемувањето на својата над-локална, регионална, па и меѓународна релевантност. Покрај класичните методи за постигнување на оваа цел, кои подразбираат активни политики на кооперација со сродни, релеватни образовни институции од регионот и светот, ФДУ покажува висок степен на самоиницијативност во овој поглед. Најдобар показател за решителноста на оваа институција да се етаблира како релевантен регионален актер кој генерира и промовира уметничка вредност и интеркултурна соработка е манифестацијата ***Скомрахи.*** За првпат одржани во 1988 година, замислени како средби на академиите и факултетите за драмски уметности, ***Скомрахи*** се нераскинлив дел од идентитетот на ФДУ – стануваат еден вид традиција во традицијата, мала историја во рамките






Бараките
на ФДУ, денес

на големиот историски наратив на оваа институција. Оригинално замислени како обединувачки фактор на студентските продукции во поранешната држава, по распадот на Југославија ***Скомрахи*** го проширува-ат полето на својот интерес и стануваат простор за презентација и промоција на студентите по драмски уметности од целиот европски континент. Од Ташкент до Глазгов, од Амстердам до Истанбул, ***Скомрахи*** во текот на својата историја далеку ги надминува границите на студентска манифестација и станува препознатлив бренд во културолошкиот пејсаж на Македонија.

Ниту е возможно, а уште помалку благодарно да се сведе педесетгодишната, комплексна историја на Факултетот за драмски уметности во Скопје на неколку страници воведен текст, кој сам по себе е особено лимитирачки жанр. Ниту пак, за волја на вистината, тоа беше целта при подготвувањето на овој вовед. Целта беше да се споменат оние неколку клучни акценти на кои се базира препознатливоста и важноста на оваа институција во локален и регионален контекст, тврдоглаво градена во текот на овие педесет години.

Некој, со право може да забележи дека во овој текст најмалку простор им се даде на човечкиот фактор, на оние кои, како знаеле и умееле, ја создале и воделе оваа институција во текот на нејзината возбудлива историја, на оние кои од привремениот простор во кој е вдомен ФДУ во далечната 1969 чинат универзум на смисли, значења и идеи. Луѓето, чијшто ентузијазам, фантазии и креативност и ден-денес се емитираат од пост-земјотресните, монтажни бараки во Карпош 2, се клучниот елемент во приказната на ФДУ. Сепак, овој дел им го препуштам на инсајдерите, на оние кои ја доживеале историјата на оваа институција на своја кожа; нека ја раскажат својата приказна, нека го допишат и прошират она што тука е зачнато. Оваа монографија е важен документ и за нив самите.

**Честит јубилеј!**

**Илија Упалевски,**
**културолог**

Професорот Илија Милчин со студенти од првата класа, 1969





# Историјат и институционален развој на ФДУ од 1969 г. до 2019 г.

Едукативниот зародиш на театарската уметност во Македонија датира уште од повоената 1947 година, кога била формирана Државната средна театарска школа, специјализирана исклучиво за театарска едукација. Но, патот на театарски школуваните средношколци завршувал тука, зашто тие немале факултет на кој ќе можат да го оформат и своето високо образование, што не било случај со другите републики во тогашната СФРЈ. Прашањето за отворање на театарска академија или оддел за драмски актери се провлекувало и било дискутирано низа години, за да биде третирано и јавно дебатирано во текот на 1968 година како



ЗА ПРВАТА ГЕНЕРАЦИЈА ДРАМСКИ АКТЕРИ

СОВПАДАН И НАЈОПАСНИОТ СВИОК

По дипломската претстава на првата класа

општествен проблем. Пример за тоа е фељтонот во весникот „Нова Македонија", објавуван во текот на декември 1968 г., под наслов „Театарска академија: да или не?", што го водат новинарите Олга Спирковска и Верољуб Андоновски ( „Нова Македонија", бр. 7963-7974, од 10 до 21 декември, 1968 г.). Во фељтонот се дадени осврти за работата на собраниската седница на СРМ на која како решение се предлага формирање оддел при Високата музичка школа; за текот на работата на Симпозиумот за македонска драма на „Рациновите средби", на кој се изнесени мислења за отворањето театарска академија; пренесени се и мислењата на ректорот на скопскиот универзитет д-р Ѓорѓи Филиповски, на деканот на Филозофскиот факултет д-р Деса Миљовска и на републичкиот секретар за култура Томе Момировски, како и осврти од повеќе седници на највисоко републичко ниво. Театарска академија (според нормите на светските театарски институции) е дефинирана како институција од шести степен образование и како идеја во Македонија е зачната во почетокот на шеесеттите години на минатиот век (Спореди:

Милчин, Илија (1962), „Додека се зборува за театарска академија“, во: „Нова Македонија“, бр. 5514, стр.18, од 25 февруари 1962 г.). Од наведениот осврт, јасно е дека станува збор за прашање од општествен интерес, за кое е дебатирано и кое е проблематизирано на највисоко ниво. Академик Матеја Матевски, во тоа време директор на РТВ Скопје, во интервју објавено во весникот „Нова Македонија“, отворањето на театарската академија како институција го гледа како единствено решение и смета дека постојаното одлагање на формирањето оди на штета на театарот („Нова Македонија“, бр. 7.972, стр.4, 19 декември, 1968 г.).

Најпосле, на 4 ноември 1969 година, на Високата музичка школа во Скопје е основан Одделот за драмски актери, со што идните актери за првпат имаат можност да се стекнат со високо образование. Претходно ваков оддел постоел и на Академијата за театар во Загреб, под раководство на професор Илија Цувалековски. Студентите на загрепската академија на овој оддел студирале глума на македонски јазик. Декан на Високата музичка школа е Властимир Николовски, а за прв шеф на Одделот е избран вонреден професор Илија Милчин, кој останува на оваа должност до 1973 година.

На првиот приемен испит избрани се седумнаесет студенти. Студиската програма е приспособена на системот на високото образование во СР Македонија, за тој период. На Одделот за драмски актери при Високата музичка школа од Скопје, првата генерација, во време на четиригодишните студии, во репрезентативен состав на професори, доценти и предавачи, ги изучува следниве седумнаесет предмети:

**Илија Милчин** – Актерска игра и Историја на светска драма;

**Вукосава Донева** – Техника на говор;

**Вукосава Донева, Вукан Диневски и Илија Џувалековски** – Сценска реч;

**Јуриј Мјачин и Татјана Петковска** – Сценски движења;

**Благоја Корубин** – Македонски јазик;

**Благоја Николовски** – Соло пеење;

**Георги Сталев** – Историја на југословенската драма;

**Борис Петковски** – Историја на уметноста;

**Лазар Лазаревски** – Педагогија и психологија;

**Димитрие Османли** – Игра пред филмска и ТВ камера;

**Бранко Пендовски** – Теорија на литература со драматургија;

**Благоја Андреев** – Актерска игра пред микрофон;

**Георги Старделов** – Естетика;

**Бранимир Радовановиќ** – Мечување;

**Рада Петрова-Малкиќ** – Грим;

**Г. Гуржанов** – Руски јазик.

Во наредните години, со запишувањето нови класи студенти, семејството на професори, доценти, предавачи и асистенти се проширува:

1. Актерска игра (класите драмски актери ги водат професорите и наставниците: вонреден професор Илија Милчин, доцент Вукан Диневски, предавач Владимир Милчин, предавач Љубиша Георгиевски, вонреден професор Илија Цувалековски, доцент Тодорка Кондова-Зафировска, редовен професор Димитар Ќостаров);
2. Игра пред ТВ и филмска камера (доцент Димитрие Османли);
3. Техника на говор (хонорарен предавач Вукосава Донева);
4. Сценски движења (предавач Татјана Петковска);
5. Историја на светската драма и театар (вонреден професор Матеја Матевски);
6. Историја на југословенската драма и театар (доцент Георги Сталев и доцент Благоја Иванов);

7. Историја на уметноста (предавач Борис Петковски);
8. Теорија на литературата со основи на драматургија (предавач Бранко Пендовски);
9. Македонски јазик (вонреден професор Благоја Корубин);
10. Психологија и педагогија (виш предавач Лазар Лазаревски).

Во текот на 1974 и 1975 година, шеф на Одделот е вонреден професор Илија Цувалековски, а потоа со него раководи доцент Вукан Диневски. Со донесувањето на Законот за прераснување на Високата музичка школа во факултет, во 1976 година се покрева иницијатива името на Школата да се промени и да гласи Факултет за музичка и драмска уметност. Оваа замисла се остварува три години подоцна, во 1979 година, а нешто подоцна новоформираниот факултет се дели на две единици. Така Факултетот за драмски уметности - Скопје, на 1 ноември 1979 година и официјално станува самостојна високообразовна установа.

Првиот декан на ФДУ,
проф. Димитрие Османли, 1979




1979





1979

За прв претседател на Советот на Факултетот е избран професор Илија Цувалековски, еден од најмаркантните македонски актери, кој тогаш го имал искуството здобиено од работата во Загреб и во Скопје, а за декан е избран вонреден професор Димитрие Османли, театарски и филмски режисер, кој бил декан на ФДУ во периодот од 1979 до 1982 г. Прва продеканка е доцент Татјана Петковска. На приемниот испит се избрани осум кандидати кои студираат актерска игра во класата на доцент Љубиша Георгиевски.

1979



Во десет години постоење, на Одделот за драмски актери при Високата музичка школа се запишуваат исклучиво класи драмски актери. Ова продолжува и со формирањето на Факултетот за драмски уметности во 1979 г., но професорскиот и организацискиот кадар веќе работат на создавање услови за формирање нови оддели. Седум години подоцна, во 1986 година, се формира Одделот за режија и драматургија, со две насоки: за драматургија и за режија. Во рамките на насоката за режија се изучува театарска режија, а од втората година на студиите и интермедијално творештво.





15 ГОДИНИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ

ЗНАЧАЕН АКТЕРСКИ ПОТЕНЦИЈАЛ

● ОВАА ВИСОКО-ОБРАЗОВНА ИНСТИТУЦИЈА ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД ЈА ЗАВРШИЈА 70 АКТЕРИ КОИ ЗНАЧИТЕЛНО ПРИДОНЕСОА ЗА КАДРОВСКО ЗАСИЛУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ ТЕАТРИ



Во 1988 година, во организација на Универзитетската конференција на ССМ и Факултетот за драмски уметности се одржува Првата југословенска средба на факултетите за драмски уметности „Скомрахи '88".

1984

„Скомрахи" подоцна прераснува во голем регионален и интернационален фестивал на театарските академии и факултети за драмски уметности, со бројни учесници од многу земји од Балканот, Европа и светот. Во 1989 година се формира Одделот за организација на театарски, филмски и ТВ дејности, а во 1990 година предметот Интермедијално творештво се преименува во Филмска и ТВ режија и се изучува уште од првата година од студиите, но сè уште се запишуваат студенти кои студираат во единствена насока за режија. Во 1991 година, поради потребата за збогатување на техничката опременост, ФДУ се интегрира со Заводот за културно-просветен и наставен филм и добива Студио за продукција, дистрибуција и архивирање.



КУЛТУРА ● УМЕТНОСТ ● ОБРАЗОВ...

ОД ИДНАТА УЧЕБНА ГОДИНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ

Оддел за режија и драматургија?

● ЗА ОТВОРАЊЕ НА ОВОЈ ОДДЕЛ СЕ ОЧЕКУВА УШТЕ „ВИЗАТА" ОД РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА НАСОЧЕНО ОБРАЗОВАНИЕ

● КОГА ЌЕ СЕ ПРИМААТ СТУДЕНТИ НА ОВОЈ ОДДЕЛ, КЛАСАТА ЗА АКТЕРИ ЌЕ МИРУВА

1986



НА ОДДЕЛИТЕ ЗА ФИЛМСКА И ТВ КАМЕРА И МОНТАЖА НА ФДУ

## Промовирани првите дипломци

М.К.

ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ

## Претставени првите монтажери и камермани

Е.Е.

ДЕНЕС ВО НУБ „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"

## Промоција на стихозбирка од Т.Саров

1992

Во 1992 година се отвораат катедрите за камера и за филмска и телевизиска монтажа. Истата година е направен и прв обид за отворање на Академски театар, кој фигурира и како Сцена ФДУ. Во 1994 година, Одделот за режија и драматургија се дели на три и се формираат три одделни катедри: Катедра за драматургија, Катедра за театарска режија и Катедра за филмска и ТВ режија.

1995



Во 1995 година, ФДУ ја препознава потребата за едукација на кадри, чијшто мајчин јазик не е македонскиот. Така, од оваа година, на Катедрата за драмски актери се формира мешовита класа. Освен студентите, кои наставата ја следат на македонски јазик, класата прима и студенти кои предметите Актерска игра и Сценски говор ги следат на својот мајчин јазик. Класата ја води проф. Љубиша Георгиевски заедно со асистентите Синоличка Трпкова, Веби Керими и Рефет Абази

(со познавање на албански јазик) и Фирдаус Неби и Елјеса Касо (со познавање на турски јазик). По дипломирањето на оваа мешовита класа во 1999 година, Факултетот прави детална анализа и анкета и донесува заклучок дека треба да бидат формирани две засебни класи, со познавање на албански и на турски јазик, кои ќе примаат студенти на секои четири години. Втората генерација со познавање на албански јазик ја води доц. Рефет Абази, а генерацијата со познавање на турски јазик во првите четири семестри ја води доц. Владо Цветановски, за потоа да ја преземе доц. Елјеса Касо. Сличен е и развојниот пат на предметот Сценски говор, кој го води проф. Дине Дрваров со асистентите: Рефет Абази, Теута Ајдини, Мерита Чучоли и Бесфорт Идризи (на албански јазик) и Елјеса Касо, Сузан Акбелге и Атила Клинче (на турски јазик).

Во 1996 година, со реконструкцијата на дел од бараките на ФДУ и изградбата на новата сцена со поголемо гледалиште и пофункционален и помодерен сценски простор, започнува да функционира Академската сцена. Таа е замислена како место за презентација на стекнатото знаење на студентите од Факултетот пред јавноста, а денес е препознатлив дел од културните настани во градот и државата.

Во 1999 г. е формиран Институтот за театрологија, а истата година се отворени и првите научни постдипломски студии, конципирани и реализирани како студии по театрологија. Со формирањето на овие студии, Факултетот за драмски уметности и Институтот за театрологија придонесоа за оформувањето нов кадар што научно ќе се занимава со театарот.

1999



Една година подоцна, во 2000 г., Институтот ги отвори и научните докторски студии од истата област.

Со осовременувањето на моделот на студирање и следењето на светските стандарди за модерно образование, на Факултетот за драмски уметности од 2010 г. наваму се воведени и уметничките мастер-студии од втор циклус по сценско-изведувачки и аудиовизуелни уметности, а од 2014 г. и докторските уметнички студии од областа на сценско–изведувачките и аудиовизуелните уметности.

Факсимил од осврт за првите 20 години постоење на деканот на ФДУ, проф. Александар Алексиев, 1988



ПРИКАЗ ЗА РАЗВОЈОТ НА ФДУ

I. РАЗВОЈНИТЕ ФАЗИ НА ФДУ

Факултетот за драмски уметности во октомври 1989 година ќе ја одбележи 20-годишнината од своето основање, како интегрален дел од мошне динамичниот развој на високото образование во СР Македонија. Тој е формиран на 4. ноември 1969 година и тоа како оддел за драмски актери кој работеше во составот на тогашната Висока музичка школа. Десет години подоцна односно во 1979 година дојде до создавањето на Факултетот за музички и драмски уметности со две основни организации на здружен труд: Факултет за музички уметности и Факултет за драмски уметности. Започнувајќи од 1987 година Факултетот за драмски уметности работи како самостојна организација на здружен труд, но се уште само со еден оддел кој школуваше драмски актери.

Еден од пресвртните моменти во развојот на Факултетот за драмски уметности несомнено е 1986 година кога беше формиран уште еден отсек со два оддели: за режија и драматургија како израз на се поевидентната општествена потреба од овие толку дефицитарни кадри. Меѓутоа, развојот на Факултетот за драмски уметности се уште не е завршен. Во годината кога Факултетот за драмски уметности ќе ја прослави својата дваесетгодишнина се планира да бидат отворени уште два оддели и тоа за организација и камера со што овој факултет ќе ја дооформи својата физиономија како високообразовна институција.

Во склад со евидентните општествени потреби од специјализирани кадри ФДУ и во иднина ќе вложува напори да ја дограѓува својата физиономија, водејќи постојано сметка да не се создаде хиперпродукција од важни кадри во еден подолг временски период. Затоа и во моментот на овој факултетот поодделните оддели запираат додека другите се активираат.



2.-

II. БРОЈОТ НА ЗАПИШАНИТЕ И ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ ОД 1969 до 1989 ГОДИНА

Во првата година од работата на одделот за драмски актери односно во учебната 1969/70 година беа запишани вкупно 17 студенти. Десет години подоцна односно во 1979 година овој оддел го завршуваат вкупно 47 актери кои се вработени главно во нашите театри, РТС и сличните културно-уметнички институции.

Во периодот од 1979 година до учебната 1988/89 година на ФДУ се запишани вкупно 119 студенти а од тоа 62 машки и 57 женски. Од нив пак 4 се од турската 6 од албанската народност, а 3 се Роми бидејќи овој факултет школува кадри и за Театарот на народностите во Скопје. Во

Во споменатиот период на овој факултет се запишани и 3 студенти од СР Србија, 1 од СР Хрватска, 1 од Грција и 1 од унгарско потекло (види го табеларниот преглед по години). Во истиот период ФДУ го имаат завршено вкупно 54 студенти, а од тоа 33 машки и 21 женски, па ако на оваа бројка се додадат и 47 студенти што дипломирале во периодот 1969 – 1979 година, досега на овој факултет дипломирале вкупно 101 актер. Од нив пак 4 се Турци, 3 Албанци и 1 Србин. +6 = 107 200. 24 V 89

Карактеристично е при тоа дека најголемото мнозинство од дипломираните студенти на ФДУ се вработени што е несомнен доказ дека создавањето и активноста на овој факултет се совпадна со природната смена на актерските генерации во СР Македонија. При тоа дипломираните студенти на ФДУ не само што се оспособени да решаваат најсложени уметнички задачи, туку веќе се и добитници на голем број врвни награди и други признанија што само посебно претставува признание за ФДУ.

Независно од тоа што е првата генерација драматурзи и режисери ќе дипломира во учебната 1989/90 година, тоа истото се однесува и за нив бидејќи сите овие студенти се корисници на стипендии, а тоа е доказ дека кадрите што ги школува ФДУ се уште се дефицитарни.



3.-

III. НАСТАВНО-НАУЧНИ КАДАР

Паралелно со развивањето и докомплетирањето на ФДУ се развиваа збогатуваа и наставни те програми и планови на овој факултет, а со нив се зголемуваа и поодделните наставно-образовни и уметнички предмети и дисциплини кои се предаваат на него , како и бројот на вработените наставници и другите соработници.

Во моментот на ФДУ работат 3 редовни професори, 3 вонредни професори, 4 доценти и 3 асистенти .

Покрај нив во дополнителен работен однос се 1 доцент, додека 6 предмети се предаваат во рамките на интерфакултетската настава.

Среќна е околноста што на ФДУ уште од неговото основање, па се до денес се вработени најистакнатите наши режисери, драматурзи ,сторичари на театарската уметност и слични кадровски профили, кои своето пребогато творечко искуство го преточуваат во наставно-образовниот процес. Најголем број од нив се добитници на наградите АВНОЈ, "11 Октомври", "13 Ноември",Стеријини награди, Награди за најдобри претстави МТФ,награди "Војдан Чернодрински" и други врвни награди и признанија.

До овој момент ФДУ не е одликуван.

IV. Факултетот за драмски уметности поради својата специфичност и недокомплетираност на своите оддели сеуште нема последипломски студии, па затоа нема магистранти и доктoранти . Инаку, запишувањето на студенти се врши врз основа наплосебни услови во кои доминира критериумот талентираност, односно посебни предиспозиции за ов ој вид професија. Студиите на сите постојни отсеци и оддели трае 4 години,а наставата се одвива во соработка со нашите театри, Телевизијата каде нашите студенти настапуваат уште во текот на студирањето.

V. Факултетот за драмски уметности нема апликативна и научно-истражувачка дејност освен индивидуална, бидејќи неговата дејност сеуште е главно уметничко творечка.



4.-

VI. Факултетот за драмски уметности редовно соработува со поголем број сродни институции во земјата и странство и тоа преку размена на професори кои одржуваат предавања. Таква соработка покрај факултетите за драмски уметности во Југославија е отворена и со Калифорнискиот универзитет во Лос Анџелес и Универзитетот на Тексас од Далас во САД. Професорите од овие Универзитети Роберт Корнаган, Артур Фридман и Жан Клод Ван Италли држеа предавања на ФДУ , а ред.проф.Љубиша Георгиевски и вонр. проф.Слободан Унковски предаваа на нивните факултети.

Мошне значајна е и соработката на ФДУ и со следниве уметнички институции: Стружко поорје, МТФ, Театарски игри "Војдан Чернодрински" во Прилеп, Подбиоковски вечери Макарска, Републичката аматерска смотра во Кочани и сл., и сл.,

Факултетот за драмски уметности има склучено Самоуправни договори за соработка со повеќе театри во Скопје и во внатрешноста како и со ТВ Скопје ,Културните домови и со слични институции за кои тој фактички школува кадри а тие ФДУ го помагаат со реквизита, костими и сл. кои се неопходни особено при изведувањето на дипломските претстави.

VII. Факултетот за драмски уметности работи во барака и располага со вкупна површина од 1400 м2. Од тоа 400 м2 подлеѓаат на театарска сала со сцена и една поголема просторија за вежби по сценски движења и танци .

Во тек се договорите со СИЗ за насочено образование за адаптирање на уште една барака со која ќе се ублажи се поургентната потреба на овој факултет од соодветен простор неопходен како за нормално одвивање на наставата, уште повеќе кога е во прашање сценскиот простор и соодветните студија.

ФДУ располага со најнеопходната техника за озвучување осветлување и прикажување (проектор од 16 мм.,видео рекордер со видео камера, монтажен стол и сл.), како располошкивата техника е повеќе од скромна и во однос на обемот и во однос на квалитетот.

ФДУ се финансира исклучиво од страна на СИЗ за насочено образование.

крај декември 1988

ДЕКАН
Ред.проф.Александар Алексиев

Факсимил од планот за прославата
по повод дваесетгодишниот јубилеј



ДО
УНИВЕРЗИТЕТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
С К О П Ј Е
(Комисија за прослава на Универзитетот)

Годинава Факултетот за драмски уметности,покрај заедничката прослава на Универзитетот ќе биде ангажиран и околу одбележувањето на 20 годишнината од своето основање. Неговата интерна прослава ќе се одржи во октомври 1989 година. По повод овие две прослави ФДУ подготвува посебна програма која ќе треба да ја презентира дејноста и достигнувањата на овој факултет пред пошироката наша културна јавност.

Еве ги конкретните проекти на ФДУ по повод споменатите две прослави:

1. Григор Прличев:"Сердарот",сценски приказ во изведба на студентите од II година по актерска игра во рамките на предметот "Сценски говор".

2. Петре Андреевски:"Скакулци" во изведба исто така на студентите по актерска игра од II година по актерска игра но овој пат во рамките на предметот актерска игра.

3. Антон Чехов:"Три сестри",дипломска претстава на студентите од IV година по предметот актерска игра.

4. Академскиот театар кој е во тек на формирање при овој факултет со студенти по актерска игра од различни години, а во режија на Сашо Миленковски,студент по режија ќе ја изведе фолклорната пародија "Последниот балкански вампир" од Дејан Дуковски,студент по драматургија на ФДУ.

5. Годинава за прв пат во Скопје а во организација на Универзитетската Конференција на ССМ и Факултетот за драмски уметности беше одржана прва југословенска средба на факултетите за драмски уметности под наслов "СКОПРАХ 89".
На оваа средба со свои изведби и тоа пред скопската публика настапија студенти од Белград,Нови Сад,Љубљана и Скопје. Бидејќи оваа манифестација најверојатно ќе стане традиционална, а на неа ќе учествуваат и студенти по актерска игра од Сараево и Загреб,таа во текот на следната година ќе се одржи во рамките на јубилеите на Универзитетот и ФДУ.



6. По повод 20 годишнината на ФДУ во текот на октомври 1989 година, ќе биде изведен сценски колаж кој ќе ги презентира резултатите на студентите од сите години по предметите актерска игра,сценски говор и сценско движење и танци.

Сите споменати изведби ќе бидат изведени пред публика, а најрепрезентативните во некоја од театарските сали во Скопје бидејќи салата со која располага факултетот има само 120 седишта и не е технички опремена за поголеми театарски изведби. На плакатите ќе биде назначено дека сите овие изведби се одржуваат по повод 40 годишнината на Универзитетот и 20 годишнината на ФДУ.

Бидејќи ФДУ не располага со средства за плакатирање, а тоа е неопходно во овој случај, ја молиме Комисијата за одбележување на јубилејот да ни обезбеди 600.000 динари на име плакатирање и тоа 6 приредби по 100 плакати односно 600 плакати чија цена во моментот изнесува 1.000 динари.

Исто така би претставувало големо олеснување за ФДУ ако се компензираат минималните налатоци за изнајмување на театарска сала и тоа барем за две претстави кои ги плаќа факултетот и тоа на име материјални трошоци (струја,вода, хонорарно ангажирани работници и сл.) во износ од вкупно 1.200.000 динари.

Д Е К А Н,
Ред.проф.Александар Алексиев

# Декани и продекани

## 1979 - 1982



проф. Димитрие Османли, декан



проф. Татјана Петковска, продекан

## 1982 - 1983



проф. Љубиша Георгиевски, декан



проф. Костадин Дрваров, продекан

## 1983 - 1985

## 1985 - 1987

## 1991 - 1993



проф. Владимир Милчин, декан во три мандата (без продекан)

## 1987 - 1989



проф. Александар Алексиев, декан

## 1989 - 1991


проф. Владимир Милчин, декан


проф. Горан Стефановски, продекан

## 1993 - 1995


проф. Јорданчо ЧевРески, декан


проф. Мартин Панчевски, директор

## 1995 - 1999

два мандата

## 1999 - 2001


проф. Јорданчо ЧевРески, декан


проф. Апостол Трпески, продекан

## 2001 - 2005

## 2005 - 2009

три мандата

## 2009 - 2010


проф. Кирил Ристоски, декан


доц. Лазар Секуловски, продекан

## 2010 - 2011


вонр. проф. м-р Лазар Секуловски, в.д. декан

## 2011 - 2015


вонр. проф. м-р Лазар Секуловски, декан


вонр. проф. м-р Горан Трпчевски, продекан

## 2015 - 2019


ред. проф. м-р Лазар Секуловски, декан


ред. проф. м-р Мими Таневска Србиновска, продекан

# Наставен кадар




1994 1995 1996 1997 1998 1999 2000 2001 2002 2003 2004 2005 2006 2007 2008 2009 2010 2011 2012 2013 2014 2015 2016 2017 2018 2019
1
2
3
4
5
6
7
8
9
10
11
12
13
14
15
16
17
18
19
20
21
22

# Наставен кадар




1994 1995 1996 1997 1998 1999 2000 2001 2002 2003 2004 2005 2006 2007 2008 2009 2010 2011 2012 2013 2014 2015 2016 2017 2018 2019
23
24
25
26
27
28
29
30
31
32
33
34
35
36
37
38
39
40
41
42
43
44
45

# Наставен кадар

| | | 1969 | 1970 | 1971 | 1972 | 1973 | 1974 | 1975 | 1976 | 1977 | 1978 | 1979 | 1980 | 1981 | 1982 | 1983 | 1984 | 1985 | 1986 | 1987 | 1988 | 1989 | 1990 | 1991 | 1992 | 1993 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 46 | Мими Таневска | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 47 | Нада Петковска | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 48 | Горан Трпчевски | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 49 | Викторија Рангелова | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 50 | Зоја Бузалковска | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 51 | Маја Стевановиќ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 52 | Сашко Насев | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 53 | Ана Стојаноска | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 54 | Атила Клинче н. сор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 55 | Игор Стојчевски | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 56 | Куштрим Бектеши | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 57 | Хисмет Рамадани | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 58 | Владимир Павловски | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 59 | Дејан Илиев | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 60 | Кристина Леловац | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 61 | Бесфорт Идризи | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 62 | Александар Степанулески | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 63 | Катерина Момева | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 64 | Борјан Зафировски | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 65 | Никола Настоски | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 66 | Бојан Лазаров | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 67 | Сашо Кокаланов | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 68 | Илија Циривири | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Помлад асистент · Асистент · (виш) предавач/ насловен доцент · Доцент · Вонреден професор · Редовен професор · Надворешен соработник · Починат


1994
1995
1996
1997
1998
1999
2000
2001
2002
2003
2004
2005
2006
2007
2008
2009
2010
2011
2012
2013
2014
2015
2016
2017
2018
2019
46
47
48
49
50
51
52
53
54
55
56
57
58
59
60
61
62
63
64
65
66
67
68

# катедри

факултет за драмски уметности





# Катедра за
# ДРАМСКИ АКТЕРИ

Историјатот на оваа катедра е тесно поврзан со историјатот на ФДУ, зашто Катедрата за драмски актери е најстариот оддел на овој факултет и, цели 17 години, единствен. Одделот за драмски актери е основан на 4 ноември 1969 година, при Високата музичка школа во Скопје, како резултат на повеќегодишни подготовки и напори да се овозможи образование на актери и во тогашна Република Македонија, како дел од пошироката заедница на СФРЈ.

Големиот интерес на културната и пошироката јавност за отворање ваков оддел, се согледува и во бројот на запишани во првата година на новоотворените студии, кога на Одделот за драмски актери се запишале седумнаесет студенти, од кои поголемиот дел веднаш се вработиле во повеќе театри низ земјата.


ДРАГОЦЕНА ПОДРШКА СТАРИЈИХ КОЛЕГА: Мајда Тушар, Ђорђе Кољозов и Лиљана Вељанова

ИЗ СКОПСКИХ ПОЗОРИШТА

НОВАЈЛИЈЕ ДОБРО СТАРТОВАЛЕ

ОВЕ године из школске клупе је изашла прва генерација студената Одсека за глуму на Високој музичкој школи у Скопљу. Поводом тога питали смо неке од њих како се осећају као чланови професионалних ансамбала у скопским позориштима кућама.

Мајда ТУШАР — члан Драмског позоришта:

— Играла сам и раније у позоришту, па прелаз са Академије у позориште није ми представљао проблем. [illegible]

[illegible] радили, па су ме прихватили сад као своју.

Ђорђе КОЉОЗОВ — члан Македонског народног театра:

— У кући сам одлично примљена од стране старијих колега. Одмах сам добио велику улогу у „Хелдерлину". Понекад и мале улоге избацују глумца на површину.

Лиљана ВЕЉАНОВА — члан Драмског театра:

— Не могу рећи да ми није било тешко у почетку. С обзиром да сам за време школовања играла у првим пред[illegible]

[illegible] ставама дако се њихов [illegible] професионални живот. Коле[illegible] ге имају разумевања за нас млађе и труде се да нам као [illegible] лико могу помогну.

Кирил ПСАЛТИРОВ — члан Македонског народног театра:

— Млади глумац у почетку мора да прати рад старијих колега и да учи од њих. Они у томе доста помажу.

Н. Л. ТБ

Така започнува идејата за подготовка на високообразовни кадри и во актерската уметност. За прв шеф на Одделот е избран вонр. проф. Илија Милчин, а како наставници се ангажирани повеќе истакнати театарски уметници и други стручњаци од сродните и потребни области, како: Димитрие Османли, Благоја Андреев, Вукосава Донева, Вукан Диневски, Бранко Пендовски, д-р Георги Сталев, а малку подоцна во наставата се вклучуваат и Илија Цувалековски, Димитар Ќостаров, Тодорка Кондова-Зафировска, Љубиша Георгиевски, Владимир Милчин, Татјана Петковска, Матеја Матевски, Благоја Иванов, Георги Старделов, Костадин Дрваров, Благој Корубин, д-р Миодраг Мицев, Александар Алексиев, Благој Цанев, Благоја Николовски, д-р Борис Петковски, д-р Цветан Грозданов и др.

Подоцна, шефови на Одделот биле и Илија Цувалековски и Вукан Диневски.



Прв шеф на Одделот
Илија Милчин



проф. Илија
Цувалековски



проф. Вукан
Диневски

Резултатите од основањето и постоењето на овој оддел се веднаш видливи, зашто повеќето од дипломираните брзо стануваат водечки актери во светот на театарот и на филмот и ги креваат институциите од овие области на едно видливо повисоко ниво, брзо препознаено и надвор од границите на тогашна Република Македонија. Поголемиот дел од нив стануваат составен и неодминлив дел од македонскиот современ театар во годините на неговиот силен подем.

И по формирањето на Факултетот за драмски уметности како засебна образовна установа во 1979 година и во наредните шест години, сè до 1986 година, овде сè уште се школуваат само драмски актери.

Од 1995 година на Катедрата за драмски актери, овозможено е следење настава и полагање испити (Актерска игра и Сценски говор) на мајчин јазик за студентите од албанска и турска етничка припадност. Така, постепено, се оформуваат класи драмски актери со познавање на албанскиот и на турскиот јазик, кои еднаш во четири години примаат нови кандидати.



проф. Димитрие Османли



проф. Тодорка Кондова Зафировска



проф. Димитар Ќостаров



проф. Љубиша Георгиевски



проф. Владимир Милчин



проф. Татјана Петковска



проф. д-р Александар Алексиев



проф. д-р Матеја Матевски



проф. д-р Благоја Иванов



проф. Костадин Дрваров



проф. Слободан Унковски

проф. Кирил Ристоски



проф. м-р Владо Цветановски



проф. Данчо Чевречки





корепетитор Павлина Митова

На ФДУ во моментов наставата по Актерска игра се одвива паралелно во пет класи – три на македонски јазик и по една на албански и на турски јазик.

Катедрата за драмски актери е најбројна и во смисла на професори и предмети кои ѝ припаѓаат. На оваа катедра својот работен век го поминале некои од најеминентните имиња на македонското глумиште и театарската режија. Освен веќе споменатите професори, кои предавале уште на првиот оддел во рамките на Високата музичка школа, по 1979 година свои класи воделе или држеле настава по други стручни предмети и проф. Слободан Унковски (класа драмски актери), проф. Кирил Ристоски (класа драмски актери), проф. м-р Владо Цветановски (класа драмски актери), проф. Данчо Чевречки (Актерска игра пред камера).



проф. д-р
Сузана
Киранџиска



проф. м-р Мими
Таневска

проф. м-р
Рефет
Абази



проф. м-р Зоја
Бузалковска



проф. д-р
Тихомир
Стојановски





проф. м-р
Кренаре
Невзати – Кери



вонр. проф.
м-р Атила
Клинче



доц. д-р
Валентина
Божиновска

доц. м-р
Кристина
Лeловац





доц. м-р
Хисмет
Рамадани



насл. доц. м-р
Александар
Степанулески

доц. м-р
Никола
Настоски





**проф. м-р Елјеса Касо**

**проф. м-р Синоличка Трпкова**



**насл. доц. м-р Бесфорт Идризи**





**доц. м-р Бојан Лазаров**

Денес активни професори кои водат свои класи и предаваат Актерска игра се: проф. д-р Сузана Киранџиска, проф. м-р Мими Таневска, проф. м-р Зоја Бузалковска, проф. м-р Рефет Абази и проф. м-р Елјеса Касо, со соработниците: доц. м-р Хисмет Рамадани и доц. м-р Кристина Леловац.

Други предметни професори на оваа катедра се: проф. Кренаре Невзати – Кери (Сценски движења и танци), проф. д-р Тихомир Стојановски (Сценски говор), проф. м-р Синоличка Трпкова (Филмска, ТВ и радио игра), доц. м-р Никола Настоски (Техника на глас), доц. д-р Валентина Божиновска (Македонски јазик со правоговор) и доц. м-р Бојан Лазаров (Сценски движења и танци). Долгогодишен соработник на предметот Сценски движења и танци беше корепетитор Павлина Митева, денес во пензија.

На оваа катедра предаваат и неколку надворешни соработници: вонр. проф. м-р Атила Клинче (Сценски говор со техника на глас на турски јазик); насл. доц. м-р Бесфорт Идризи (Сценски говор со техника на глас на албански јазик) и насл. доц. м-р Александар Степанулески (Актерска игра, класа на проф. м-р Зоја Бузалковска).

Шефовите, подоцна раководители на катедри, циклично се менуваат. Во изминатиот период, шефови, односно раководители на Катедрата за драмски актери биле проф. Љубиша Георгиевски, проф. Владимир Милчин, проф. Кирил Ристоски, проф. Данчо Чевревски, проф. м-р Мими Таневска. Актуелен раководител на Катедрата за драмски актери е проф. м-р Зоја Бузалковска.

Додипломските студии на Катедрата за драмски актери се четиригодишни. Предметната програма по Актерска игра се изведува по принцип на класи. Еден професор и еден соработник водат една класа во текот на целото студирање. Во еден краток период, направен е обид да се напушти ваквиот начин на студирање и една класа да ја водат повеќе професори во различни години од студиите, но новиот концепт е брзо напуштен, за повторно да се востанови старата практика. Класите ги сочинуваат најмногу 10 студенти, што овозможува и индивидуален и колективен пристап во наставата.

Студиската програма на оваа катедра се состои од задолжителни стручни предмети како: Актерска игра, Сценски говор, Техника на глас, Сценски движења и танци, Филмска, ТВ и радио игра, како и задолжителните теориски предмети: Историја на светска драма и театар, Македонска драма и театар и Историја на уметноста. Освен задолжителните, во рамките на оваа студиска програма се изучуваат и многу изборни предмети, како: Сценски борби и акробатика, Соло пеење, Македонски јазик со правоговор, Психологија со психопатологија, Основи на театарска режија, Основи на филмска и ТВ режија, Интерпретација на сонг во театарот, Интерпретации на Шекспир, Историја на филм, Основи на менаџмент во културата и уметноста, Интерпретација на митовите, Сценографија, Костимографија, Основи на маркетинг во културата и др.

Предметот Актерска игра, како најобемен, е основен и единствен осумсеместрален предмет на овие студии. Започнувајќи од наставна програма градена на индивидуални и колективни вежби и етиди, како и изучување на стручната терминологија во првата година од студиите, студентите во текот на втората година го изучуваат психолошкиот реализам и Школата на Станиславски, потоа пристапот „од надвор кон внатре“ преку различни модели на негово негување, за подоцна, во текот на третата година од студиите да се запознаат со стихот и да ги изучуваат стиловите и жанровите. Седмиот и осмиот семестар се состојат од работа на дипломска претстава, каде идните актери можат најнепосредно да се соочат со создавањето на една професионална продукција во сите нејзини фази, како и да имаат можност да работат со поширокиот креативен, но и технички тим, вообичаено вклучен во еден театарски процес. Од овие причини, дипломската претстава најчесто се прави во соработка со професионален театар.

Останатите предмети ја следат и ја дополнуваат оваа зададена рамка, со цел изградба на комплетен актер, со богат опсег на знаења, можности и способности.

Програмата на Катедрата за драмски актери има за цел: формирање творечки и самостојни личности кои, врз основа на стекнатите сознанија, алатки и работа, со студирањето ги имаат сите предиспозиции да прераснат во авторски личности од уметнички профил; насочување кон автентичност, вистинитост на сценското дејство и конкретност во актерскиот израз; ослободување и развивање на креативниот потенцијал и подготовка за театарската уметност, пред сѐ како колективен чин и театарот како општествен и естетски феномен во кој може да партиципираат само цврсто изградени индивидуи.

Од 2010 година, на Катедрата за драмски актери се воведени и постдипломски (мастер) уметнички студии, а од 2014 год. предметот Актерска игра е дел од докторските уметнички студии на Факултетот.

Генерациите актери, школувани на Факултетот за драмски уметности, во овој миг се движечка сила на театарското, филмското и телевизиското творештво. Нивното актерско мајсторство е препознаено и наградувано на најпознатите театарски и филмски фестивали во земјата и надвор од неа. Ова нѐ обврзува и понатаму да ги развиваме студиските и наставните програми и да наоѓаме начини за што побогата практична проверка на она што студентите го учат во текот на студиите. Визиите за унапредување на студиската програма и на наставата на Катедрата за драмски актери, се движат кон збогатување на содржините во смисла на нови изборни предмети, што ќе овозможат потесна специјализација за одредени пристапи во актерската игра, досега помалку познати кај нас. Ова подразбира покана на гостувачки професори од други универзитети и земји, кои се специјалисти за конкретните пристапи. Но, исто така и почестото испраќање на сопствениот кадар на дообука или специјализација во потесни области преку посета на сертифицирани курсеви и семинари, би создало услови за збогатување на наставната програма со нови содржини. Катедрата би добила многу ако ја интензивира својата соработка со универзитети и факултети за драмски уметности од Европа и од светот, со постојана размена на професори, содржини, испитни претстави, студенти. Исто така, мрежното поврзување со асоцијации кои преку конференции, работилници или креативни средби работат на осовременувањето на педагошкиот пристап на факултетите и академиите за драмски уметности, би ја изострило перцепцијата на можните нови приоди кон подобар образовен процес. Ова сето подразбира и генерално подобрување на условите за студирање, во смисла на инфраструктура и технологија, што е предуслов за добивање појасна слика за природата на професијата и нејзините можности.

# 1969-1973




**ВИСОКА МУЗИЧКА ШКОЛА**

**Оддел ДРАМСКИ АКТЕРИ**

Класа на вонр. проф. **ИЛИЈА МИЛЧИН**




## Прва класа






# 1970-1974

Класа на
доц. **ДИМИТРИЕ ОСМАНЛИ**



**ВИСОКА МУЗИЧКА ШКОЛА**

**Оддел ДРАМСКИ АКТЕРИ**

# 1971-1975

Класа на
пред. **ВЛАДИМИР МИЛЧИН**
и доц. **ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ**









**ВИСОКА МУЗИЧКА ШКОЛА**

**Оддел ДРАМСКИ АКТЕРИ**

# 1972-1976

**ВИСОКА МУЗИЧКА ШКОЛА**
**Оддел ДРАМСКИ АКТЕРИ**

Класа на
вонр. проф. **ИЛИЈА ЦУВАЛЕКОВСКИ**



ПОДАТОЦИ ЗА ИСПИТИТЕ
Кандидатот Стојановски Ненад
Положи успешно — писмен испит од:
Актерска игра
и доби оценка 9 девет
Датум на испитот 19.06.1975
Испитувач, Претседател,



ПОДАТОЦИ ЗА ИСПИТИТЕ
Кандидатот
Положи успешно — писмен испит од:
Актерска игра
и доби оценка 10 десет
Датум на испитот 5.VI.1976 год.
Испитувач, Претседател,



СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ КИРИЛ И МЕТОДИЈ — СКОПЈЕ
ВМШ факултет
Дос. бр. 422
ИНДЕКС
Стојановски М. Ненад
роден 19.VIII 1952 година во Скопје СР Македонија
СФРЈ
редовен
ВМШ
1972/73
422

# 1973-1977

**ВИСОКА МУЗИЧКА ШКОЛА**
**Оддел ДРАМСКИ АКТЕРИ**

Класа на
проф. **ИЛИЈА МИЛЧИН**
и вонр. проф. **ДИМИТРИЕ ОСМАНЛИ**



# 1974-1978

**ВИСОКА МУЗИЧКА ШКОЛА**
**Оддел ДРАМСКИ АКТЕРИ**

Класа на
доц. **ВУКАН ДИНЕВСКИ**

# 1975-1979

**ВИСОКА МУЗИЧКА ШКОЛА**
**Оддел ДРАМСКИ АКТЕРИ**

Класа на
доц. **ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ**

# 1976-1980

Класа на
доц. **ТОДОРКА КОНДОВА-ЗАФИРОВСКА**






**ВИСОКА МУЗИЧКА ШКОЛА**

**Оддел ДРАМСКИ АКТЕРИ**

# 1977-1981

**ВИСОКА МУЗИЧКА ШКОЛА**
**Оддел**
**ДРАМСКИ АКТЕРИ**

Класа на
проф. **ДИМИТАР ЌОСТАРОВ**

Класа на
вонр. проф. **ВУКАН ДИНЕВСКИ**



НА СЦЕНАТА ВО МНТ ВО СКОПЈЕ

## На дипломски испит

Дипломците од класата на Вукан Диневски, од Факултетот за драмска уметност од Скопје, во сабота, на сцената во Македонскиот народен театар ја одиграа својата дипломска претстава.

Шестмината дипломци: Силвија Јовановска, Катерина Коцевска, Викторија Анѓушева, Атила Клинче, Лазе Манасковски и Страшо Милошевски (со два настапи од 17.30 и 20 часот) својот прв професионален чекор го направија со претставата „Сврти се во гнев" на Џон Озборн.

ДИПЛОМЦИТЕ ОД КЛАСАТА НА ВУКАН ДИНЕВСКИ

10 страница

ВЕЧЕР ☆ 22 јуни 1982 година



## Свртување кон професијата

**ВИСОКА МУЗИЧКА ШКОЛА**

**Оддел ДРАМСКИ АКТЕРИ**







**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

**Оддел ДРАМСКИ АКТЕРИ**

Класа на
вонр. проф. **ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ**
пом. асс. **Кирил Ристоски**






# 1980-1984

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**
**Оддел ДРАМСКИ АКТЕРИ**

Класа на
вонр. проф. **ТОДОРКА КОНДОВА-ЗАФИРОВСКА**
и доц. **СЛОБОДАН УНКОВСКИ**

# 1981-1985





**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**
**Оддел ДРАМСКИ АКТЕРИ**

Класа на
доц. **ВЛАДИМИР МИЛЧИН**







**СИНОКА ВО ДРАМСКИОТ ТЕАТАР ВО СКОПЈЕ**

**ДЕНЕС, УТРЕ И ЗАДУТРЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ**

## Дипломска претстава на 11 артисти

Синоќа на сцената во Драмскиот театар во Скопје, со изведбата на претставата „Соблазна во Шентфлоријанската долина" од Иван Цанкар, дипломираше најновата генерација актери од Факултетот за драмска уметност во Скопје, во класата на професор Владимир Милчин.

Пред скопската театарска публика, задолжителниот дипломски испит со успех го положија младите и новопечени драмски артисти: Иванчо Ѓошевски, Сузана Киранџиска, Ердоан Максути, Ана Костовска, Ванчо Мелев, Елизабета Кочовска, Бобан Недевски, Перо Георгиевски, Елјеса Касо, Александар Диневски и Љупчо Бресловски.

Ц. П.

## Предавања на Дуња Тот од Загреб

Денес, утре и задутре на Факултетот за драмска уметност во Скопје, ќе се одржат неколку предавања на мр Дуња Тот, наставник на Академијата за театар, филм и телевизија во Загреб. Познатата гостинка од Загреб пред скопските студенти ќе зборува на следниве теми: „Психологија на уметноста" и „Психологија на актерската уметност".

Предавањата ќе се одржат во салата на Факултетот со почеток во 13 часот.

Ц. П.

ВЕЧЕР ☆ 8 мај 1985 година











ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ

## ОТВОРАЊЕ КОН ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

24 јуни 1981 г.

● ВО ФАЗА НА ЕЛАБОРИРАЊЕ Е ИДЕЈАТА, ОД ПРЕТСТОЈНАТА УЧЕБНА ГОДИНА ДА СЕ НАДМИНЕ СИСТЕМОТ НА ШКОЛУВАЊЕ ПО КЛАСИ И ДА СЕ ПОМИНЕ НА ЕДИНСТВЕНА ЕДУКАТИВНА ПРОГРАМА

[illegible]

Л. М.

# 1982-1986

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

**Оддел ДРАМСКИ АКТЕРИ**

Класа на вонр. проф. **ВУКАН ДИНЕВСКИ**

# 1983-1987

Класа на вонр. проф. **ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ**
и доц. **СЛОБОДАН УНКОВСКИ**
асс. **Кирил Ристоски**



ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ – СКОПЈЕ

ДИПЛОМСКА ПРЕТСТАВА

Вилијам Шекспир

„СОН НА ЛЕТНАТА НОЌ"

| | |
|---|---|
| Тезеј | Витанов Јордан |
| Хиполита | Јакоска Соња |
| Егеј | Мемети Нехат |
| Лизандар | Огненовски Сашо |
| Деметар | Сухат Мустафа |
| Филострат | Малинков Александар |
| Хермија | Кадриова Рујиш |
| Елена | Киселичка Дубравка |
| Оберон | Леви Нино |
| Титанија | Вртева Мери |
| Задрогаз | Здравкова Соња |
| Петре Шајка | Бојковски Љубомир |
| Коле Мотало | Стојановски Тихомир |
| Санде Свирчето | Хаџистојанов Љупчо |
| Томе Муцка | Трпкова Синоличка |
| Туткун | Малинков Александар |
| Гоце Гладник | Мемети Нехат |

Вили, дворјани и др.

Годината ја водел вон. проф. Унковски Слободан
Асистент: Кирил Ристоски

МНТ – СТАР ОБЈЕКТ

08. 06. 1987 г. во 20 часот

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

**Оддел ДРАМСКИ АКТЕРИ**

# 1984-1988




Класа на
вонр. проф. **ВЛАДИМИР МИЛЧИН**
и доц. **СЛОБОДАН УНКОВСКИ**
пом. асс. **Владо Цветановски**



НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

**Изложба на Британски драмски дела**

Утре во 18,00 часот во просториите на Факултетот за драмски уметности во Скопје ќе биде отворена изложбата „Современи британски драмски автори". Организатор на изложбата е Факултетот за драмски уметности од Скопје во соработка со Британскиот совет од Белград.

По отворањето на изложбата студентите од III година на факултетот за драмски уметности ќе ја изведат едночинката „Дисциплинска мерка" од Бертолд Брехт.

Изложбата ќе биде отворена до 15 март.

Ц. П.

ВЕЧЕР ☆ 28 февруари 1984 година

**Предавања, проекции и средба со Антоан Витез**

**Изложба на Никица Рајчевиќ**

ВЕЧЕР ☆ 17 април 1984 година

ДОМ НА МЛАДИТЕ „25 МАЈ" – СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ

НОВОГОДИШНА ПРОГРАМА

А АКО ИМА ВЕЈАВИЦА И ДЕДО МРАЗ ДОБИЕ КИЈАВИЦА?

*играат, свират, пеат и ве забавуваат студенти на факултет за драмски уметности*

*Вале, Тања, Данче, Сенко, Рефет, Владо, Кили, Љац и гостите Џони и Ачек*

Секоја сабота и недела со почеток од 11,00 и 12, 00 ч.
останатите денови од 16,30 ч. почнувајќи од 20. 12. '86 до 28. 12. '86 г.

Билети на каса на Домот на младите „25 Мај"

Класа на
вонр. проф. **ВЛАДИМИР МИЛЧИН**
и ред. проф. **ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ**

ВЕЧЕРВА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

## МОНОДРАМСКИ НАСТАП НА ТИХОМИР СТОЈАНОВСКИ

Вечерва, во 20 часот, на Факултетот за драмска уметност во Скопје, театарската работилница ФФ премиерно ќе ја изведе претставата „Последниот скок на Џек Лондон" — работена и реализирана како сценска исповед на Тихомир Стојановски, студент на Факултетот за драмска уметност и член на Театарската работилница. Младиот актер за својот вечерашен монодрамски настап вели дека е производ на борбата што секој актер ја носи во себе, борбата на доброто и злото, вербата и сомневањата, вистината и лагата...

Сценскиот проект „Последниот скок на Џек Лондон" е всушност компилација на текстови од повеќе автори меѓу кои: В. Шекспир, А. П. Чехов, К. Рацин Н. Ј. Вапцаров, Т. Ујевиќ, Ж. Превер, Б. Иванов, С. Есенин, и други. Името на сценската исповед е позајмено од истоимената песна на Јован Најденовски, додека изборот на музиката во која се содржани и творби од Ј. С. Бах го направи Сашо Георгиев.

Џ. П.

ВЕЧЕР ☆ 21 ноември 1985 година

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**
**Оддел ДРАМСКИ АКТЕРИ**

# 1987-1991

Класа на вонр. проф. **ВЛАДИМИР МИЛЧИН**
асс. **Данчо Чеврески**; асс. **Мони Дамевски**
вонр. проф. **СЛОБОДАН УНКОВСКИ**
и проф. **ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ**





**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

**Оддел ДРАМСКИ АКТЕРИ**

# 1988-1992

Класа на доц. **КИРИЛ РИСТОСКИ**
асс. **Владо Цветановски**
проф. **ДИМИТРИЕ ОСМАНЛИ**
асс. **Синоличка Трпкова**





Класа на
проф. **ВЛАДИМИР МИЛЧИН**
асс. **Сузана Киранџиска**









## Факултет за драмски уметности - Скопје

## Едвард Бонд

# ЖЕНА

Превод од англиски: Дејан Дуковски

### СЦЕНИ ОД ВОЈНАТА

**ГРЦИ:**

Исмена .......... Елена Мошевска
Херос .......... Драган Довлев
Нестор .......... Горан Стојановски
Терситес .......... Игор Мацџиров
Ајакс .......... Никола Ристановски

**ТРОЈАНЦИ:**

Хекуба .......... Маја Стојановиќ
Касандра .......... Маја Вељковиќ
Свештеник .......... Тони Михајловски
Заразени жени .... { Билјана Таневски, Звездана Ангеловска

### СЦЕНИ ОД СЛОБОДАТА

Исмена .......... Звездана Ангеловска
Хекуба .......... Билјана Таневски
Нестор .......... Горан Стојановски
Херос .......... Драган Довлев
Човекот .......... Тони Михајловски
Селани .......... { Маја Вељковиќ, Игор Мацџиров, Елена Мошевска, Маја Стојановиќ

Класата ја водеа

проф. Владимир Милчин
асис. Сузана Киранџиска

---

Факултет за драмски уметности
Скопје

ДИПЛОМСКИ ИСПИТ
ПО АКТЕРСКА ИГРА

## Едвард Бонд

# ЖЕНА

9 ЈУНИ 1993, 20.00часот
Театар ЦЕНТАР

---

ЗАБЕЛЕШКА

Владимир Јачев, кој отсуствуваше три месеци заради школување на Британско-американската академија во Лондон, својот дипломски испит ќе го полага во септември.

# 1990-1994

Класа на доц. **КИРИЛ РИСТОСКИ**
асс. **Владо Цветановски**








# 1991-1995



Класа на проф. **ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ**
асс. **Синоличка Трпкова**










# 1993-1997

Класа на проф. **ВЛАДИМИР МИЛЧИН**
асс. **Сузана Киранџиска**











Класа на вонр. проф. **КИРИЛ РИСТОСКИ**
асс. **Владо Цветановски**







# 1995-1999



Класа на проф. **ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ**
асс. **Веби Ќерими**, асс. **Рефет Абази,**
асс. **Фирдаус Неби** и асс. **Елјеса Касо**







## ДРАМСКИ АКТЕРИ - МЕШОВИТА КЛАСА СО ВЛАДЕЕЊЕ НА АЛБАНСКИ И НА ТУРСКИ ЈАЗИК

# 1997-2001



Класа на проф. **ВЛАДИМИР МИЛЧИН**
асс. **Сузана Киранџиска**























# 1998-2002

Класа на вонр. проф. **КИРИЛ РИСТОСКИ**
доц. **ВЛАДО ЦВЕТАНОВСКИ**
пом. асс. **Зоја Бузалковска**













Класа на проф. **ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ**
проф. **СЛОБОДАН УНКОВСКИ**
и доц. **ВЛАДО ЦВЕТАНОВСКИ**
пом. асс. **Мими Таневска**










# 1999-2003



Класа на доц. **ВЛАДО ЦВЕТАНОВСКИ**
асс. **Фирдаус Неби**
и доц. **Ељеса Касо**

## ДРАМСКИ АКТЕРИ СО ВЛАДЕЕЊЕ НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК

Класа на доц. **РЕФЕТ АБАЗИ**



## ДРАМСКИ АКТЕРИ СО ВЛАДЕЕЊЕ НА ТУРСКИ ЈАЗИК

Класа на проф. **ВЛАДИМИР МИЛЧИН**
асс. **Сузана Киранџиска**



# 2002-2006

Класа на проф. **КИРИЛ РИСТОСКИ**
асс. **Зоја Бузалковска**



















## ДРАМСКИ АКТЕРИ СО ВЛАДЕЕЊЕ НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК

Класа на доц. **РЕФЕТ АБАЗИ**







Класа на доц. **ЕЛЈЕСА КАСО**

## ДРАМСКИ АКТЕРИ СО ВЛАДЕЕЊЕ НА ТУРСКИ ЈАЗИК

# 2003-2007



Класа на
доц. **ВЛАДО ЦВЕТАНОВСКИ**
асс. **Мими Таневска**





# 2005-2009



Класа на
проф. **ВЛАДИМИР МИЛЧИН**
и насл. доц. **СУЗАНА КИРАНЏИСКА**







# 2006-2010

Класа на проф. **КИРИЛ РИСТОСКИ**
и насл.доц. **ЗОЈА БУЗАЛКОВСКА**






















# ДРАМСКИ АКТЕРИ СО ВЛАДЕЕЊЕ НА ТУРСКИ ЈАЗИК

Класа на вонр. проф. **ЕЛЈЕСА КАСО**







# 2007-2011

Класа на вонр. проф. **ВЛАДО ЦВЕТАНОВСКИ**
и насл. доц. **МИМИ ТАНЕВСКА**









# 2007-2011

Класа на вонр. проф. **РЕФЕТ АБАЗИ**
асс. **Хисмет Рамадани**

## ДРАМСКИ АКТЕРИ СО ВЛАДЕЕЊЕ НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК

# 2009-2013

Класа на проф. **ВЛАДИМИР МИЛЧИН**
и доц. м-р **СУЗАНА КИРАНЏИСКА**
асс. м-р **Кристина Леловац**











Класа на проф. **КИРИЛ РИСТОСКИ**
и вонр. проф. м-р **ЗОЈА БУЗАЛКОВСКА**










# 2011-2015

Класа на проф. м-р **ВЛАДО ЦВЕТАНОВСКИ**
вонр. проф. м-р **МИМИ ТАНЕВСКА**
и вонр. проф. м-р **ЗЛАТКО СЛАВЕНСКИ**













Класа на
вонр. проф. м-р **МИМИ ТАНЕВСКА**









# 2011-2015

Класа на проф. м-р **ЕЛЈЕСА КАСО**







**ДРАМСКИ АКТЕРИ СО ВЛАДЕЕЊЕ НА ТУРСКИ ЈАЗИК**

# 2013 - 2017

Класа на вонр. проф. д-р **СУЗАНА КИРАНЏИСКА**
и доц. м-р **КРИСТИНА ЛЕЛОВАЦ**










# 2014-2018

Класа на проф. м-р **ЗОЈА БУЗАЛКОВСКА**
и насл. доц. м-р **АЛЕКСАНДАР СТЕПАНУЛЕСКИ**












Класа на
проф. м-р **МИМИ ТАНЕВСКА**






# 2015-2019

Класа на проф. м-р **РЕФЕТ АБАЗИ**
и доц. м-р **ХИСМЕТ РАМАДАНИ**







**ДРАМСКИ АКТЕРИ
СО ВЛАДЕЕЊЕ НА
АЛБАНСКИ ЈАЗИК**

# 2015-2019

## ДРАМСКИ АКТЕРИ СО ВЛАДЕЕЊЕ НА ТУРСКИ ЈАЗИК

Класа на
проф. м-р **ЕЉЕСА КАСО**











# 2017-2021

Класа на проф. д-р **СУЗАНА КИРАНЏИСКА**
и доц. м-р **КРИСТИНА ЛЕЛОВАЦ**











Класа на проф. м-р **ЗОЈА БУЗАЛКОВСКА**
и насл. доц. м-р **АЛЕКСАНДАР СТЕПАНУЛЕСКИ**







# 2019-2023

Класа на проф. м-р **МИМИ ТАНЕВСКА**



# 2019-2023

## ДРАМСКИ АКТЕРИ СО ВЛАДЕЕЊЕ НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК

Класа на проф. м-р **РЕФЕТ АБАЗИ**
и доц. м-р **ХИСМЕТ РАМАДАНИ**

## ДРАМСКИ АКТЕРИ СО ВЛАДЕЕЊЕ НА ТУРСКИ ЈАЗИК

Класа на проф. м-р **ЕЉЕСА КАСО**







Од јубилејниот настан „20 години работа на ФДУ“ на проф. м-р **КРЕНАРЕ НЕВЗАТИ-КЕРИ**







1. Настап на студентите од класа 2001-2005 под водство на проф. м-р **КРЕНАРЕ НЕВЗАТИ – КЕРИ**

2. Настап на ФОН со краткиот перформанс „Dame La Libertad“, 2017

Испит по Сценски движења и танци на проф. м-р **КРЕНАРЕ НЕВЗАТИ-КЕРИ**













1.



2.



3.



4.

1. Класи 2011-2015 по испитот по Сценски движења и танци, со проф. м-р Кренаре Невзати – Кери и со професорите по Актерска игра

2. Класа драмски актери 2013-2017, заедно со класите драмски актери, театарска режија и театарска и филмска драмтургија, 2014-2018, по испитпт по Сценски движења и танци

3 и 4. Студенти од класата 2018-2022 со проф. д-р Тихомир Стојановски по настапот во гимназијата „Никола Карев“, во рамките на програмата по Сценски говор



Проф. м-р **КРЕНАРЕ НЕВЗАТИ-КЕРИ** со класа 2006 - 2010



Катедра за

# ТЕАТАРСКА РЕЖИЈА

Студиите за театарска режија првпат се формирани во 1986 година, како Оддел по режија и драматургија (во студиска програма во која паралелно се изучува и филмска режија). На првата класа режисери, Театарска режија им предава еден од најзначајните и најнаградуваните современи македонски режисери, проф. Љубиша Георгиевски. Но, по оваа прва класа, од 1990 година па сè до неговото пензионирање во 2012 година, Програмата за театарска режија ја презема, ја осмислува и ја води проф. Слободан Унковски, водечко режисерско име, не само во македонскиот туку и во поширокиот балкански, европски и светски контекст и, веројатно, најнаградуваниот македонски режисер. Во 1994 година, од Одделот се формираат три засебни катедри: Катедра за драматургија, Катедра за театарска и Катедра за филмска режија. Раководител на Катедрата за театарска режија е проф. Унковски и останува на тоа место сè до пензионирањето во 2012 година.



проф. Љубиша Георгиевски



проф. Слободан Унковски

Од 2012 година, па сè до неговата ненадејна смрт во 2019 година, раководител на Катедрата за театарска режија е истакнатиот театарски режисер, проф. м-р Златко Славенски. Актуелен раководител на Катедрата е доц. м-р Куштрим Бектеши.



проф. м-р Златко Славенски

Наставната програма на оваа катедра се базира на ставот дека режија се учи со анализа на методи на значајни автори од областа, но и со голем број практични вежби од режија под супервизија на наставникот.

Програмата се развива според ЕКТС и тоа во две насоки: а) Специјализиран курс по театарска режија и б) Индивидуална стратегија за развој на способностите, знаењата и талентот (за секој студент одделно).



доц. м-р Куштрим Бектеши

Специјализираниот курс по театарска режија се темели на современите сознанија и методи на театарската режија, особено преку проучување на значајните имиња за развој на режијата - со акцент на режисери од XX век и на техники и пристапи за работа со актер.

Програмата во голем дел се фокусира на читањето и анализата на драмскиот текст, како предуслов за развој на концептот и понатаму на претставата. Посебен дел е правењето анализа на современиот репертоар и следењето на работата – подготовки, проби и анализа на готовата претстава.

За Индивидуалната стратегија се собираат елементи во текот на првата година, а практично се применуваат во втората и третата наставна година. Таа се темели на консултации, вежби, друга литература и поставување специфични индивидуални цели во рамките на дадената програма за наставната област.

Наставата по предметната програма за театарска режија се содржи од предавања, презентација на студентите, индивидуални и колективни вежби во рамките на класата, поставување на делови од сцени, сцени, едночинки и драмски текстови со студенти од ФДУ и со актери надвор од ФДУ, асистирање во професионалните театри и др. Писмените семинарски работи се практикуваат како форма за обработка на специфични теоретски прашања.

Од 2010 година и Катедрата за театарска режија отвори постдипломски студии, кои ги водеше проф. Слободан Унковски, со анимирање на голем број домашни и странски студенти, од кои некои се веќе еминентни имиња во македонскиот и во балканскиот театар. Од 2014 година, предметот Театарска режија стана составен дел од докторските уметнички студии.

Катедрата за театарска режија и во иднина ќе продолжи да ја практикува методологијата на студирање воспоставена од проф. Слободан Унковски, која во континуитет беше применувана и од проф. м-р Златко Славенски.

Со цел проширување на знаењата од областа и запознавање со различните пристапи и методи во читањето на драмските текстови и во режирањето на театарските претстави, план-програмата за Катедрата за театарска режија во иднина предвидува дополнителни часови одржани од визитинг-професори и режисери, кои со нивните дела оставиле белег на домашната и на меѓународната театарска сцена. Исто така, битен акцент во иднина ќе се даде на поголема практика вон часовите предвидени во основната наставна програма – т.н. „теренско учење“, преку мотивирање на студентите, со што би имале повеќе асистирања во процесот на создавање театарска претстава во професионалните театарски куќи.

# 1986-1990

**ПРВА ГЕНЕРАЦИЈА РЕЖИЈА**
Класа на проф. **ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ**


1


2

1. (од лево кон десно) Дејан Дуковски и Сашо Миленковски во времето на студиите;
2. (од лево кон десно) Бранко Ѓорчев, Сашо Миленковски, Владимир Ендровски-Љац и Перо Георгиевски;
3. „Розенкранц и Гилденстерн се мртви“, дипломска претстава на Златко Славенски

# 1990-1994

**ВТОРА ГЕНЕРАЦИЈА РЕЖИЈА**
Класа на вонр. проф. **СЛОБОДАН УНКОВСКИ**
и доц. **СТОЛЕ ПОПОВ**
пом. асс. **Антонио Митриќески**


3


3

1. „Розенкранц и Гилденстерн се мртви“, дипломска претстава на Златко Славенски;

2. Искра Стојковска со колеги и со доц. Кренаре Невзати-Кери на пробите на „FUCK YOU!“ во Мала станица;

3. Златко Славенски со Милица Стојанова – „Време за сонување“, 1993

4. Златко Славенски, Никола Ристановски и Александар Поповски во време на студиите;



1



2







3



4















3



1. Александар Поповски со екипата на „Љубовта на Перлимплин и Белиса“

2. „Љубовта на Перлимплин и Белиса“, испитна претстава за трета година на Александар Поповски

3. „Туку така под облака“, претстава на Дарко Митревски и Александар Поповски, Мала станица и Aarhus Theater, 1994






„Циркус принтимпрам“, дипломска претстава на Александар Поповски

3








НАЈДОБРИ ТЕАТАРСКИ ПРЕТСТАВИ ВО 1995 ГОДИНА

1. „Лепа Ангелина“ од Благоја Ристески; режија: Владимир Милчин – Драма при МНТ
2. „Одам на лов“ од Жорж Фејдо; режија: Љубиша Георгиевски – НТ Битола
3. „Циркус Принтимпрам“ од Данил Хармс; режија: Александар Поповски – Театар „Мала станица“
4. „Малиот принц“ од Антоан де Сент Егзипери; режија: Бољо Лунгов – Театар за деца и младинци
5. „Бегалка“ од Васил Иљоски; режија: Љупчо Ѓорѓиевски – НТ Битола
6. „Вител“ од Коле Чашуле; режија: Љубиша Георгиевски – НТ Куманово
7. „Крал Лир“ од Вилијам Шекспир; режија: Владимир Милчин – Албанска драма при Театарот на народностите
8. „Обрни се во гнев“ од Џон Озборн; режија: Васил Христов – Драма при МНТ
9. „Игранка во времето на Лунаса“ од Брајан Фрил; режија: Александра Ковачевиќ – Драмски театар
10. „Леонс и Лена“, од Георг Бизнер; режија: Горан Тренчовски – НТ Струмица



THE PRINTIMPRAM CIRCUS

A play based upon the short stories of the russian writer Danil Harms
Directed by: Aleksandar Popovski

STANICA

# 1994-1998

## ПРВА ГЕНЕРАЦИЈА
## ТЕАТАРСКА РЕЖИЈА

Класа на проф. **СЛОБОДАН УНКОВСКИ**
асс. **Жанина Мирчевска**
пом. асс. **Златко Славенски**






Факултет за драмски уметности Скопје

**Испит по Театарска режија**
**II година**

во класата на
Ред. проф. Слободан Унковски
Асс. Жанина Мирчевска

ФДУ, Скопје
Академска сцена
Сабота 22.06.1996 година
Почеток 20.00 часот

***ИВАНОВ*** **- Антон П. Чехов**
**(IV чин)**

Иванов ........ Горан Доневски
Саша ........ Николина Кујача
Лебедев ........ Бранко Горчев
Зинаида Савишна ........ Бисера Драгиќевиќ
Шабелски ........ Нино Леви
Лвов ........ Игор Трпчески
Бабакина ........ Наташа Спасова
Косих ........ Адрин Азизи
Борки ........ Никола Кумев
Гавриил ........ Владимир Калајџ

**Режија - Зоја Бузалковска**

***МЕЧКА*** **- Антон П. Чехов**
**(поставена игра во I чин)**

Попова ........ Бисера Драгиќевиќ
Лука ........ Рубенс Муратовски
Смирнов ........ Сашо Тасевски

**Режија и уметничко на делото - Славиша Кајевски**

***СЕНИШТА*** **- Хенрик Ибзен**
**(Сцена од III чин)**

Г-ѓа Алвинг ........ Лидија Велинова
Освалд Алвинг ........ Игор Трпчески

**Режија - Благојче Божиновски**

Организација — Студио при ФДУ

Владимир Ванѓелески
Горан Петровски
Сотир Парџанов




















1. Асс. м-р Жанина Мирчевска и проф. Слободан Унковски со гостин на Скомрахи
2. Од пробите и изведбата на испитната вежба „Ромео и Јулија“, на Кирил Петрески
3. „Фурка“, испитна претстава за трета година на Дритро Касапи, по драмскиот текст на Огнен Георгиевски, студент на Драматургија во истата генерација

4







5



5



5



5



5



6



4. „Ојдипус Тиранос Софоклеус“, испитна претстава за трета година на Зоја Бузалковска, Драмски театар Скопје, 1997

5. „Тхе Ловер“, дипломска претстава на Зоја Бузалковска, Драмски театар Скопје, 1998

6. Проф. Слободан Унковски со дел од класата 1994-1998 по премиерата на „Тхе Ловер“, 1998

# 1998-2002

Класа на проф. **СЛОБОДАН УНКОВСКИ**
пом. асс. **Златко Славенски**










1. Класа 1998-2002
2. Елена Јованова на проба на „Срцева драма“, дипломска претстава, 2002
3. „Срцева драма“, дипломска претстава, 2002









# 2002-2006

Класа на проф. **СЛОБОДАН УНКОВСКИ**
асс. **Златко Славенски**












1



1



2

1. Испит „Трамвајот наречен желба“ на Куштрим Бектеши
2. Класа 2002-2006 со асс. Златко Славенски

1



2



1



2





1. Сцени од „Госпоѓица Јулија“, испитна претстава на Јован Ристовски од трета година

2. Сцени од „Истерување на ѓаволот“, испитна претстава на Јован Ристовски од втора година

3. Сцена од „Лолита“, дипломска претстава на Оливер Мицевски

3



# 2006-2010

Класа на проф. **СЛОБОДАН УНКОВСКИ**
и насл. доц. **ЗЛАТКО СЛАВЕНСКИ**



1







2



3



4

1. „Пикник на фронтот“, испитна претстава на Лука Кортина од трета година

2. Цевдет јашари во „Аквариум“, дипломска претстава на Лука Кортина

3. Легендата за неа: Сцена од „Стаклена менажерија“, испитна претстава на Нина Николиќ од втора година, 2008

4. Бајруш Мјаку во „Аквариум“, дипломска претстава на Лука Кортина

# 2010-2014

Класа на проф. **СЛОБОДАН УНКОВСКИ**
и вонр. проф. м-р **ЗЛАТКО СЛАВЕНСКИ**
асс. **Куштрим Бектеши**

1. Сцена од „Вејка на ветрот“, испитна претстава на Милош Б. Андоновски од втора година
2. Сцена од „Тетоважата роза“, испитна претстава на Милош Б. Андоновски од втора година
3. Сцена од „Макбет“, испитна претстава на Милоп Б. Андоновски од четврта година
4. Ангелчо Илиевски на проба на испитната претстава „Чекори“
5. Сцени од „Соната на сеништата, испитна претстава на Ангелчо Илиевски од втора година


2


1


3


5


4


5

# 2014-2018

Класа на проф. м-р **ЗЛАТКО СЛАВЕНСКИ**
и доц. м-р **КУШТРИМ БЕКТЕШИ**

















1. Сцена од „Елешник“, дипломска претстава на Елеонора Теова, Театар Ј.Х.К. – Цинот, Велес, 2018

2. „Галеб“, испит на Елеонора Теова од втора година

3. Сцена од „Нора“, испитна претстава на Елеонора Теова од трета година

4. Плаката и сцена од дипломската претстава на Александар Ивановски „Каменот“, Академска сцена на ФДУ, 2019

5. Плаката и сцена од дипломската претстава на Дамјан Николовски „Уништување на народот или мојата јетра е бесмислена“, Академска сцена на ФДУ, 2019

# 2018-2022

Класа на проф. м-р **ЗЛАТКО СЛАВЕНСКИ**
и доц. м-р **КУШТРИМ БЕКТЕШИ**



# Катедра за
# ТЕАТАРСКА И ФИЛМСКА ДРАМАТУРГИЈА



Пред точно 33 години, во академската 1986/87 година, Факултетот за драмски уметности, на кој дотогаш се изучува само актерската уметност, започнува да ја спроведува во практика множината од третиот збор во својот назив – *уметности*. Се отвора „композитниот“ Оддел за режија и драматургија, од кој во 1994 година ќе произлезе Катедрата за драматургија. Во 2010 година катедрата е преименувана во Катедра за театарска и филмска драматургија, назив кој го одразува мултимедијалниот пристап во нејзината студиска програма.



проф. м-р Горан Стефановски

Оваа катедра секогаш ќе се идентификува со својот основач и прв шеф, м-р Горан Стефановски, еден од најзначајните македонски драмски автори, сценаристи, драматурзи и педагози, човекот кој ги постави темелите на институционалната едукација за професијата драматург во Македонија. Една година по запишувањето на првата генерација студенти, во академската 1987/88 година, на Горан Стефановски му се придружува првиот дипломиран драматург во Македонија и истакнат драмски автор и сценарист, м-р Русомир Богдановски, кој го оформува предметот Сценарио, а од заминувањето на Горан Стефановски во 1999 година, па сè до пен-

проф. м-р Русомир Богдановски





асс. м-р
Жанина
Мирчевска



доц. Дејан
Дуковски

зионирањето, го презема раководењето со Катедрата. Од 1991 до 2002 година, како доценти, односно како асистенти на Катедрата работат реномираните драмски автори од првата генерација студенти, Дејан Дуковски и м-р Жанина Мирчевска. Од академската 2002/03 година на Катедрата предаваат м-р Маја Стевановиќ и д-р Сашко Насев, кој од 2012 до 2018 ја извршува и функцијата раководител на катедра. Во 2019 година, на Катедрата за филмска и театарска драматургија почнува да предава и м-р Сашо Кокаланов, а Маја Стевановиќ станува нејзин раководител. Од 2012 година, како надворешен соработник, со катедрата соработува и м-р Катерина Момева.



проф. м-р Маја
Стевановиќ



проф. д-р
Сашко
Насев

Студиската програма по театарска и филмска драматургија, која е конципирана врз основа на најдлабоко авторско и педагошко уверување на нејзиниот зачетник – Горан Стефановски, кратко и јасно е изразена преку неговата мисла: *„Кога би можел да бирам, повеќе би сакал да се викаме Факултет за драмски занаети, затоа што занаетот е нешто што може да се предава, да се истражува и да се учи“.*



доц. м-р
Сашо
Кокаланов

Поаѓајќи од аксиомот дека секој уметник мора да ги владее основните техники, правила и принципи на својата уметност, низ теоретска и прак-



пом. асс. м-р
Катерина
Момева

тична настава во траење од осум семестри, студентите ја изучуваат вештината на создавање приказни, без разлика дали се работи за драмата како книжевен род наменет за театарска изведба, за сценариото како основа за игран или документарен филм или, пак, за други сценско-изведувачки и аудиовизуелни форми. Занаетот се учи од мајстори, а се пече преку сопствените обиди и грешки – особено преку грешките. Поради тоа, освен што студентите на оваа катедра ги совладуваат различните драмски форми и модели преку проучување на теоријата, на големите драмски и филмски дела, како и на специфичните авторски поетики со цел да го култивираат својот талент, истовремено тие ги испробуваат стекнатите знаења преку сопствени авторски обиди од различни драмски и филмски жанрови и форми. Под водство на своите професори/ментори, студентите се градат во познавачи на светската драматургија и сценаристика и истовремено, го развиваат својот индивидуален креативен потенцијал и авторска мисла.

Целта на ваквиот пристап е да научат како да го спојат возвишениот метафизички простор на уметноста со принципите и правилата на создавање драма, како да ја спојат формата со содржината, трагичното со комичното, убавото со доброто, забавното со релевантното, како да го демистифицираат мистичното, но и да го оприказнат обичното... Со ваков голем предизвик се соочува секој студент кога првпат ќе зачекори по лавиринтите на драматуршкиот занает, барајќи светлина за своите генијални идеи, сонувајќи за денот кога ќе ја одгледа својата прва поставена театарска претстава или својот прв снимен филм. Во меѓувреме, во четирите години заедничко патување низ тајните на занаетот, наставниците од Катедрата и студентите – идните драматурзи, учат да пишуваат и пишуваат за да учат, учат да читаат и читаат за да научат, учат да гледаат и гледаат да поднаучат, но пред сè, грижливо внимаваат да не изгасне огнот што ги довел на нашата катедра – огнот за создавањето нови драми, независно дали се драми за театар, за филм, за телевизија... Велат дека човештвото ќе престане да постои кога ќе престане да „раскажува“ приказни. Драмската приказна, која е есенцијата на сите познати медиуми, сè додека постои човештвото, ќе биде во основата и на идните, нови медиумски форми. Поради тоа, студиската програма на оваа ка-

тедра постојано се развива со цел да ги подготви студентите да бидат писатели коишто поседуваат вештина својата интуиција да ја преточат во естетски издржано дело, без разлика на формата, да станат компетентни театарски и телевизиски драматурзи, критичари и есеисти, но и да останат отворени за новите технологии како можност за нови форми и изразни средства.

Во овие 33 години од своето формирање, на Катедрата за филмска и театарска драматургија на секоја четврта година се запишува по една нова генерација идни драматурзи. Од академската 2010/11 на Катедрата се организираат и две студиски програми од втор циклус на студии, мастер-студии по драматургија и по сценарио, а од 2014 и докторски уметнички студии од областите на драматургијата и филмското и телевизиско сценарио.

Во наставниот процес учествува и м-р Катерина Момева како асистент волонтер по предметот Филмско и ТВ сценарио.

# 1986-1990

**ПРВА ГЕНЕРАЦИЈА ДРАМАТУРГИЈА**
Класа на доц. **ГОРАН СТЕФАНОВСКИ**







# 1990-1994

Класа на вонр. проф. **ГОРАН СТЕФАНОВСКИ**
и доц. **РУСОМИР БОГДАНОВСКИ**





# 1994-1998

Класа на вонр. проф. **ГОРАН СТЕФАНОВСКИ**
и доц. **РУСОМИР БОГДАНОВСКИ**
асс. **Жанина Мирчевска**





# 1998-2002

Класа на проф. **РУСОМИР БОГДАНОВСКИ**
и доц. **ДЕЈАН ДУКОВСКИ**





# 2002-2006

Класа на проф. **РУСОМИР БОГДАНОВСКИ**
и доц. **САШКО НАСЕВ**
асс. **Маја Стевановиќ**

# 2006-2010

Класа на проф. м-р **РУСОМИР БОГДАНОВСКИ**
доц. **САШКО НАСЕВ**
и насл. доц. **МАЈА СТЕВАНОВИЌ**







# 2010-2014

Класа на
проф. м-р **РУСОМИР БОГДАНОВСКИ**
вонр. проф. д-р **САШКО НАСЕВ**
и вонр. проф. м-р **МАЈА СТЕВАНОВИЌ**
пом. асс. м-р **Катерина Момева**





# 2014-2018

Класа на вонр. проф. д-р **САШКО НАСЕВ**
и вонр. проф. м-р **МАЈА СТЕВАНОВИЌ**
пом. асс. м-р **Катерина Момева**







1. Екипата од претставата „Различни“, работена по шест едночинки на студентите по Театарска и филмска драматургија, во соработка со студенти од Театарска режија и Актерска игра, Видра – Керемпух, Загреб 2015.

2. Во подготовки за Етно кабарето (драмско читање за испитот по Драматургија од прва година)

# 2018-2022

Класа на проф. м-р **МАЈА СТЕВАНОВИЌ**
и доц. м-р **САШО КОКАЛАНОВ**
пом. асс. м-р **Катерина Момева**





Катедра за

# ФИЛМСКА И ТВ РЕЖИЈА



проф. Столе Попов

Придонесот на Катедрата за филмска и ТВ режија во македонската кинематографија е голем и значаен. Почнувајќи со воведувањето на предметот Интермедијално творештво како дел од Програмата на студиите на Одделот по режија и драматургија во 1986 година, па преку одделувањето како предмет и Студиска програма по филмска режија во 1990 година, и особено, оддалувајќи се од Катедрата за театарска режија во 1994 година, Катедрата за филмска и ТВ режија отвора нова епоха во поимањето на филмот на македонска почва. Во државата, за првпат по осамостојувањето, започнува едукација на професионални филмски режисери. Основач и раководител на Катедрата, до неговото пензионирање во 2014 година, е врвниот македонски филмски режисер, со исклучително богата филмска биографија, проф. Столе Попов. Денес, раководител на оваа катедра и професор по Филмска и ТВ режија е истакнатиот филмски режисер, проф. д-р Антонио Митриќески, автор на многу наградувани краткометражни и долгометражни филмови, кој води свои класи, заедно со веќе докажаниот режисер, доц. Борјан Зафировски. Предметите Историја на филмот и Теорија на филмот, пак, ги предава еминентниот и наградуван филмски режисер, проф. Владимир Блажевски.

Гледајќи ја режијата како потрага по вистината, студентите на оваа катедра се обучуваат да користат методи на опсервација, истражување и документација, вертикална анализа на темата и ликовите, како и позиционирање на делото во актуелниот временски и просторен контекст.



проф. д-р Антонио Митриќески



проф. Владимир Блажевски

Студиите се резултат на потребата од институционализирано усовршување на спо- менатите профили кои ќе можат да одговорат на сите барања и креативни ангаж- мани во областа на филмската уметност. Студиската програма е фокусирана кон оспособување на студентите за самостојни и колективни уметнички и теориски истражувања, како и уметнички ангажман во рамките на препознатливите и јасни професии/кариери во креативната забавна индустрија, култура и уметност – во со- гласност со матичните уметнички насочувања на студентите.

Оваа студиска програма во својата интердисциплинарна динамичност и смислена кохерентност, излегува во пресрет на потребите на актуелниот миг, како и на поши- рокиот општествен контекст.

Студиите нудат:

- комплексни облици на образование произлезени од растечките потреби на средината во која деј- ствуваат филмските професионалци;
- нов пристап со акцент врз естетско-уметничкиот контекст во филмската (аудиовизуелната) умет- ност;
- унапредување на знаењата за одреден метод, стил на работа, теориски постулат, проучување на вежби и други техники за унапредување на про- фесијата.



доц. м-р Борјан Зафировски

# 1986-1990

Додипломските студии по филмска и телевизиска режија се организирани според ЕКТС како осумсеместрални, четиригодишни академски студии, а од 2010 година е акредитиран и вториот циклус студии. Од 2014 година започнаа и докторските уметнички студии на кои докторандите-режисери се оспособуваат за самостојно водење и унапредување на научноистражувачката, уметничката и стручната работа.

Катедрата за филмска и ТВ режија соработува со сите големи филмски фестивали во земјата, на кои студентите имаат можност да ги прикажат своите најуспешни филмови, како и со другите институции од областа на филмот. Филмовите на студентите по филмска и ТВ режија биле прикажувани на повеќе меѓународни филмски фестивали во странство, каде што биле и наградувани.

Од Катедрата за филмска и ТВ режија излегоа некои од најзвучните имиња во современата македонска кинематографија, кои бележат континуирани успеси, ги рушат рекордите на гледаност во македонските кино-сали, патуваат на некои од најрелевантните филмски фестивали и се наградувани со највисоки признанија за своите креации.

**ПРВА ГЕНЕРАЦИЈА РЕЖИЈА**
Класа на проф. **ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ**
и доц. **СТОЛЕ ПОПОВ**



Внимавајте, тоа се:

ДВАНАЕСЕТМИНАТА ЖИГОСАНИ!

**Станува збор на 12-етте студенти (5 на режија и 7 на драматургија), кои од оваа година веќе почнаа да ги „впиваат" знаењата за режија и драматургија на новоотворените насоки при ФДУ во Скопје. Какви се сегашните можности и перспективите?**

**ВТОРА ГЕНЕРАЦИЈА РЕЖИЈА**
Класа на вонр. проф. **СЛОБОДАН УНКОВСКИ**
и доц. **СТОЛЕ ПОПОВ**
пом. асс. **Антонио Митриќески**





Програмче од долгометражниот филм-омнибус на Александар Поповски, Срѓан Јаниќиевиќ и Дарко Митревски, „Светло сиво“, 1993



ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ - СКОПЈЕ
FACULTY OF DRAMATIC ARTS

ТРАЈНА ФИЛМСКА РАБОТНА ЗАЕДНИЦА
ПЕГАЗ

ГРАДСКИ КИНА СКОПЈЕ

СВЕТЛО СИВО
LIGHT GRAY

Ве покануваат
на свечената премиера
на филмот
"СВЕТЛО СИВО"
на ден 24.12.93 г.
(петок)
во кино "Центар"
со почеток
во 20³⁰ ч.

# 1994-1998

**ПРВА ГЕНЕРАЦИЈА ФИЛМСКА И ТВ РЕЖИЈА**
Класа на вонр. проф. **СТОЛЕ ПОПОВ**
асс. **Антонио Митриќески**







# 1998-2002

Класа на проф. **СТОЛЕ ПОПОВ**
асс. **Антонио Митриќески**



Класа на проф. **СТОЛЕ ПОПОВ**
асс. **Антонио Митриќески**







1





2



2

1. На снимањето на испитниот краток игран филм на Даријан Пејовски „Петнаесет секунди“, 2005; директор на фотографија: Ѓорѓи Клинчаров; монтажа: Филип Грчевски
2. Кадри од испитниот филм „ONE“ на Вардан Тозија; директор на фотографија: Ѓорѓи Клинчаров; монтажа: Филип Грчевски.

# 2006-2010

Класа на проф. **СТОЛЕ ПОПОВ**
и насл. доц. **АНТОНИО МИТРИЌЕСКИ**



Кадар од филмот „Бардо“
режија: Марија Апчевска



Кадар од филмот „Девојчето со кибритчињата“
режија: Филип Матевски

# 2010-2014

Класа на проф. **СТОЛЕ ПОПОВ**
и вонр. проф. д-р **АНТОНИО МИТРИЌЕСКИ**

Кадар од филмот „Аудиција“
режија: Лавинија Софрониевска





Кадар од филмот „Обид за среќна приказна“
режија: Лавинија Софрониевска








Кадри од филмот
„Шекспирова 9/1“
режија: Владимир
Митревски

Класа на вонр. проф. д-р **АНТОНИО МИТРИЌЕСКИ**





Кадар од филмот „Викај ме Барбара“ режија: Ана Јакимска





Кадар од документарниот филм „СИДО“ режија: Тамара Котевска



Ана Јакимска на снимањето на филмот „Ќе дојдат децата“



Тамара Котевска на снимањето на документарниот филм „СИДО“

Лидија Мојсовска
на снимањето на „Награда“







Кадар од „Иднината е наша“
режија: Андреј Георгиев




„Најтешкиот чекор“
режија: Тамара Котевска

# 2016-2020

Класа на проф. д-р **АНТОНИО МИТРИЌЕСКИ**
и доц. м-р **БОРЈАН ЗАФИРОВСКИ**











Кадар од „Gen Z Diary“
режија: Борјан Стојков







К а т е д р а з а

# ТЕАТАРСКА, ФИЛМСКА И ТВ ПРОДУКЦИЈА



Катедрата за театарска, филмска и ТВ продукција на Факултетот за драмски уметности е основана пред 30 години, во 1989 година, со отворањето на Одделот за организација, кој во 1997 година е преименуван во Оддел за продукција. Нејзиното формирање беше и сè уште е резултат на континуирано зголемената потреба од стручно образование на театарски, филмски и ТВ продуценти, односно менаџери на организации од овие области.



проф. Мартин Панчевски



проф. Киро Василев

Основачи на Катедрата се професорите Мартин Панчевски и Киро Василев. Во моментов, нејзин раководител е проф. д-р Игор Вецовски, а наставници се и доц. м-р Дејан Илиев и доц. м-р Илија Циривири.

Студиската програма на додипломските студии е четиригодишна, со динамика на уписи на секои 4 години. Од 2010 год. се воведени и постдипломски (мастер) студии, а од 2014 год. предметот Продукција е дел од докторските уметнички студии на Факултетот, односно на Докторската школа на УКИМ. Студиите се конципирани како мултимедијални, со фокус на сценско-изведувачките и аудиовизуелните уметности. Тие содржат целини кои овозможуваат сеопфатни познавања на нивните различни продукциски аспекти; конкретно, курикулумот на студиите се состои од:



проф. д-р Игор Вецовски



доц. м-р Дејан Илиев



доц. м-р Илија Циривири

- Театарска и филмска продукција, кој е главен предмет и се изучува во секоја од четирите студиски години;
- Уметнички и техничко-технолошки дисциплини од клучно значење за театарското и филмското творештво (драматургија и сценарио, режија, снимање, монтажа, сценографија, костимографија, музика, филмска техника и технологија);
- Историски развој и теориска елаборација на уметностите (историја на македонската и историја на светската драма и театар, историја и теорија на филмот, историја на уметноста, естетика) и
- дополнителни предмети кои се поврзани со професионално усовршување на профилот театарски, односно филмски продуцент (финансиски менаџмент, информатика, странски јазик итн.).

Главниот предмет на студиската програма вклучува теориска и практична настава. Теорискиот дел е од областа на театарската, филмската и ТВ продукција, како и во доменот на менаџментот и маркетингот во културата и уметноста, заедно со релевантна економска и правна проблематика, која е апликативна на спецификите на сценско-изведувачките и аудиовизуелните уметности. Практичниот дел се одвива преку директно учество на студентите во реализација на програми и проекти на професионални уметнички организации и преку тимска работа на студентски театарски претстави и филмови во рамки на ФДУ, во соработка со студентите од останатите катедри на факултетот.

Покрај основниот дел на задолжителни предмети во секоја студиска година, студентите имаат можност да ги избираат останатите предмети во зависност од индивидуалните преференци, интереси и потреби за професионално усовршување, според однапред утврдени рамки на студискиот курикулум.

Просечниот број студенти во изминатите неколку класи на Катедрата се движи во рамки од 5 до 10 студенти. Со тоа е овозможен индивидуален пристап во изведување на наставата, кој го унапредува совладувањето на вкупниот наставен процес кај секој студент, односно го стимулира успешното завршување на студиите.

Основна цел на ваквиот пристап во организирање на студиската програма е да се обезбеди адекватно стручно и уметничко образование на идните менаџери на организации и проекти од областа на театарот, филмот и телевизијата. Компетенциите, знаењето и вештините стекнати преку студирањето им овозможуваат на дипломираните продуценти успешно да ја започнат и да ја градат својата професионална кариера.

Идните планови за унапредување на студиската програма и наставата на Катедрата предвидуваат нејзино надградување со предмети што ја обработуваат проблематиката на нови, современи медиуми и технологии во релација со продукцијата во аудиовизуелните и сценските уметности. Планирана е и понатамошна афирмација на апликативни научни принципи на стратегискиот и оперативен менаџмент и маркетинг во културата и уметноста, во целините што ги обработува главниот предмет. Дополнително, Катедрата, заедно со останатите при ФДУ, иницира продлабочени и нови форми за унапредено практично усовршување на студентите низ наставниот процес преку поблиска соработка со водечките домашни уметнички организации. Факултетот и Катедрата работат и на проширување на регионалната соработка со академиите за драмски уметности преку размена на искуства, истражувања и наставен кадар и реализација на заеднички проекти. Наведените иницијативи се насочени кон понатамошно градење на стручноста и компетенциите на студентите за успешно прилагодување кон предизвиците на нивните идни професионални ангажмани.

# 1989-1993

Прва генерација

Класа на доц. **КИРО ВАСИЛЕВ**
и доц. **МАРТИН ПАНЧЕВСКИ**








# 1993-1997

Класа на вонр. проф. **КИРО ВАСИЛЕВ**
и вонр. проф. **МАРТИН ПАНЧЕВСКИ**







# 1997-2001

Класа на проф. **МАРТИН ПАНЧЕВСКИ**
и проф. **КИРО ВАСИЛЕВ**
пом. асс. **Игор Вецовски**







# 2001-2005

Класа на проф. **МАРТИН ПАНЧЕВСКИ**
асс. **Игор Вецовски**



# 2005-2009

Класа на проф. **МАРТИН ПАНЧЕВСКИ**
и насл. доц. **ИГОР ВЕЦОВСКИ**



# 2009-2013

Класа на проф. **МАРТИН ПАНЧЕВСКИ**
и вонр. проф. м-р **ИГОР ВЕЦОВСКИ**
асс. Дејан Илиев



# 2013-2017

Класа на проф. д-р **ИГОР ВЕЦОВСКИ**
и доц. м-р **ДЕЈАН ИЛИЕВ**

# 2017-2021

Класа на проф. д-р **ИГОР ВЕЦОВСКИ**
доц. м-р **ДЕЈАН ИЛИЕВ**
и доц. м-р **ИЛИЈА ЦИРИВИРИ**



# Катедра за
# ФИЛМСКО И ТВ СНИМАЊЕ





Катедрата за филмско и ТВ снимање се формира со отворањето на истоимениот оддел во 1992 година. Од формирањето, па сè до 2013 година, раководител на Катедрата и професор по главниот предмет, кој ги води класите по филмско и ТВ снимање, е познатиот сниматeл и директор на фотографија со вонредно богато професионално искуство, проф. Апостол Трпески. Од 2013 година, раководител на Катедрата станува неговиот студент, сниматeлот и фотограф, вонр. проф. м-р Горан Трпчевски.

Оваа катедра досега изнедри низа врвни професионалци, кои денес се потпишуваат како сниматели и директори на фотографија на некои од најзначајните македонски и странски филмови, а за кои добиле многу домашни и меѓународни награди и признанија.

Студиската програма на Катедрата за филмско и телевизиско снимање се базира на изучување и совладување на научно-стручните и уметнички програмски основи од областа на филмската уметност и филмското и телевизиското снимање кои се состојат од теориска, стручна и уметничка настава, како и индивидуална практична менторска и тимска работа. Со студентите се работи на развивање на техничката оспособеност, визуелна култура, индивидуална и тимска авторска работа врз база на основните научни, технички и уметнички сознанија, како и следење на современите техничко-технолошки достигнувања поврзани со професијата. Дигиталните технологии генерираат алатки кои бараат широк спектар на вештини со кои новите генерации на филмски и телевизиски сниматели се стекнуваат, и тоа не само како капацитет и вештини за снимање на слика туку и за обработка на истата во постпродукциски-

проф. Апостол Трпески





вонр. проф. м-р Горан Трпчевски

от процес. Основна цел на студиите е формирање креативни и самостојни личности, кои со стекнатите знаења и практичната работа ќе ги имаат сите предиспозиции да се соочат со модерните текови и предизвици во професијата.

Катедрата за филмско и ТВ снимање успешно соработува со сите катедри на Факултетот, но и со други факултети во рамките на УКИМ, како и со надворешни институции поврзани со оваа дејност.

Од 2010 година, во склоп на постдипломските филмски (аудиовизуелни) студии, Катедрата започнува со мастер-програма за филмско и електронско снимање, а од 2014 година, филмско и електронско снимање станува дел и од докторските студии.

Драматичната промена во начинот на снимање на филмската и телевизиската слика со напредокот на дигиталните технологии, носи предизвици кои како наставници нѐ приморуваат постојано да ги менуваме и осовременуваме наставните методи. Базичните техники на традиционалните методи за учење на филмско и телевизиско снимање не се менуваат; кадрирање, композиција и соодветно осветлување и атмосфера сѐ уште се главни принципи на работата на филмските и телевизиските сниматели и не се променија во дигиталното доба. Тоа што се менува е целосниот пристап кон работата во филмската и телевизиската уметност и индустрија. Катедрата за филмско и телевизиско снимање активно ќе се менува и ќе ги следи современите текови на индустријата, технологијата и аудиовизуелните уметности, одговарајќи на културните потреби на општеството и пошироко.



# 1992-1996

Прва генерација

Класа на доц. **АПОСТОЛ ТРПЕСКИ**

















Класа на вонр. проф. **АПОСТОЛ ТРПЕСКИ**







# 2000-2004

Класа на проф. **АПОСТОЛ ТРПЕСКИ**
пом. асс. **Горан Трпчевски**











# 2004-2008

Класа на проф. **АПОСТОЛ ТРПЕСКИ**
асс. **Горан Трпчевски**







# 2008-2012

Класа на проф. **АПОСТОЛ ТРПЕСКИ**
и насл. доц. **ГОРАН ТРПЧЕВСКИ**







# 2012-2016

Класа на вонр. проф. м-р **ГОРАН ТРПЧЕВСКИ**



На снимањето на „Награда“ во режија на Лидија Мојсовска



„Неонски срца“ во режија на Ана Јакимска, дипломски филм по Филмско и ТВ снимање на Александар Ристески (директор на фотографија);





# 2016-2020

Класа на вонр. проф. м-р **ГОРАН ТРПЧЕВСКИ**





# Катедра за
# ФИЛМСКА И ТВ МОНТАЖА





проф. Димитар Грбевски

Катедрата за филмска и телевизиска монтажа е формирана во 1992 година, како резултат на потребата од институционално усовршување на филмски и телевизиски монтажери, кои ќе можат да одговорат на сите нови тенденции и барања со креативен ангажман во областа на аудиовизуелната уметност.

Основач, прв раководител и професор на Катедрата е професорот Димитар Грбевски, еден од најзначајните филмски и телевизиски монтажери во нашата земја и пошироко. Неговиот огромен придонес во втемелувањето на компетитивните насоки на Студиската програма по филмска и ТВ монтажа овозможија систематско пренесување на уметничките, стручните и научните компетенции во сложен академски систем со јасни и прецизни наставни, уметнички и истражувачки задачи.

Започнувајќи од 1992 година сé до денеска, на секои четири години се запишува по една генерација студенти по филмска и телевизиска монтажа.

Студиската програма за филмска и телевизиска монтажа е приспособена според европските и светски тенденции, во согласност со индивидуалните вредносни критериуми, афинитети и професионални определби на студентите.

Студентите на Катедрата за филмска и телевизиска монтажа стекнуваат способност за креативен експеримент и изнаоѓање авторски решенија, при што ја поттикнуваат сопствената имагинација во создавање наменски флуидни врски помеѓу практичните и теориските компоненти на својата работа.

Додипломските студии по филмска и телевизиска монтажа се организирани според ЕКТС како осумсеместрални, четиригодишни академски студии, а од 2010 година е акредитиран и вториот циклус студии. Од 2014 година започнаа и докторските уметнички студии на кои докторандите-монтажери се оспособуваат за самостојно водење и унапредување на научноистражувачката, уметничката и стручната работа.

Наставната дисциплина - филмска и ТВ монтажа, пред себе ги поставува основните задачи на една академска дисци-

плина: запознавање со основите на научната дисциплина преку задолжителни наставни содржини (теориски и практични):

- надградба на профилот преку изборни наставни содржини;
- континуирано следење и запознавање со најновите техничко-технолошки достигнувања во полето на филмската и ТВ монтажа, како и со најновите трендови, стилови и новини во филмската и во телевизиската продукција;
- истражувачка дејност од областа на самата наставна дисциплина, како самостојни или групни активности со цел проширување на едукативниот дијаметар;
- практична континуирана активност, односно синтеза на теориската и практичната содржина.

Катедрата за филмска и телевизиска монтажа, во сите три циклуси, недвосмислено дава драгоцен придонес во создавањето и усовршувањето на компетентни кадри, кои македонската уметничка и медиумска стварност ја прават рамноправна со елитните светски кругови во областа на аудиовизуелните уметности. За тоа говорат наградите на студентите и нивниот ангажман во македонската и во светската продукција.

Денес раководител на Катедрата е проф. м-р Лазар Секуловски, а на неа работи и доц. м-р Владимир Павловски.



проф. м-р Лазар Секуловски

Катедрата за филмска и ТВ монтажа и во иднина ќе ја следи потребата од институционализирано усовршување на студенти по филмска и ТВ монтажа, за да можат со креативен ангажман да одговорат на сите нови тенденции и барања во областа на аудиовизуелните уметности.




доц. м-р Владимир Павловски

Идните тенденции на студиите треба да креираат и усовршат експерти за самостојно водење на уметнички и теориски ангажмани кои што ќе го следат развојот на професиите (кариерите во креативната забавна индустрија, култура и уметност – во согласност со матичните уметнички насочувања на студентите во областа на аудиовизуелните уметности – филм, телевизија, театар, дигитални медиуми, филмска и телевизиска монтажа), дизајнот, визуелната култура и другите подрачја.

# 1992-1996

Прва генерација
Класа на доц. **ДИМИТАР ГРБЕВСКИ**





# 1996-2000

Класа на вонр. проф. **ДИМИТАР ГРБЕВСКИ**
пом. асс. **Лазар Секуловски**





# 2000-2004

Класа на проф. **ДИМИТАР ГРБЕВСКИ**
асс. **Лазар Секуловски**


Гоце Кралевски





# 2004-2008

Класа на проф. **ДИМИТАР ГРБЕВСКИ**
и доц. **ЛАЗАР СЕКУЛОВСКИ**



# 2008-2012

Класа на проф. **ДИМИТАР ГРБЕВСКИ**
и доц. **ЛАЗАР СЕКУЛОВСКИ**





Кадри од документарниот филм „(Вон)земјанинот Ли“ на Сашко Потер Мицевски; директор на фотографија: Наум Доксевски; извршен продуцент: Илија Цививири

# 2012-2016

Класа на вонр. проф. м-р **ЛАЗАР СЕКУЛОВСКИ**
асс. м-р **Владимир Павловски**





Екипата на мјузиклот „Црно и бело“ на Сандра Ѓоргиева

„Неонски срца“ во режија на Ана Јакимска, дипломски филм по Филмска и ТВ монтажа на Горјан Атанасов


















Од снимањето на „Црно и бело“ на Сандра Ѓорѓиева

# 2016-2020

Класа на проф. м-р **ЛАЗАР СЕКУЛОВСКИ**
и доц. м-р **ВЛАДИМИР ПАВЛОВСКИ**



Освен веќе споменатите професори, на Факултетот за драмски уметности, во областите од теоријата на уметноста предавале или активно предаваат и: проф. д-р Јелена Лужина, денес во пензија (Историја на македонската драма и театар), проф. д-р Нада Петковска, денес во пензија (Историја на светската драма и театар и Компаративна книжевност), проф. д-р Ана Стојаноска (Историја на светската драма и театар, Историја на македонската драма и театар, Историја на книжевноста), како и проф. д-р Небојша Вилиќ (Историја на уметноста и Визуелна култура).

Факултетот за драмски уметности, од неговото формирање па сè до денес, активно соработува со многу истакнати професори и теоретичари или практичари во уметничките и сродните научни области, кои предавале на ФДУ како професори-гости од другите факултети од УКИМ и од универзитети од странство.



проф. д-р
Небојша Вилиќ



проф. д-р
Јелена Лужина



проф. д-р
Нада Петковска



проф. д-р
Ана Стојаноска

# научноистражувачка дејност

Факултет за драмски уметности



Иако покрај тоа што по својата природата Факултетот за драмски уметности претставува „уметнички факултет“, сепак, во последните дваесетина години на ФДУ се развива и богата научноистражувачка дејност.

Носител на научноистражувачката дејност на ФДУ – Скопје е Институтот за театрологија, и тоа во периодот од 1999 до 2011 година. Во поново време, откако Институтот не е повеќе активен, научноистражувачката дејност продолжува преку активностите на професорите и нивните соработници кои ги водат предметите од областа на театрологијата и сродни дисциплини или предаваат на студиите од втор и трет циклус во оваа научна дисциплина. Но, исто така, во научноистражувачките активности активно се вклучени и професорите коишто предаваат уметничко-стручни предмети.

*Идеја во зародиш: балканска театарска сфера – меѓународна научна конференција,*
Институт за театрологија при ФДУ (Скомрахи, 2003), проф. д-р Јелена Лужина







*Интеркултурален театар – меѓународна научна конференција,*
Институт за театрологија при ФДУ (Скомрахи, 2005), проф. д-р Јелена Лужина

# Институт за театрологија

Институтот за театрологија природно се разви при специјализираната високообразовна институција, каква што е Факултетот за драмски уметности. Истражувачките театролошки проекти започнати уште во текот на 1997 и 1998 година, на почетокот ги следеа, главно, потребите за осовременување и подобрување на наставниот процес по теориските и историските предмети кои се предаваат на ФДУ. Постапно, со вклучување во истражувањата на сè поголем број заинтересирани млади соработници, но и со голема и систематска поддршка од страна на Министерството за култура (коешто од 1999 година започнува да ја финансира оваа дејност, овозможувајќи, пред сè, набавувањето на софистицирана компјутерска опрема, како и континуиран ангажман на квалификуван кадар), Институтот започнува систематски да го развива својот основен макропроект наречен *Македонска театролошка дата-база.* Институтот за театрологија при ФДУ – Скопје активно функционира во периодот од 1999 до 2011 година, кога активноста беше префрлена само на волонтерски обиди – за да се зачуваат податоците во *Театролошката дата-база*. Номинално, Институтот постои и функционира од 1999 година.

Овој основен научноистражувачки проект на Институтот е покренат со намера да се приберат, систематизираат и – бидејќи се чуваат во дигитална форма – да се направат општодостапни (лесно пребарливи) сите основни/базични театрографски податоци коишто го реферираат театарскиот живот во Македонија до денес. Во оваа база се внесени и ситематизирани:

- комплетни репертоарски податоци за сите претстави (драмски, оперски, балетски, куклени, детски) одиграни во македонските професионални театри од 1945 до денес (целосно се обработени над 4 500 претстави);
- делумни репертоарски податоци за сите претстави одиграни во професионалните театри во Македонија од 1913 г. до 1944 г. (обработени се околку 1 000 претстави);
- делумни репертоари на петнаесетина алтернативни театри кои работеле и работат во Македонија;
- персонални датотеки за повеќе од 700 автори;
- биографски референци за над 40 000 театарски критики;
- околу 7 500 обработени/идентификувани фотографии;
- комплетни податоци за сите релевантни театарски фестивали што се одржуваат во Северна Македонија и
- комплетни податоци за сите видови/форми на театарска едукација што се практикува во Македонија.



проф. д-р Јелена Лужина



проф. д-р Ана Стојаноска

Институтот поседува колекција од над 200 дигитализирани видеозаписи од претставите играни на сцените на македонските театри или на сцените во странство, на кои гостувале одделни македонски драмски уметници.

Резултатите од овој капитален проект, постојано се вградуваа и во други научни проекти на Институтот. Едновремено, тие резултати секојдневно им се достапни на голем број заинтересирани корисници (студенти, постдипломци и докторанди; научници-истражувачи од разни области; театарски критичари и/или новинари од културните редакции од сите македонски медиуми итн.)




Дигитална енциклопедија *Театарот на македонската почва* (ФДУ, 2003)

Сите артефакти, збирки и фондот што беше собиран со години, му се предадени на Македонскиот народен театар за потребите на реализирањето на проектот „Театарски музеј“.

Освен прибирањето на театрографската граѓа, конципирана во макропроектот *Театролошка дата-база*, соработниците на Институтот партиципираат и иницираат повеќе сродни проекти. За дигиталната енциклопедија *Театарот на македонската почва*, Институтот ја доби највисоката награда за научни достигања „Гоце Делчев“ (2003). Институтот ја активираше и секојдневно ја ажурираше првата македонска интернет-страница посветена на целокупната театарска практика: www.mactheatre.edu.mk. Научноистражувачкиот тим на Институтот го раководеше проф. д-р Јелена Лужина. Во моментов, поради недостиг на вработен кадар, Институтот нема статус на засебна организациска единица на Факултетот.

Формирањето на постдипломски и докторски студии по театрологија на Факултетот за драмски уметности и на Институтот за театрологија во 1999 г., односно 2000 г., придонесе за оформувањето нов кадар што научно ќе се занимава со театарот. Институтот за театрологија беше единствена институција од научноистражувачки тип од оваа област во Македонија.

Денес, студиите по театрологија од втор и трет циклус, како и научноистражувачките проекти од оваа област, ги води проф. д-р Ана Стојаноска.

Некои од најважните научноистражувачки проекти на Институтот, кои ги водеше проф. д-р Јелена Лужина, се:

- *Интеркултурален театар/Театар на разлики*, Институт за театрологија при ФДУ – ФИООМ (2002-2004);
- *Македонскиот театар во контекст на балканската театарска сфера*, Институт за театрологија при ФДУ – Министерство за образование и наука на Р. Македонија (2003-2005);

- *Осумдесет години театарски живот во Штип, Штип – град на културата,* Институт за театрологија при ФДУ (2004);
- *Театарот на почвата на Македонија од антиката до денес (том 1 и 2),* МАНУ и Институт за театрологија при ФДУ (2004-2007);
- *Македонско-хрватска билатерална програма за соработка во областа на науката и технологијата: Истражување на театролошка граѓа,* Институт за театрологија при ФДУ и Филозофски факултет – Загреб (2005-2006).

Институтот за театрологија има организирано повеќе меѓународни научни конференции:

- *Идеја во зародиш: балканска театарска сфера – меѓународна научна конференција,* Институт за театрологија при ФДУ (2003), проф. д-р Јелена Лужина;
- *Интеркултурален театар – меѓународна научна конференција,* Институт за театрологија при ФДУ (2005), проф. д-р Јелена Лужина;
- *Театар и идентитет – меѓународна научна конференција,* Институт за театрологија при ФДУ (2006), проф. д-р Јелена Лужина;
- *Театарот и меморијата – меѓународна научна конференција,* Институт за театрологија при ФДУ (2007), проф. д-р Јелена Лужина.






*Театарот и меморијата – меѓународна научна конференција,* Институт за театрологија при ФДУ (Скомрахи, 2007), проф. д-р Јелена Лужина



*Современи предизвици на перформативноста,* проф. д-р Ана Стојаноска, ФДУ (Скомрахи, 2015)

# Научноистражувачки активности на ФДУ

По периодот на активното работење на Институтот за театрологија, Факултетот за драмски уметности продолжува со реализација на научноистражувачки проекти, главно поддржани со средствата од интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (УКИМ) од Скопје, како и од Министерството за образование и наука (МОН). Некои од овие проекти се:

- *Македонско-хрватски проект: Театарот како место на меморија*, Факултет за драмски уметности Скопје и Филозофски факултет Загреб, проф. д-р Јелена Лужина, 2010-2012;
- *Афирмација на научната, наставната и апликативната дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ преку корпоративен документарен филм,* вон. проф. м-р Горан Трпчевски, Факултет за драмски уметности Скопје, 2012;
- *Политичка уметност – релациската естетика на Николас Барио како вовед во политиките на Жак Рансиер,* проф д-р Небојша Вилиќ, Факултет за драмски уметности Скопје, 2013;
- *Аудиовизуелна медиска култура,* проф. д-р Сашко Насев, Факултет за драмски уметности Скопје, 2015;
- *Македонско-словеначки театарски врски* (од 1990 до денес), проф. д-р Ана Стојаноска, Факултет за драмски уметности Скопје и АГРФТ Љубљана (2017-2018);
- *Архивирање на факултетската меморија,* - проф. д-р Ана Стојаноска, Факултет за драмски уметности Скопје (2019).

На Факултетот за драмски уметности во изминатите години се организираат низа научни конферен-

ции, како во склоп на меѓународните средби *Скомрахи,* така и независно, како резултат на одредени истражувања или на домашна и на меѓународна соработка со сродни институции.

Некои од најзначајните научни конференции одржани на Факултетот за драмски уметности се:

- *Улогата на дипломираните продуценти во продукцијата на производи за културата,* проф. Мартин Панчевски, ФДУ (2008)
- *Драматургот и театарот денес,* проф. м-р Русомир Богдановски, ФДУ (2009);
- *Искуствата и перспективите на студирање на факултетите за драмски уметности* - во рамките на јубилејната прослава „45 години ФДУ", Охрид (2014);
- *Современи предизвици на перформативноста,* проф. д-р Ана Стојаноска, ФДУ (2015);
- *Македонско-словеначки театарски врски,* проф. д-р Ана Стојаноска, ФДУ (2018).



1.


2.


3.

4.


5.



6.



7.


8.



1.-8. *Улогата на дипломираните продуценти во продукцијата на производи за културата,*
проф. Мартин Панчевски, ФДУ (Скомрахи, 2008)

9.


10.


11.


12.


9.-12. *Драматургот и театарот денес,*
проф. м-р Русомир Богдановски,
ФДУ (Скомрахи, 2009)

# Издавачка дејност

Факултет за драмске уметности



Издавачката дејност на Факултетот за драмски уметности е во непосредна функција на ефикасноста во студирањето, како и на научноистражувачката дејност на Факултетот, а истовремено е презентација и афирмација на творечкиот труд и научните достигнувања. Така што, покрај концепирањето на помошни материјали и прирачници што обработуваат теми од областите на театарската и филмската уметност, значајно место во издавачката дејност е континуираната подготовка и публикување на зборници и трудови, драми, списанија, театролошки изданија и тоа:

1. Дрваров, Д. 1995. *Културата на говорот.* Скопје: ФДУ;
2. Богдановски, Р. 1997. *Комедии.* Скопје: ФДУ;
3. Трпески, А. 2000. *Филмска и ТВ камера, книга 1 – Основи на снимателска техника.* Скопје: УКИМ и ФДУ;
4. Никчевиќ, С. прир. 2002. *Антологија на современата хрватска драма.* Скопје: ФДУ;
5. Мазова, Л. 2003. *Тој и тие – Театарски сложувалки.* Скопје: ФДУ;
6. Здравкова-Џепароска, С. 2003. *Балетска драматургија.* Скопје: ФДУ;
7. Петковска, Н. 2003. *Драматуршки читања.* Скопје: ФДУ;
8. Luzina, Jelena ed. 2003. *Balkan Theatre Sphere.* Skopje: FDU;
9. Јованов, Љупчо. 2004. *Архитектура на сценскиот простор.* Скопје: ФДУ;
10. Али, С. 2004. *Малечката.* Скопје: ФДУ;
11. Luzina, J. ed. 2005. *Intercultural theatre.* Skopje: FDU;

**12.** Стојаноска, А. 2006. *Македонски постмодерен театар*. Скопје: ФДУ;

**13.** Luzina, Jelena ed. 2007. *Theatre and identity*. Skopje: FDU;

**14.** Лужина, Јелена. 2007. *Македонски театар: Балкански контекст*. Скопје: ФДУ;

**15.** Luzina, J. ed. 2008. *Theatre and memory*. Skopje: FDU;

**16.** Арто, А. 2009. *Театарот и неговиот двојник*. Скопје: ФДУ;

**17.** Лужина, Јелена. 2013. *Кревко театарско паметење – зборник*. Скопје: ФДУ;

**18.** Стојаноска, А. 2014. *Димитар Ќостаров – реалистичката поетика и естетика на еден режисер*. Скопје: ФДУ;

**19.** Стојаноска, А. 2017. *Театар, предизвик*. Скопје: ФДУ;

**20.** Славенски, З. 2019. *ТВ БОКС – теоретски прилози и филмско сценарио*. Скопје: ФДУ.

Во делот на издавачката дејност, значајно е да се спомене списанието *Ars Academica. Ars Academica* е стручно научно списание кое заеднички го подготвуваат и објавуваат Факултетот за драмски уметности – Скопје и Факултетот за музичка уметност – Скопје, чиј прв број финансиски го помогна и Министерството за култура на Република Северна Македонија. Иницијатор, координатор и еден од главните уредници на списанието *Ars Academica* од ФДУ – Скопје е проф. д-р Ана Стојаноска.

Ова заедничко академско гласило во кое се презентираат, верифицираат и компарираат сознанија од различни области на уметноста, однапред го задоволува критериумот, на веќе во светски рамки, сè поприфатениот тренд на интердисциплинарност. Широчината на понудените теми овозможува приод од различен агол и на различно теориско стојалиште, што дополнително дава спектар материјали за понудените тематити, односно сфери на опсервација. Публикација од овој вид е одлична можност за развој и поттикнување на критичката истражувачка и научна мисла и нејзина компарација. Списанието е обид да се систематизира и валоризира науката за уметностите, особено драмската, филмската, музичката и танцовата уметност.

Освен во печатена форма, изданијата на ова списание, сега веќе седум, се достапни и електронски, со цел да се опфати поширок медиумски простор, како и заради поголем увид во изведбените уметности и научните дисциплини на читателската публика.

Покрај овие изданија, во издавачката дејност на Факултетот се вбројуваат и билтените кои се објавуваат за секое издание на „Скомрахи“, како и ЦД-ромот: „Театарот на македонската почва“ – енциклопедија од 2002 година, подготвен од Институтот за театрологија.

Од изданијата
на ФДУ























# Меѓународна соработка

Факултет за драмски уметности

Меѓународната соработка на Факултетот за драмски уметности е од исклучителна важност и се однесува на сите области кои се предмет на интерес во неговите уметнички, научноистражувачки и наставни програми. Воспоставувањето, негувањето и развивањето соработка со други универзитети надвор од земјата, со институции и меѓународни организации од различни области, како и со истакнати светски театарски и филмски автори и теоретичари е една од трајните определби на Факултетот. Врските на ФДУ со факултетите и академиите за драмски уметности се добро развиени, особено со оние од балканските и европските земји.

Уште еден показател за традиционалната отвореност на ФДУ кон светот се и визитинг-предавањата, гостувањата и работилниците на еминентни уметници, научници и професори. Уште од осумдесеттите години на минатиот век, па сè до денес, во рамките на тековните наставни активности, како и на активностите на Академската сцена и на меѓународните студентски средби Скомрахи, студентите на ФДУ – Скопје имале можност да се сретнат со имиња од калибарот на Антоан Витез и Роберт Кориган, на Клаудио Губитоси, Срѓан Карановиќ, Авнер Ајсенберг, Душан Јовановиќ, Јошико Чума, Ѓерѓ Превази, Зоран Поповиќ, Димитрис Сотириу, Јожица Авбељ, Адмир Гламочак, Дарко Лукиќ, Пламен Марков, Данте Спиноти, Драган Клаиќ, Фарук Беголи, Бетина Остхајм, Миралем Зубчевиќ, Станислав Семерџиев, Владимир Јевтовиќ, Лордан Зафрановиќ, Мирослава Кортенска, Борна Балетиќ, Томаж Губеншек, Ивана Вујиќ, Кевин Луис, Јорам Лоуенстин и многу други видни автори, професори и теоретичари од областа на аудиовизуелните и сценско-изведувачките уметности, како и од научната сфера.

Сознанијата стекнати преку долгогодишната соработка со сродните институции, како и преку директните контакти со истакнатите личности од светот на театарот, филмот и науката, успешно ги утврдуваат насоките и неопходните реформи на Факултетот и ја зголемуваат меѓународната препознатливост на ФДУ – Скопје во регионални и во светски рамки. Стекнатите искуства, пак, имаат особено важна улога во одговорот на предизвиците на современото општество, базирано на знаењето и на глобализацијата.

Во рамките на меѓународната соработка на Факултетот за драмски уметности, неизбежно е да се спомenat и соработките со Амбасадата на Австрија, Амбасадата на Јапонија, Амбасадата на Кралството Шпанија, Амбасадата на Шведска, Британскиот совет во Скопје, како и долгогодишната поддршка на Францускиот културен центар во Скопје, Фондацијата „Институт отворено општество – Македонија“ и WUS Австрија – програма на Министерството за надворешни работи на Австрија.





Предавање на Антоан Витез на старата сцена на ФДУ, 1984



НА 19, 20 И 21 ОВОЈ МЕСЕЦ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

## Предавања, проекции и средби со Антоан Витез

Гостувањето на Антоан Витез, еден од најистакнатите режисери на современиот театар, со претставата „Прерушениот принц" режирана од артистичкиот ансамбл на Театарот Шајо од Париз, ќе биде искористен и за средби на Факултетот за драмска уметност во Скопје.

Театарот Шајо со оваа претстава гостува на 21 овој месец на сцената во Македонскиот народен театар во Скопје, а гостувањето е во рамките на манифестациите што скопскиот Француски културен центар ги организира во одбележувањето на својот 10-годишен јубилеј.

Според тоа, на 19 овој месец, на Факултетот за драмска уметност во Скопје, директорот на Францускиот центар Жоел Масие (во 18 часот) ќе говори за „Францускиот театар денес и делото на Антоан Витез", следниот ден (во 16 часот) ќе се одржат видео-проекции на пет театарски часови на Антоан Витез одржани во Националниот конзерваториум за драмска уметност во Париз, а напладне на 21 овој месец е закажана средбата со Антоан Витез.

ДЕНЕС ВО ДОМОТ НА МЛАДИТЕ „25 МАЈ"

## Изложба на Никица Рајчевиќ

Во ликовната галерија при Домот на младите „25 Мај" во Скопје, денес (19 ч.) ќе биде отворена самостојна изложба на Никица Рајчевиќ, сликар од Титоград.

На изложбата, што ќе трае до 24 април, Рајчевиќ пред скопската ликовна публика се претставува со дваесет цртежи.

Р. Р. Т.

ВЕЧЕР ☆ 17 април 1984 година



ДЕНОВИВЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

## Предавања на театролог од САД

Деновиве во Скопје, како гости на Факултетот за драмски уметности, престојува професорот Роберт Кориган од Универзитетот Тексас во Далас. Тој е еден од врвните театролози во Соединетите американски држави.

Во текот на својот престој во Скопје, до 20 мај, професорот Кориган ќе одржи серија предавања за студентите од Факултетот за драмски уметности.

Г. Д.

ВЕЧЕР ☆ 11 мај 1987 година



# Меѓународна уметничка соработка

Континуираната соработка на Факултетот за драмски уметности со сродните факултети е навистина плодна. Посебна креативна енергија ФДУ вложува во билатералните и мултилатералните проекти. Ваквите креативни соработки нудат богатство од искуства како за студентите така и за наставниот кадар.

За проширувањето на можностите за меѓународна соработка на Факултетот,  многу голема улога одиграа меѓународните студентски средби на факултетите и академиите за драмски уметности – „Скомрахи“, средби кои прерасная во голем студентски фестивал со долга традиција.

Токму овој фестивал ја изроди особено плодната повеќегодишна соработка со Универзитетот за музика и изведувачки уметности од Грац, Австрија. Така, во 2006 година, во режија на студентката од Грац Вероника Ригнал, студенти од Катедрата за драмски актери од ФДУ, за отворањето на „Скомрахи“ ја подготвија претставата „Финк и Флинденбуш“ од Артур Шницлер; во



„Финк и Флинденбуш“ од Артур Шницлер, режија: Вероника Ригнал

2007 година, студенти по актерска игра од ФДУ, заедно со своите колеги од Грац, а во режија на Александар Поповски, и самиот поранешен студент на ФДУ, ја направија претставата „Метаморфози“ од Овидиј, која се одигра во Грац и во Скопје – токму во рамките на „Скомрахи“; во 2009 година, пак, како резултат на оваа соработка се создава претставата „Балканизација“ на Драгана Лукан, студентка по драматургија на ФДУ Скопје и Фолкер Шмит, а во режија на Ханс Ешер и Фолкер Шмит, студенти од Грац.











„Метаморфози“
од Овидиј
режија:
Александар
Поповски





„Балканизација“ од
Драгана Лукан и
Фолкер Шмит
режија: Ханс Ешер
и Фолкер Шмит













„Метаморфози“
од Овидиј
режија:
Александар
Поповски

Во периодот од 2005 до 2009 година, ФДУ четирипати учествуваше и на Меѓународните средби „Olive“, осмислени и водени од проф. Владимир Јевтовиќ од ФДУ во Белград, кои во тие години се одржуваа во Корте (Корзика), Тел Авив (Израел), Софија (Бугарија) и Букурешт (Романија). Земји-учеснички беа Србија, Хрватска, Словенија, Македонија, Израел, Франција, Романија, Бугарија, Италија (со два факултети), Шпанија и Корзика. Средбите имаа фестивалски, но и работен карактер, со по тројца учесници од секој факултет, еден професор и двајца студенти по актерска игра. Секоја екипа имаше задача да подготви однапред зададена сцена од светски познат драмски текст, како и сцена од свој домашен автор. По изведувањето на однапред подготвените сцени, во рок од три дена, мешовити екипи составени од професор од една и студенти од дру-













„Olive“
2006 и 2009



Настап на Трајанка Илиева и Димитрија Доксевски на OLIVE 2006





Настап на Нина Гачиќ и Ефтим Трајчов на OLIVE 2009

ги две различни академии, работеа на истите сцени од светската драматургија, но секој на својот јазик и со нов методолошки пристап. Новосоздадените сцени беа јавно изведувани пред учесниците, како и пред поширок аудиториум. Сите четири учества на Факултетот за драмски уметности беа под водство на доц. Зоја Бузалковска, а секоја година учествуваа други студенти, и тоа по овој редослед: Маја Андоновска и Мики Анчевски (Класа 2002-2006 на проф. Кирил Ристоски и асс. Зоја Бузалковска); Трајанка Илиева и Димитрија Доксевски (Класа 2002-2006 на проф. Кирил Ристоски и асс. Зоја Бузалковска); Дарја Ризова и Бојан Велевски (Класа 2006-2010 на проф. Кирил Ристоски и доц. Зоја Бузалковска); Нина Гачиќ и Ефтим Трајчов (Класа 2006-2010 на проф. Кирил Ристоски и доц. Зоја Бузалковска).







Кореодрама FATUM
автор: проф. Кренаре Невзати – Кери

Во 2007 година, Факултетот за драмски уметности, со посредство на Универзитетот од Грац и со финансиска помош од австриското Министерство за надворешни работи (WUS Austria), развива соработка со културниот центар NDERE од Кампала, Уганда. Танцувачката трупа од Кампала, во 2007 и 2008 година гостува на *Скомрахи,* додека Факултетот за драмски уметности ја подготвува претставата FATUM, како и шестминутната кореографска минијатура „Ne me quitte pas" (J. Brel), со цел возвратно гостување во Уганда на крајот на 2007 година, на меѓународниот фестивал, кој го организираше NDERE. Автор на кореодрамата FATUM и на минијатурата „Ne me quitte pas" е професорката по сценски движења и танци Кренаре Невзати-Кери, а во претставата учествуваат студенти по актерска игра од втора и трета година: Благој




Веселинов, Симона Спировска, Димитар Црцороски, Марјан Ѓорѓиевски, Нина Гачиќ, Емир Реџепи, Александар Степанулески и Ефтим Трајчов. Околу целокупната организација на гостувањето се грижи рако-




Кореодрама FATUM
автор: проф. Кренаре Невзати – Кери




водителот на Студиото за наставна продукција, Владимир Василевски, кој патува во Уганда со екипата од ФДУ. Претставата FATUM е потоа изведена и на отворањето на *Скомрахи 2008,* како и на јубилејната прослава „40 години ФДУ“, но во проширен состав на учесници.

1.


2.


3.


4.


1.-4. Од гостувањето на екипата на FATUM во Кампала, Уганда, 2007

5.


5.-9. Настап на трупата од културниот центар НДЕРЕ во Кампала, Уганда на Скомрахи, 2008

6.


7.


8.


9.





Меѓународната екипа на „Проект: Правда“



Во 2013 година, по иницијатива на Академијата за драмски уметности (АДУ) од Загреб, се основа регионална мрежа на академиите и факултетите за драмски уметности од Загреб, Љубљана, Белград, Скопје, Нови Сад, Сараево и Цетиње. Студентите од седум уметнички тимови на академиите и факултетите, според студентски драмски текстови избрани на конкурс, реализираа седум засебни едночинки, соединети во впечатлив омнибус со наслов „Проект: Правда“. Тимовите кои работеа на секоја од едночинките, беа во мешан состав од сите факултети-учесници. Четириесетина студенти по актерство се претставија со своите изведби на драмските текстови: „Забочепкалка“ од Кристина Бојаниќ (АДУ – Нови Сад), во режија на Тамара Дамјановиќ (АДУ – Загреб) и изведба на студенти по актерска игра од ФДУ во Цетиње; „Не го слушам печатот, Јосипе“ од Борна Вујичиќ (АДУ – Загреб), во режија на Марко Јовичиќ (ФДУ – Белград) и изведба на студенти по актерска

игра од АСУ во Сараево; „Попокатепетл“ од Сара Радојковиќ (ФДУ – Белград), во режија на Мирко Радоњиќ (ФДУ – Цетиње) и изведба на студенти по актерска игра од АГРФТ од Љубљана; „Шах-мат, љубов моја“ од Мила Јовановиќ (ФДУ – Скопје), во режија на Сара Луцу (АГРФТ – Љубљана) и изведба на студенти по актерска игра од ФДУ во Белград; „Терапија“ од Мирза Скендерагиќ (АСУ – Сараево), во режија на Драгана Стојчевска (ФДУ – Скопје) и изведба на студенти по актерска игра од АДУ Нови Сад; „Тоа сум јас, Брехт!“ од Балша Почек (ФДУ – Цетиње), во режија на Дино Пешут (АДУ – Загреб) изведба на студенти по актерска игра од ФДУ од Скопје; „Зезање“ од Дино Пешут (АДУ – Загреб), во режија на Ирфан Авдиќ (АСУ – Сараево) и изведба на студенти по актерска игра од АДУ во Загреб. Занимавајќи се, секоја на свој начин, со поимот на правдата и што таа за нас значи, претставите понудија „одговори“ во дијапазон од духовити секојдневни ситуации до сериозни истражувања на проблемите длабоко вкоренети во општествата на овие простори. Во изведбата на целиот овој проект беа вклучени осумдесетина учесници, меѓу кои студентите и менторите на вмрежените факултети и академии, како и загрепските студенти од Архитектонскиот факултет, Студиите по дизајн, Текстилно-технолошкиот факултет и Академијата за ликовни уметности. Со овој омнибус, кој своето премиерно прикажување го имаше на АДУ во Загреб, во рамките на студентскиот фестивал КРАДУ во 2016 година, студентите настапија и на интернационалните фестивали МОТ во Скопје, БИТЕФ во Белград и МЕСС во Сараево.

Вториот дел на проектот „Регионална мрежа на академиите и факултетите за драмски уметности“ ги интегрираше катедрите од филмските оддели на овие факултети, кои заеднички реализираа конкурс за сценарио за краток игран филм на тема „Сведок на неправда“. Сценариото на Сашо Кокаланов од ФДУ – Скопје беше меѓу петте избрани сценарија, според кои се реализирани пет кратки играни филмови.

Координатор на проектот од ФДУ – Скопје беше проф. м-р Зоја Бузалковска, а во процесот на менторство, жирирање и реализација на проектот, беа вклучени професорите Маја Стевановиќ, Сашко Насев и Игор Вецовски.




Во 2015 година, на театарската мала сцена „Видра“ ( дел од Сатиричниот театар „Керембух“), во Загреб, се одигра претставата „Различни“. Факултетот за драмски уметности – Скопје, пред Македонците кои живеат во Загреб, како и пред пошироката хрватска јавност, се претстави со шест едночинки на студентите од Катедрата за театарска и филмска драматургија. Идејата на проектот беше да бидат инволвирани студенти од различни катедри (Драматургија, Театарска режија и Актерска игра), и на различни возрасти, за да се постигне меѓугенерациска соработка. Изведени беа едночинките на Артин Селмани, Мона Паскалова, Сашо Кокаланов, Марина Трајковска, Ивана Димова и Калија Киселички. Режисер на претставата беше Драгана Милошевска Попова, а ѝ асистираа Драгана Стојчевска и Дамјан Костовски, студенти на прва година на Катедрата по театар-

ска режија. Во претставата учествуваа шест млади актери, некои од нив сè уште студенти, а некои штотуку дипломирани: Мирјана Трповска, Никола Наковски, Емине Халил, Јеткин Сезаир, Марко Богдановски и Вирџинија Ристеска. Координатор на проектот беше м-р Катерина Момева, а проектот беше initiран и се реализираше благодарение на Советот на македонското национално малцинство на град Загреб.

Екипата на „Различни“ и дел од настапот на сцената Видра во „Керемпух“, Загреб







# Меѓународна научноистражувачка соработка

Покрај меѓународните научни конференции, реализирани главно во рамките на Скомрахи и на Институтот за театрологија, Факултетот за драмски уметности има склучено повеќе договори за билатерална научноистражувачка соработка, чиј резултат се повеќегодишни проекти од областа на театрологијата. Еден од овие проекти ФДУ и Институтот за театрологија го развиваат со Филозофскиот факултет од Загреб. Проектот е наречен *Македонско-хрватска билатерална програма за соработка во областа на науката и технологијата: Истражување на театролошка граѓа* и е спроведен во периодот 2005-2006 година. Подоцна, оваа соработка со Филозофскиот факултет од Загреб, ФДУ ја продолжува и преку македонско-хрватскиот проект *Театарот како место на меморија,* кој се реализира во периодот од 2010 до 2012 година. Раководител на овие два проекта од ФДУ – Скопје беше проф. д-р Јелена Лужина.

Научна конференција „Македонско-словеначки театарски врски“, проф. д-р Ана Стојаноска, ФДУ, 2018











Во поново време, резултат на една ваква билатерална соработка е проектот *Македонско-словеначки театарски врски (втемелени од 1990 до денес)*, кој се развиваше две години (2017-2018) и беше изработен од страна на Факултетот за драмски уметности, Скопје и Академијата за театар, радио, филм и телевизија (АГРФТ), Љубљана. Проектот беше поддржан од страна на Словенечката агенција

за истражување и македонското Министерство за образование и наука. Главната цел на проектот беше одредување, запишување и проценување на заедничката соработка меѓу театарските уметници од двете земји. Истражувањето ги обедини сите полиња на изведбените уметности (драма, опера и балет/танц-театар), вклучувајќи посети од страна на индивидуалци и ансамбли. Една од најупотребливите алатки за идните истражувачи на македонско-словенечките театарски врски, развиена во рамките на овој проект, е дигиталната дата-база, која содржи информации за театарските уметници, изведувачи и институции, кои учествувале во билатералната размена во изминатите 25 години.

Билатералниот истражувачки проект „Македонско-словенечки театарски врски" даде можност да се истражат театарските јазли меѓу Македонија и Словенија во минатите декади, како и влијанието врз социјалниот, економскиот и политичкиот ориентир на соработката на ниво на театарски практики. Текстовите развивани низ билатералниот истражувачки проект и објавени во заедничкото издание на Amfiteatar и Ars Academica, се фокусирани на теориското разгледување на овие активности, на анализа на заедничката рецепција, влијание врз репертоари, начини на изведба, поетики и естетики на театарските практики, како и на потенцијални соработки кои можат да следат во двете насоки. Раководител на овој проект за ФДУ – Скопје беше проф. д-р Ана Стојаноска.

Еден од меѓународните проекти на ФДУ е и веќе споменатото стручно научно списание Ars Academica, кое во првите шест броја заеднички го подготвуваа и го објавуваа Факултетот за драмски уметности– Скопје и Факултетот за музичка уметност – Скопје, а последниот, седми број, го издаде само ФДУ– Скопје. Иницијатор, координатор и еден од главните уредници на списанието Ars Academica од ФДУ – Скопје е проф. д-р Ана Стојаноска, а списанието има Меѓународен уредувачки одбор од осум земји: Бугарија, Унгарија, Нов Зеланд, Швајцарија, Хрватска, Словенија и Северна Македонија.

# Меѓународни фестивали, средби и работилници

Уште од осумдесеттите години на минатиот век, со поддршка и во организација на Францускиот културен центар, секоја година, по еден студент од Факултетот за драмски уметности имаше можност да го следи, тогаш можеби најголемиот светски театарски фестивал, Театарскиот фестивал во Авињон, Франција. Со разгорувањето на војните во деведесеттите години, оваа практика беше прекината. Во минатото, и Министерството за култура повремено обезбедуваше финансиска поддршка за студентски патувања на видни театарски и филмски фестивали, но во последната деценија таа практика е замрена. Присуството на меѓународни фестивали во текот на студирањето е од исклучително значење за студентите. Поради тоа, се надеваме дека оваа подзаборавена практика во иднина ќе се возобнови и дека домашните и странските институции повторно ќе покажат подготвеност и волја за поддршка на студентите за вакви и слични патувања.

Покрај редовното учество на најреномираните домашни национални и меѓународни театарски и филмски фестивали, меѓу кои се МТФ „Војдан Чернодрински“ во Прилеп, Млад отворен театар (МОТ) во Скопје, Интернационалниот фестивал на филмската камера „Браќа Манаки“ во Битола, Фестивалот на европски филм „Синедејс“ во Скопје, Скопскиот филмски фестивал, Фестивалот на креативен документарен филм „Македокс“ и други, студентите на Факултетот за драмски уметности, со свои испитни претстави, филмови, драми и сценарија учествуваат на бројни фестивали, студентски средби и работилници во регионот, но и пошироко.



# Учество на театарски фестивали, средби и работилници во странство

Уште од самите почетоци на Факултетот за драмски уметности, студентите по актерска игра беа редовни учесници на најголемите театарски фестивали во поранешната држава, како што се „Стериино позорје“ во Нови Сад, „Боршчникови средби“ во Марибор, „Подбиоковски вечери“ во Макарска и други. Некои од овие гостувања се: „Долго патување во ноќта“ од Јуџин О' Нил, дипломска претстава на класата на вонр. проф. Љубиша Георгиевски и асс. Кирил Ристоски на „11. позорје младих“ во Нови Сад, во 1983 година; „Соблазна во Шентфлоријанската долина“ од Иван Цанкар, дипломска претстава од 1985 година на класата на доц. Владимир Милчин, изведена на Средбата на дипломците на театарските академии од Југославија во рамки на „Подбиоковски




вечери“ во Макарска во 1985 година; „Тартиф“ од Молиер, испитна претстава од трета година на студентите по актерска игра во класата на проф. Љубиша Георгиевски на „14. позорје младих“ во Нови Сад во 1986 година или „Тајната вечера кај другарот Арсе“ од Живко Чинго, испитна претстава на прва година од 1988 година, во тоа време класа на вонр. проф. Владимир Милчин, прикажана на Фестивалот „Младо позорје“ во Нови Сад во 1990 година... Со распаѓањето на Југославија, како и со отворањето на филмските оддели, Факултетот успеа да ја прошири меѓународната соработка во делот на гостувања на студентите со нивните испитни дела, наспроти недостатокот на поддршка од страна на надлежните институции.



ПОЗОРЈЕ МЛАДИХ

## Лицемер у фармерицама

**„Тартиф“ Жана Батиста Молијера, представа Факултета за драмске уметности из Скопља**

Прексиноћ је на сцени Новосадског позоришта искреним аплаузом поздрављена представа студената III године глуме у класи професора Љубише Георгијевског. „Тартиф“ у извођењу младих македонских глумаца напајао се на извору Молијеровог комичног генија: сва снага представе почива на мимици,

Сцена из представе скопских студената

гестовима, игри речи, смешно заплетеним ситуацијама, на избору начина исмевања. Није то класична, ко стилизирана представа у којој су глумци лутке, у најмању руку карикатуре. Није то изругавање ругању људских страсти и извлачење смешних особина, потрага за комичним смеха ради, већ је то сликање живих ликова, скуп истинских слика човека и његових нарави.

Студенти Љубише Георгијевског играју Молијера у фармерицама, на отвореној сцени, без декора, без помоћних средстава. Али тиме није осиромашена представа, већ је истакнута у први план глумачка способност скопских студената и снага Молијерових стихова које је на македонски језик превео Лазо Каровски, врло успешно. Изузетно младалачку игру публика је поздравила бурним аплаузима.

Петнаестак студената глуме са скопске позоришне академије, који су, баш због те бројности, али и због других разлога позоришне природе, играли готово све улоге у дуетима, још једном су оживели на сцени Молијерову вечиту битку у име истине, разумности и људске толеранције. Шамар лицемерству, по свему судећи, и данас има образ за по којима би могао ударати, као што је савремено. 1664. године, наишао на жесток отпор и забрану, јер је, како то каже сам Молијер у молби краљу, „изнео на видело сва добро проучена претварања ових претерано честитих људи, сва прикривања неваљаштва ових фалсификатора побожности, који хоће да преваре људе лажном ревношћу и софистичким милосрђем“.

„Тартиф“ није само инкарнација хипокризије, већ је и развратник. Његова строга, мрачна и лицемерна побожност спојена је са грамзивошћу и развратом, то су супротности које доносе његову пропаст. И овде је дошло до изражаја за Молијера карактеристично спајање различитих порока у једној личности, спој добра и зла, тријумфовање племенитости и доброте над лакрдијаштвом и ниским животињама.

Зоран Ђерић

Иако се соочува со особени потешкотии во обезбедувањето средства за групните патувања на студентите од театарските класи, Факултетот за драмски уметности го препознава како исклучително важно учеството на студентите и професорите од сите класи на меѓународни театарски и филмски фестивали, студентски средби, работилници и друго. Поради тоа ФДУ прави обиди, во рамките на своите можности, да обезбеди средства за ваков вид гостувања.

Во изминатите дваесетина години, со свои испитни и други претстави, како и со драмски текстови, студентите од ФДУ настапиле на повеќе интернационални студентски и професионални театарски фестивали и работилници.

→ **Во 1994 година,** во рамките на фестивалот „Macedonian House Festival“, во Aarhus Theater во Орхус, Данска, премиерно е изведена претставата „Туку така под облака“ (продукција на Мала Станица – Скопје и Aarhus Theater, Данска), во режија на студентите по режија Дарко Митревски и Александар Поповски, во класата 1990-1994 на вонр. проф. Слободан Унковски и доц. Столе Попов.


STADTKULTUR
NORDWEST-ZEITUNG

# Energie des Ensembles umwerfend

Osteuropa-Reihe der Kulturetage mit Aufführung von Mala Stanica aus Skopje eröffnet

2.

1.




→ **Во 1995 година,** претставата „Туку така под облака“ (продукција на Мала станица – Скопје и Aarhus Theater, Данска) на студентите по режија Дарко Митревски и Александар Поповски, во класата 1990-1994 на вонр. проф. Слободан Унковски и доц. Столе Попов, гостуваше на Интернационалниот фестивал на алтернативен и нов театар INFANT во Нови Сад, Србија, како и на Интернационалниот студентски театарски фестивал во Лион, Франција.



3.



4.


БИЛТЕН

ПЕТАК, 7. ЈУЛ

ТЕК ОНАКО ИСПОД ОБЛАКА

(ТУКУ ТАКА ПОД ОБЛАКА)

ТЕАТАР МАЛА СТАНИЦА, Скопље

ПОТРАГА ЗА ДРУГОМ ПОЛОВИНОМ

СТРАНА 12

5.

➜ **Во 1995 година,** претставата „Туку така под облака“ (продукција на Мала станица – Скопје и Aarhus Theater, Данска) на студентите по режија Дарко Митревски и Александар Поповски, во класата 1990-1994 на вонр. проф. Слободан Унковски и доц. Столе Попов, гостуваше во BITEF театарот во Белград, Србија.

➜ **Во 1995 година,** дипломската претстава „Циркус Принтимпрам“ (продукција на Мала станица – Скопје) на студентот по режија Александар Поповски во класата 1990-1994 на вонр. проф. Слободан Унковски и доц. Столе Попов, гостуваше во BITEF театарот во Белград, Србија.

→ **Во 1996 година,** претставата „Туку така под облака“ (продукција на Мала станица – Скопје и Aarhus Theater, Данска) на студентите по режија Дарко Митревски и Александар Поповски во класата 1990-1994 на вонр. проф. Слободан Унковски и доц. Столе Попов**,** гостуваше: на фестивалот „Cividale del Fruli - MITTELFEST '96“ во Чивидале, Италија; на Фестивалот на интернационален алтернативен театар FIAT во Подгорица, Црна Гора; на фестивалот „Град театар Будва“ во Будва, Црна Гора; на фестивалот „Барски љетопис“ во Бар, Црна Гора; на Фестивалот на експериментален театар на младите ARENA во Ерланген, Германија; на фестивалот „Osteuropa-Reihe“ во Олденбург, Германија.

→ **Во 1996 година,** дипломската претстава по Театарска режија „Циркус Принтимпрам“ (продукција на ФДУ – Скопје и Мала станица – Скопје) на студентот по режија Александар Поповски во класата 1990-1994 на вонр. проф. Слободан Унковски и доц. Столе Попов**,** гостуваше на Фестивалот на интернационален алтернативен театар FIAT во Подгорица, Црна Гора.





Siedem Kobiet w różnym wieku (Sette donne di età diverse Seven Women of Various Ages)
Mala Stanica
Just like that under the clouds
Dekalog, trzy (Decalogo, 3; Decalogue 3)
regia di / directed by Darko Mitrevski e / and Aleksandar Popovski (Macedonia)
Me 24 We
ore 15.00 - Ridotto Ristori
ore 21.30 - Piazza Duomo
Dekalog, cztery (Decalogo, 4; Decalogue 4)
La prima compagnia non statale della Macedonia, insegue un'utopia (autofinanziarsi, cercare spazi alternativi, operare nel campo delle arti visive, del teatro, della danza) e racconta con sorprendente ironia, alla ricerca di una propria identità estetica, la storia, i miti, l'amore e la morte nel cuore dei precari Balcani, per immagini e in una libera interpretazione della tradizione folklorica macedone e della memoria politica.

6.

1. - 9. Написи, програми, брошури од бројните гостувања на „Туку така под облака“ и „Циркус принтимпрам“ на регионалните и европските фестивали.

# Osteuropa-Reihe

**Theater**

Do., 15.2. bis Sa, 17.2., 20.30 Uhr, Halle

## Mala Stanica Theatre (Skopje – Republic of Macedonia): „Just like that under the Clouds"

*in Kooperatoin mit Arhus Theatre, Incognito, Croquis grotesque Aarhus-Denmark.*

*Autor, Regie: Aleksandar Popovski und Darko Mitrevski*

*Darstellerinnen: Labina Mitevska, Zvezda Angelovska, Iskra Veterova, Vladimir Jacev, Peter Ferenc, Toni Mihajlovski, Vlado Jovanovski*

*Das Theatre Mala Stanica ragt heraus aus einer jungen mazedonischen Bewegung, die erfolgreich eine eigene Theatersprache aus traditionellen Wurzeln und modernem Theater entwickelt. Aleksandar Popovskis und Darko Mitrevskis bilderstarke Inszenierung zieht uns in eine magische Welt aus Ahnen und Ahnungen, Engeln und Ängstlichen, Forschen und Forschenden. Im raschen Bilderwechsel erlebt das Publikum eine Generation auf der Suche nach sich selbst, begleitet von der eindrucksvollen Musik der Gruppe „Nargile", die sich wie das Stück zwischen Mythos und Rock 'n' Roll bewegt. Das Theatre Mala Stanica wurde im vergangenen Jahren mehrfach international ausgezeichnet. So erhielt „Genau wie jenes unter den Wolken" u.a. den Preis für die beste Inszenierung auf dem Internationalen Theaterfestival in Lyon (F) 1995. Mala Stanica Theatre ist ein faszinierendes Abenteuer für offene Augen und Ohren. Für die wenigen Sprechszenen in mazedonischer Sprache werden deutsche Verständnishilfen gegeben.*

*Ausgezeichnet: •For Best Performance at the International Theatre Meeting in Lyon, France, 1995. •For most original research of the segments of theatre language at the INFANT Festival, Novi Sad, SR Yugoslavia, 1995*



*Eine Veranstaltung im Rahmen der Osteuropa-Reihe mit Unterstützung der Stiftung Niedersachsen.*

*Eintritt:*

*AK 20/14/6 DM, WK 18/12 DM*

7.



**Во Германија: Дарко Митревски, Зорица Црношија, Александар Поповски, Звездана Ангеловска и Владо Јовановски**

## ДО ОБЛАЦИ И НАЗАД – „ТУКУ ТАКА"!

Сè нешто тукутака, па ќе заминат некаде, ќе соберат симпатии ќе се вратат, за пак потоа да заминат. И сè така во круг – до облаците и назад! Станува збор за актерите од претставата „Туку така под облака". На 14,15 и 16 февруари гостуваа во Олденбург, Германија на Фестивалот за театарски достигнувања од Источна и Јужна Европа, веќе на 25 февруари беа во Подгорица (Црна Гора) на „ФИАТ", а допрва ги очекува и Интернационален фестивал во Сибиу, Романија... Та, „Туку така"... испадна најшетана претстава! Значи не е баш – тукутака!

8.




9.






- **Во 1997 година,** Билјана Драгичевиќ, Ирена Ристиќ, Оливер Митковски и Никола Кумев, студенти по актерска игра во класата 1993-1997 на проф. Владимир Милчин, учествуваа на „Шекспир фест“ – заедничка работа на сцени од Шекспир на студентите од факултетите од Србија, Македонија и Бугарија.

- **Во 1998 година,** испитната претстава по Театарска режија од трета година „Ојдипус Тиранос Софоклеус“ на Зоја Бузалковска од класата 1994-1998 на проф. Слободан Унковски и асс. Жанина Мирчевска и пом. асс. Златко Славенски, работена во Драмски театар – Скопје, гостуваше во Нотос-театарот во Атина, како дел од културната размена помеѓу Грција и Република Македонија на највисоко државно ниво и е прва претстава одиграна на македонски јазик во Грција по осамостојувањето на Македонија.

- **Во 1998 година,** дипломската претстава по Театарска режија „Тхе Ловер“ на Зоја Бузалковска од класата 1994-1998 на проф. Слободан Унковски и асс. Жанина Мирчевска и пом. асс. Златко Славенски, работена во Драмски театар – Скопје, гостуваше на фестивалите „Балкански фестивал на младиот театар – Соседни гласови: бури кон Итака“ во Софија, Бугарија и на НЕТ-фестивалот (Нов европски театар) во Москва, Русија. Во рамките на НЕТ-фестивалот беше одржан и семинарот „Средби на младите театарски режисери и критичари - Словенски базар 101“, во кој учество зеде и Зоја Бузалковска.




Програма за гостувањето на „Ојдипус Тиранос Софоклеус“ во Атина, 1998














Брошури од фестивалите во Софија и во Москва, во рамките на кои настапи „Тхе Ловер“, дипломска претстава на Зоја Бузалковска, ДТС, 1998









- **Во 2000 година,** „Случајот Д.Х.“ (ФДУ– Скопје, во соработка со НТ „Војдан Чернодрински“ – Прилеп), испитна претстава од трета година на студентите по актерска игра од класата 1997-2001 на проф. Владимир Милчин и асс. Сузана Киранџиска е прикажана на „Театарфест“ во Сараево.
- **Во 2000 година,** студентите по актерска игра со познавање на албански јазик во класата 1999-2003 на доц. Рефет Абази, настапија со испитните едночинки „Веридба“ и „Мечка“ од Чехов на „Фестивалот на комедијата“ во Корча, Албанија.
- **Во 2000 година,** студентите по актерска игра од класата 1997-2001 на проф. Владимир Милчин на „MittelFest“, Чивидале, Италија, работеа на заедничка претстава за отворање на фестивалот со студентите од факултетите за драмски уметности од Милано и Удине, по текст од радиодрама „Комедија на суетата“ на Елијас Цанети.
- **Во 2001 година,** „Случајот Д.Х.“ (ФДУ – Скопје, во соработка со НТ „Војдан Чернодрински“ – Прилеп), испитна претстава од трета година на студентите по актерска игра од класата 1997-2001 на проф. Влади-




Од настапот на ФДУ на фестивалот „Будва Град Театар“, со „Госпоѓа Министерка“, во режија на Драгана Милошевска, 2003








„Планински јазик“, во режија на Бојан Трифуновски, 2003










Двете екипи заедно на гостувањето во Будва, 2003

мир Милчин и асс. Сузана Киранџиска е прикажана на хрватскиот студентски театарски фестивал TEST!, во Загреб, Хрватска.

**Во 2003 година,** две испитни претстави од IV семестар на студентите по театарска режија од класата 2002-2006 на проф. Слободан Унковски и асс. Златко Славенски, учествуваа на летниот фестивал „Град театар Будва“: „Планински јазик“ од Харолд Пинтер, во режија на Бојан Трифуновски, во која играа: Дејан Лилиќ, Магдалена Ризова-Черних, Филип Трајковиќ, Драгана Костадиновска, Бошко Бозаџиевски, Гораст Цветковски, Игор Ангелов и „Госпоѓа Министерка“ од Бранислав Нушиќ, во режија на Драгана Милошевска, во која играа: Илина Чоревска, Јелена Јованова, Филип Мирчевски, Мики Анчевски, Жаклина Петровска, Маја Настовска, Зоран Ивановски, Ивица Димитријевиќ, Борче Начев, Ненад Нацев, Соња Стамболџиоска, Гораст Цветковски, Сашко Коцев, Зоран Љутков, Викторија Степановска.

➜ **Во 2003 година,** со испитната претстава „Вујко Вања“ од Чехов, студентите по актерска игра со познавање на албански јазик од класата 1999-2003 на доц. Рефет Абази, настапија на „Фестивалот на комедијата“ во Корча, Албанија.




➜ **Во 2004 година,** „Малечката“ од Сема Али, испитна претстава по актерска игра од трета година на класата 2001-2005 на проф. Владимир Милчин и асс. Сузана Киранџиска, беше прикажана на фестивалот „Мало позорје“ во Нови Сад и на Меѓународниот фестивал на студентски театри во Лион. Текстот „Малечката“ е испитен драмски текст по Драматургија за трета година на Сема Али, во класата 1998-2002 на проф. Русомир Богдановски.

➜ **Во 2005 година,** студентите по актерска игра во класата 2002-2006 на проф. Кирил Ристоски и асс. Зоја Бузалковска настапија на фестивалот „Барски љетопис“ во Бар, Црна Гора, со испитната претстава за трета година, „Орестија“.

➜ **Во 2005 година,** дипломската претстава на студентите по актерска игра во класата 2001-2005 на проф. Владимир Милчин и асс. Сузана Киранџиска „Контаминација Кољада“, беше прикажана на фестивалот „Skena up“ во Приштина.

➜ **Во 2006 година,** со испитната претстава „Мирандолина“ од Карло Голдони, студентите по актерска игра со познавање на албански јазик од класата 2003-2007 на доц. Рефет Абази, учествуваа на фестивалот „Skena up“ во Приштина, Косово.

➜ **Во 2007 година,** студентите по актерска игра од класата 2005-2009 на проф. Владимир Милчин и насл. доц. Сузана Киранџиска, со претставата „Уплав од Плаут“ учествуваа на Меѓународниот фестивал на студентски филм и театар „Skena up“ во Приштина, Косово.

➜ **Во 2008 година,** студентите по актерска игра од класата 2005-2009 на проф. Владимир Милчин и насл. доц. Сузана Киранџиска, со претставата „Уплав од Плаут“ учествуваа на Меѓународниот фестивал на студентски театар ФИСТ Белград во Србија.

➜ **Во 2008 година,** испитната претстава за IV семестар „Стаклена менажерија“ на Нина Николиќ, студентка по театарска режија во класата 2006-2010 на проф. Слободан Унковски и насл. Доц. Златко Славенски, а во која играа Дарја Ризова, Благој Веселинов, Мартин Јорданоски и Анѓелка Арсова, учествуваше на Меѓународниот студентски фестивал „Skena up“ во Приштина.

➔ **Во 2010 година,** испитната претстава од трета година „Оркестар ББ“ на студентите од класата по актерска игра 2007-2011 на проф. м-р Владо Цветановски и насл. доц. м-р Мими Таневска-Србиновска беше изведена на Интернационалниот фестивал FIST 06 во Белград.

➔ **Во 2010 година,** со дипломската претстава „Вртелешка“, студентите од класата 2005-2009 на проф. Владимир Милчин, вонр. проф. м-р Сузана Киранџиска и пом. асс. м-р Кристина Леловац, учествуваа на Меѓународниот фестивал на студентски филм и театар „Skena up“ во Приштина, Косово.

➔ **Во 2010 година,** со испитната претстава „Случајната смрт на еден анархист“ од Дарио Фо, студентите по актерска игра со познавање на албански јазик во класата 2007-2011 на вонр. проф Рефет Абази настапија на фестивалот „Културно лето“ во Урошевац, Косово.

➔ **Во 2010 година,** со испитната претстава од IV семестар „ИванOFF“, студентите по актерска игра од класата 2006-2010 на проф. Кирил Ристоски и доц. Зоја Бузалковска настапија  на Интернационалниот фестивал на театарските школи „Истрополитана проект“  во Братислава, Словачка.

➔ **Во 2012 година,** испитната претстава на студентите по актерска игра за втора година од класата 2010-2014 на вонр. проф. м-р Зоја Бузалковска беше изведена на 5. меѓународен студентски фестивал „DIONIZ – igrom do strasti“ во Ѓаково, Хрватска. На истиот фестивал студентите учествуваа и во петдневната работилница „Мејерхољдовата биомеханика“, под водство на професорот од Линц и Берлин, Александар Ацев.






4. LINZ, AUSTRIJA / AUSTRIA

Aleksandar Acev, doc. i prof. Margareta Pesendorfer –
**“MEYERHOLDISCHE BIOMECHANIK”**
Na ovoj radionici ne postavlja se pitanje što glumac treba učiniti već potiče glumca da se upita kako to učiniti. Ova radionica podučava osnove pokreta i vježbe biomehanike. Osnovni principi biomehanike podučavaju se na odabranim etidama koje se izvode samostalno i s partnerom. Dnevne pripremne vježbe (svijest o tijelu i prostoru) nadograđuju se radom na brzini, ritmu i kompoziciji. Oslanjajući se na biomehaničke vježbe, studenti će na kraju biti pozvani da improviziraju s naglaskom na vlastitoj umjetničkoj slobodi.

Aleksandar Acev, assistant prof. and univ. prof. Margareta Pesendorfer –
**“MEYERHOLDISCHE BIOMECHANIK”**
“It doesn’t say “what” the actor should do but makes the actor ask himself a question “how to do it”.
In this physical training the fundamental of movement and preparing exercises of Biomechanics are taught. The basic principals of Biomechanics – otkas, posil, tormos, stoika, rakurs, gropirovka, daktilu – are trained on selected single and partner etudes. The daily preparatory training (consciousness of the body, consciousness of the space) is intensified by work on the speed, rhythm, and composition. Based on the biomechanical training, in the final step the students will be invited to improvise with the accent on their own artistic freedom.

- **Во 2012 година,** со испитната претстава од IV семестар „Во потрага по Данил Хармс“, студентите по актерска игра од класата на проф. Владимир Милчин, доц. м-р Сузана Киранџиска и пом. асс. м-р Кристина Леловац настапија на Интернационалниот фестивал на театарските школи „Истрополитана проект“ во Братислава, Словачка.
- **Во 2012 година,** со испитната претстава за прва година - „Досие копче“, студентите по актерска игра во класата 2011-2015 на вонр. проф. м-р Мими Таневска-Србиновска учествуваа на Интернационалниот фестивал URBAN FEST во Ниш.
- **Во 2013 година,** со испитната претстава „Галеб“, студентите по актерска игра во класата 2011-2015 на вонр. проф. м-р Мими Таневска-Србиновска учествуваа на „Младо позорје“, регионален студентски фестивал во рамките на фестивалот „Стериино позорје“ во Нови Сад, Србија.
- **Во 2014 година,** Христијан Поп Симонов, студент по актерска игра во класата 2011-2015 на проф. м-р Владо Цветановски, вонр. проф. м-р Мими Таневска-Србиновска и вонр. проф. м-р Златко Славенски, учествуваше на фестивалот за рецитирање поезија „Дани Данила Лазовиќа” во Прибој, Србија. Поп Симонов го слуша предметот Сценски говор и техника на глас кај вонр. проф. м-р Тихомир Стојановски.
- **Во 2015 година,** испитната престава од трета година „Азизнаме“ на студентите по актерска игра со познавање на турски јазик 2011-2015 на проф. м-р Ејеса Касо, беше селектирана на конкурс и учествуваше на Меѓународниот фестивал BILKENT THEATRE DAYS во Анкара, Република Турција.




Плаката за гостувањето на претставата „Азизнаме“ во Анкара, Турција, 2015

- **Во 2015 година,** Мирјана Трпковска, студентка по актерска игра во класата 2013-2017 на вонр. проф. д-р Сузана Киранџиска и доц. м-р Кристина Леловаца учествуваше на фестивалот за рецитирање поезија „Дани Данила Лазовиќа" во Прибој, Србија. Трпковска го слушаше предметот Сценски говор и техника на глас кај проф. д-р Тихомир Стојановски.

- **Во 2016 година,** со претставата „Животинска фарма", студентите од класата 2013-2017 на проф. д-р Сузана Киранџиска и доц. м-р Кристина Леловац настапија на Меѓународниот студентски фестивал TRIAL, Нов бугарски универзитет – Софија, Бугарија.

- **Во 2016 година,** со претставата работена според нејзината едночинка „Шах – мат, љубов моја", како дел од омнибусот со наслов „Проект: Правда", Мила Јовановиќ, студентка по театарска и филмска драматургија во класата на проф. м-р Маја Стевановиќ и проф. д-р Сашко Насев, учествуваше на студентскиот фестивал КРАДУ во Загреб, како и на БИТЕФ во Белград и на МЕСС во Сараево.

- **Во 2016 година,** Чедомир Митевски, студент по актерска игра во класата 2014-2018 на проф. м-р Зоја Бузалковска и насл. доц. м-р Александар Степанулески, учествуваше на фестивалот „Дани Данила Лазовиќа" во Прибој, Србија. На истиот фестивал, Чедомир Митевски учествуваше и на трибина-работилница и го одржа семинарот „Стилови на говорење на поезија". Чедомир Митевски го слушаше предметот Сценски говор и техника на глас кај проф. д-р Тихомир Стојановски.

- **Во 2018 година,** студентите по театарска и филмска драматургија во класата 2014-2018 на проф. м-р Маја Стевановиќ и проф. д-р Сашко Насев, со свои испитни текстови настапија на драмско читање во македонскиот Културно-информативен центар во Софија. На настанот наречен „Вечер на млади драматурзи од Македонија", драмските дела на студентите од ФДУ ги читаа студенти по актерска игра од НАТФИЗ Софија.

- **Во 2018 година,** студентите од четврта година по актерска игра во класата на проф. м-р Зоја Бузалковска и доц. м-р Александар Степанулески, по претходна селекција, ја одиграа испитната претстава од втора година „Елка кај Иванови“ на „International Theatre Schools Festival F.I.S.T.“ во Букурешт, Романија.

- **Во 2018 година,** студентите од четврта година по актерска игра во класата на проф. м-р Мими Таневска, ја одиграа испитната претстава за втора година „Ревизор“ на 11. меѓународен студентски фестивал ДИОНИЗ во Хрватска. Во склоп на фестивалот ДИОНИЗ 2018, проф. м-р Мими Таневска одржа петдневна работилница насловена со „Една реченица како појдовна точка за создавање лик“.

- **Во 2019 година,** студентите по актерска игра од класата на проф. м-р Мими Таневска, ја одиграа испитната претстава за трета година „ММЕ кој прв почна“ на интернационалниот фестивал „Danail Chirpansky 2019“ во Стара Загора, Бугарија.

- **Во 2019 година,** по покана на „Bilkent İnternational University Theatre Festival“, класата по актерска игра со познавање на турски јазик на проф. м-р Елјеса Касо учествуваше со дипломската претстава „Елени проколнувања“ на Меѓународниот фестивал BILKENT THEATRE DAYS во Анкара, Република Турција.




„Елени проколнувања“ на Меѓународниот фестивал BILKENT THEATRE DAYS во Анкара, Република Турција, 2019

- **Во 2019 година,** Стефан Миленков, студент по театарска и филмска драматургија од класата 2018-2022 на проф. м-р Маја Стевановиќ и доц. м-р Сашо Кокаланов, со испитната драмска сцена од прва година по предметот Драматургија  кај проф. м-р Маја Стевановиќ, учествуваше на Меѓународниот конкурс за кратка драма „One Minute Play Contest“, организиран од страна на АГРФТ – Љубљана, Словенија. Со претставата „Отвори врата!“, работена според текстот на Стефан Миленков, а во режија и изведба на студентите од АГРТФ, Миленков учествуваше и на најстариот театарски фестивал во Република Словенија, „Боршчникови средби“ 2019.
- **Во 2019 година,** Јована Спасиќ, студентка по актерска игра во класата 2017-2021 на проф. д-р Сузана Киранџиска и доц. м-р Кристина Леловац, учествуваше на фестивалот за рецитирање поезија „Дани Данила Лазовиќа” во Прибој, Србија. Јована Спасиќ го слуша предметот Сценски говор кај проф. д-р Тихомир Стојановски.

# Учество на филмски фестивали, средби и работилници во странство

Природата на филмскиот и на телевизискиот медиум, во смисла на готов аудиовизуелен запис, којшто може да се дистрибуира без значителни материјални трошоци за патување на бројна екипа, овозможува, релативно едноставно, записите да стасаат и до најдалечните дестинации. Но основниот предуслов за учество на фестивал е, сепак, квалитетот на самото дело. Факултетот за драмски уметности може да биде горд на бројните настапи на студентите од филмските студиски програми на студентски, но и на професионални филмски и телевизиски фестивали ширум светот, што е доказ за квалитетот на студентските филмови, но и за самиот Факултет. Тука треба да се нагласи огромната улога што ја одигра Агенцијата за филм, која во последните осум години континуирано финансиски ги поддржува филмските оддели и филмската продукција на ФДУ. Оттогаш, видлив е напредокот во квалитетот (во продукциска и во техничка смисла), како и драстично зголеменото учество на меѓународни фестивали на испитните филмови на студентите по филмска и ТВ режија, филмско и ТВ снимање и филмска и ТВ монтажа.

Првиот запис за учество на филмски фестивал датира од 1996 година. На фестивалот во градот Котбус, некогашна Источна Германија, на „Film Festival

Cottbus - Festival of East European Cinema“ беше прикажан омнибусот во продукција на ФДУ со наслов „Светло сино“. Омнибусот е составен од трите дипломски кратки филмови снимени во 1995, на Срѓан Јаникиевиќ („Wonderful world“), на Дарко Митревски („Ѓавол во срце“) и на Александар Поповски („Птицата Урубу и девица“). Треба да се нагласи дека овие тројца студенти од генерацијата 1990-1994 на Одделот за режија, кој го водат вонр. проф. Слободан Унковски, доц. Столе Попов и пом. асс. Антонио Митриќески, се првите студенти коишто дипломирале со филм, односно со дело од областа на аудиовизуелните уметности.

Во продолжение, наведуваме некои од испитните и од дипломските филмови во продукција на ФДУ, кои во изминатите дваесетина години биле прикажувани на професионални и на студентски филмски и телевизиски фестивали.

- Испитните документарни филмови: „Мијачи на прозорци“ на Филип Апостолски, „Inner City Life“ на Борјан Зафировски и „Данчо Недев“ на Марија Цицева, студенти по филмска и ТВ режија во класата 1994-1998 на вонр. проф. Столе Попов и асс. Антонио Митриќески, во 1997 година се прикажани на Фестивалот на студентски филмови при Високата државна филмска школа во Лоѓ, Полска.
- Краткиот игран филм „Амнезија“ (Miss Amnesia) на Марија Цицева, снимен во 2000 година, во продукција на ФДУ и „Вардар филм“, е прикажан на Фестивалот на европски филм 2000 во Палиќ, Србија и на Alpe Adria Film Festival 2001 во Трст, Италија.
- Во 2000 година, испитниот филм „1/4“ на Атанас Георгиев, студент по филмска и ТВ монтажа во класата 1996-2000 на вонр. проф. Димитар Грбевски и пом. асс. Лазар Секуловски, е прикажан на Студентскиот филмски фестивал 2000 во Пловдив, Бугарија, на „Student Film Festival 2001“ во Марибор, Словенија, како и на Полскиот филмски фестивал 2001 во Лоѓ, Полска.
- Дипломскиот филм „Портрет на младиот уметник во 21-от век“ на Борјан Зафировски, студент по филмска и ТВ режија во класата 1994-1998 на вонр. проф. Столе Попов и асс. Антонио Митриќески, во 2002 е прикажан на Филмскиот

фестивал „Контекст“ во Лион, Франција, на Фестивалот на краткометражен филм „Клермон-Феран“ во Франција, на Филмскиот фестивал „Контекст“ во Виена, Австрија, на Филмскиот фестивал „Балкан Блек Бокс“ во Берлин, Германија, на Филмскиот фестивал на краткометражен филм „Винтертур“ во Швајцарија, на Биенале Цетиње во Црна Гора, како и на Фестивалот на краткометражен филм „Мајнхајм 2002“ во Германија и на Маѓународниот фестивал на краткометражен филм „Хамбург 2002“ во Германија.

- Дипломскиот документарен филм „Адам и Ева“ на Ѓорче Ставрески, студент по филмска и ТВ режија во класата 1998-2002 на проф. Столе Попов и асс. Антонио Митриќески е прикажан на фестивалот „ZagrebDox 2006“ во Загреб, Хрватска.


„Адам и Ева“ на
Ѓорче Ставрески

- Дипломскиот документарен филм „Радоста на животот“ на Светозар Ристовски, студент по филмска и ТВ режија во класата 1998-2002 на проф. Столе Попов и асс. Антонио Митриќески, во 2002 година е прикажан на фестивалите „Wine Country Film Festival“ во Калифорнија, САД и на „GoEast Film Festival“ во Висбаден, Германија.

- Краткиот филм „Правосмукалка“, испитен филм на Марија Апчевска, студентката по филмска и ТВ режија во класата 2006-2010 на проф. Столе Попов и доц. Антонио Митриќески, во 2008 година беше прикажан на фестивалот „9.RAF – Zagreb student selection - Na putu prema...“ во Хрватска, како и на фестивалот „57. Short metar – Belgrade student selection“ во Србија.

- Во 2008 година, документарниот филм „Снежно поле“ на Марија Апчевска беше прикажан на фестивалот „Skena up 2008“ во Приштина.

- Во 2008 година, во рамките на Меѓународниот ТВ фестивал во Бар, Црна Гора, Ивана Нелковска, студентка по драматургија во класата 2006-2010 на проф. м-р Русомир Богдановски, доц. д-р Сашко Насев и насл. доц. Маја Стевановиќ, како и Косара Митиќ, студентка по филмска и ТВ режија во кла-

сата 2006/7 на проф. Столе Попов и насл. доц. Антонио Митриќески, учествуваат на Работилницата за ТВ-документарен филм.

- Испитниот филм „Еден“ на Вардан Тозија, студент по филмска и ТВ режија во класата 2002-2006 на проф. Столе Попов и асс. Антонио Митриќески, е прикажуван на фестивалите: „Prague Short Film Festival 2009“ во Чешка, „Bucharest Short Film Festival“ во Романија и на „Balkan Film Festival 2010“, во организација на Middle East Technical University во Турција.



„Еден“ на Вардан Тозија

- Во 2009 година, во рамките на Меѓународниот ТВ фестивал во Бар, Црна Гора, на Работилницата за ТВ-документарен филм учествуваат Горјан Милошевски и Билјана Крајчевска, студенти по драматургија во класата 2006-2010 на проф. м-р Русомир Богдановски, доц. д-р Сашко Насев и насл. доц. Маја Стевановиќ;

- Во 2008, 2009 и 2010 година, со свои студентски филмови учествуваат студентите од класите по драматургија и филмска и ТВ режија на Меѓународниот студентски филмски фестивал DUKA FEST во Бања Лука, Босна и Херцеговина.

- Дипломскиот филм од 2011 година „Девојчето со кибритчињата“ на Филип Матевски, студент по филмска и ТВ режија во класата 2006-2010 на проф. Столе Попов и доц. Антонио Митриќески, беше прикажан на фестивалите „Cairo International Film Festival for Children 2012“ во Египет, „Drim Fest Cinema 2012“ во Слатина, Романија, „In the Palace 2012“ во Бугарија, „Sound & Vision 2102“ во Србија, „Tuzla Film Festival 2012“ во Босна и Херцеговина, „Balkan Film Food Festival 2012“ во Албанија, „Giffoni-Experience 2013“ во Италија, „Children's Film Festival Seattle 2014“ во Вашингтон, САД и на „Children's Film Festival India

2018“. Сценариото за „Девојчето со кибритчиња-та“ е на Филип Матевски и Ивана Нелковска, директор на фотографија е Душан Кардалевски, а продуцент е Данко Димовски.



„Девојчето со кибритчињата“ на Филип Матевски

- Во 2012 година, краткиот филм „Бардо“ на Марија Апчевска беше прикажан на филмските фестивали: „Berlinale“ во Берлин, Германија, „Dream Fest International Short Film Festival“ во Романија, „Irish Film Institute - Family Film Festival“ во Ирска, „Tuzla Film Festival“ во Босна и Херцеговина, „Altin Koza International Film Festival“ во Турција, „Mediterranean Film Festival of Montpellier“ во Франција. Во 2014, „Бардо“ учествуваше на деветтото издание на фестивалот CIICFF „Bengaluru“ во Индија.



„Бардо“ на Марија Апчевска

- Во 2013 година, испитниот филм „Пролог“, снимен според сценарио и во режија на Кристина Ризовска, студентка по филмска и ТВ режија во класата на проф. Столе Попов и асс. Антонио Митриќески, беше прикажан на „Festival intergalactique de l’image alternative“ во Брест, Франција. Монтажер на филмот „Пролог“ е Михаил Димитров, а директор на фотографија е Кристијан Караџовски.
- Во 2013 година, испитниот филм „Направи сам“, снимен според сценарио и во режија на Андреј

Георгиев, студент по филмска и ТВ режија во класата 2012-2016 на вонр. проф. д-р Антонио Митриќески, беше прикажан на фестивалот „The goddess of the throne film festival“ во Косово. Монтажата е на Михаил Димитров, а директор на фотографија е Кристијан Караџовски

- Испитниот филм од 2013 година „Сидо – филм за човек што живее за филм“ на Тамара Котевска, студентка по филмска и ТВ режија во класата 2012-2016 на вонр. проф. д-р Антонио Митриќески, во 2014 година беше прикажан на „Romanian Documentary film festival“ во Романија, а во 2015 година на фестивалот SEE A PARIS во Франција, на „Teatro Mediteraneo Occupato“ во Палермо, Италија, како и на „Herceg Novi Film Festival“ во Црна Гора.

- „Шекспирова 9/1“, дипломски филм од 2013 година на Владимир Митревски-Ѓуле, студент по филмска и ТВ режија во класата 2010-2014 на проф. Столе Попов и вонр. проф. д-р Антонио Митриќески, беше прикажан на „Herceg Novi Film Festival 2014„ во Црна Гора, на фестивалот KRAF 2014 (Kragujevački festival antiratnog i angažovanog filma) во Крагуевац, Србија, како и на фестивалот „Short Film Festival of the Cote Bleue 2015“ во Франција.




„Шекспирова 9/1“
на Владимир Митревски-Ѓуле

- Испитниот филм од 2013 година „Најтешкиот чекор“ на Тамара Котевска, во 2015 година беше прикажан на Меѓународниот филмскиот фестивал „Tilt Challenge“ во Вашингтон, САД.
- Во 2014 година, испитниот филм „Љубител на сто кецови“, сценарио, режија и монтажа на Михаил Димитров, студент во класата за филмска и ТВ монтажа 2012-2016 на вонр. проф. м-р Лазар Секуловски и асс. м-р Владимир Павловски, беше прикажан на фестивалите „DocuMa“ во Макарска и на „Festival intergalactique de l’image alternative“ во Брест, Франција.
- Во 2014 година, дипломскиот филм „Враќање“ на Дина Дума, студентка по филмска и ТВ режија во класата 2010-2014 на проф. Столе Попов и вонр. проф. д-р Антонио Митриќески, беше прикажан на фестивалите „Herceg Novi Film Festival“ во Црна Гора, „Cameraimage Film Festival“ во Полска, „Pula Film Festival“ во Хрватска, „Los Angeles Cine Fest“ во САД, TMFM во Велика Британија, „Cinema City“ во Нови Сад, Србија, „360º Taratsa film festival“ во Солун, Грција, „Tuzla Film Festival“ во Босна и Херцеговина, „Festival of Tolerance“ во Загреб, Хрватска, како и на „Ugu Film Festival“ во Јужноафриканската Република. Директор на фотографија на филмот „Враќање“ е Наум Доксевски, а монтажата е на Мартин Иванов.




„Враќање“ на Дина Дума

- Во 2014 година, сценариото со наслов „Смртоносни избори“ на Тамара Котевска, е избрано за учество на Работилницата „Zagreb Jewish Talent Workshop“ во Хрватска.
- Во 2014 година краткометражните филмови „Супа од кокошка“ на Лидија Мојсовска, „Направи сам“ на Андреј Георгиев и „Надвор е ладно” на Ана Јакимска, студенти по филмска и тв режија во класата 2012-2016 на проф. д-р Антонио Митриќески, се прикажани на фестивалот „The Goddess on the Throne“ во Приштина.
- Испитните филмови „Последниот чин“ на Дина Дума, „Шекспирова 9/1“ на Владимир Митревски, „Аудиција“ на Лавинија Софрониевска и „(Вон)земјанинот Ли“ на Сашко Потер Мицевски се прикажани на „Herceg Novi Film Festival 2014“ во Црна Гора.
- Испитниот филм „Супа од кокошка“ на Лидија Мојсовска, студентка по филмска и ТВ режија во класата 2012-2016 на вонр. проф. д-р Антонио Митриќески, е прикажан и на „Children first: Anthropological Film Festival of Children and Youth 2015“ во Словенија.
- Испитниот филм од 2014 година „Кројачи“ на Тамара Котевска, во 2015 е прикажан на UNICA - Film Festival во Санкт Петербург, Русија и на „Herceg Novi Film Festival“ во Црна Гора.
- Во 2014 година, на фестивалот „Delhi Shorts International Film Festival“ во Индија е прикажан дипломскиот краткометражен документарен филм „(Вон)земјанинот Ли“ на Сашко Потер Мицевски, студент по филмска и ТВ монтажа во класата 2008-2012 на проф. Димитар Грбевски и доц. Лазар Секуловски. Режијата и монтажата на „(Вон)земјанинот Ли“ се на Сашко Потер Мицев-






„(Вон)земјанинот Ли“ на Сашко Потер Мицевски

ски, директор на фотографија е Наум Доксевски, а извршен продуцент е Илија Цiривири. „(Вон)земјанинот Ли“ е прикажан и на филмскиот фестивал EUROSHORTS 2014 во Полска, фестивалот КФФ 2015 (Краљевски филмски фестивал) во Кралево, Србија, на „Herceg Novi Film Festival 2015“ во Црна Гора, како и на Фестивалот на студентски филм „Буђење“ 2015 во Белград, Србија.





„Аудиција“ на Лавинија Софрониевска

- Дипломскиот филм од 2014 година „Аудиција“, во режија на Лавинија Софрониевска, сценарио Горјан Милошевски, директор на фотографија Дарио Секуловски и монтажа Мартин Иванов е прикажан на „Herceg Novi Film Festival“ во Црна Гора, „Pula Film Festival 2015“ во Хрватска, „Filmski Front Festival 2015“ во Нови Сад, Србија, „Short Film Festival of the Cote Bleue 2015“ во Франција, како и на „Tuzla Film Festival 2015“ во Босна и Херцеговина. Лавинија Софрониевска е студентка по филмска и ТВ режија во класата на 2010/11 на проф Столе Попов и вонр. проф. д-р Антонио Митриќески.

- Испитниот филм „Викај ме Барбара“ на Ана Јакимска, студентка по филмска и ТВ режија во класата 2012-2016 на вонр. проф. Антонио Митриќески, во 2014 година е прикажан на фестивалите: „Fringe! Queer Art and Film Festival“ во Лондон, Велика Британија, STIFF – „Sydney Transgender International Film Festival“ во Сиднеј, Австралија, „Balkans Beyond Borders Film Festival“ во Сараево, Босна и Херцеговина, како и на филмскиот фестивал „Balkan Fest 4“ во Солун, Грција.




„Викај ме Барбара“
на Ана Јакимска

- Испитниот филм од 2014 година „Надвор е ладно“ на Ана Јакимска е прикажан на фестивалите „Film Fest Kosova The Goddess on the Throne 2014“ во Приштина, Косово, KRAF 2015 во Крагуевац, Србија – AUDIENCE AWARD, на „Videnie International Festival 2015“ во Кемерово, Русија, како и на „Cherry Film Festival 2015“ во Ниш, Србија.
- Испитниот филм „Мама“ на Лидија Мојсовска е прикажан на „Herceg Novi Film Festival 2015“ во Црна Гора.
- Во 2014 година, сценариото „Смртоносни избори“ на Тамара Котевска е избрано да учествува на Работилницата „Zagreb Jewish Talent Workshop 2014“.
- Во 2014 година, на конкурс во рамките на проектот Регионална мрежа на академиите и факултетите за драмски уметности е избрано сценариото за краток игран филм на тема „Сведок на неправда“ на Сашо Кокаланов, студент по театарска и филмска драматургија, во класата 2014-2018 на проф. м-р Маја Стевановиќ и проф. д-р Сашко Насев. Сценариото на Сашо Кокаланов од ФДУ – Скопје беше меѓу петте избрани сценарија, според кои се реализирани пет кратки играни филмови.
- Во 2015 година, испитниот документарен филм „Зелени ѕидови, црна храна“ снимен според сценарио, во режија и монтажа на Сандра Ѓоргиева, студентка по филмска и ТВ монтажа во класата 2012-2016 на вонр. проф м-р Лазар Секуловски и асс. м-р Владимир Павловски, е прикажан на Интернационалниот филмски фестивал за документарен филм „DocuMa“ во

Макарска, Хрватска и е селектиран во официјална конкуренција на „Saraevo Film Festival“. Директор на фотографија е Марко Димитриевски, асистент на снимателот е Кристијан Караџовски, а извршен продуцент е Јована Мишкоска.

- Во 2015 година, Ана Јакимска со тритмент за долгометражен игран филм со наслов „Полноќен воз“, работен под менторство на вонр. проф. д-р Сашко Насев, учествува на MIDPOINT-работилницата за развој на сценарио, како и на Работилницата EASTWEEK во рамките на „Trieste Film Festival“ во Италија.

- Во 2015 година, испитниот филм „Карма“ на Владимир Митревски, студент по филмска и ТВ режија во класата 2010/11 на проф. Столе Попов и вонр. проф. д-р Антонио Митриќески е прикажан на фестивалите „Herceg Novi Film Festival“ во Црна Гора, „Holly Shorts“ во Лос Анџелес, Калифорнија, „Shortz! Film Festival“ во Чико, Калифорнија, „Los Angeles Cine Fest“ во Калифорнија, како и на „12 Months Film Festival - Cluj-Napoca“ во Романија.

- Во 2017 година, дипломскиот филм „Ќе дојдат децата“ на Ана Јакимска е прикажан на „Shanghai International Film Festival“ во Кина, „Tirana International Film Festival“ во Албанија, „Mequinensa International Film Festival“ во Шпанија, „FerFilm International Film Festival“ во Косово, LIFFE – „Student Competition“ во Србија, „Trieste Film Festival“ во Италија, „Mediterranean Short Film Festival of Tangier“ во Мароко, „Tehran International Short Film Festival“ во Иран, „International Kurzfilmtage Winterthur“ во Швај-

„Ќе дојдат децата“
на Ана Јакимска







царија, „Herceg Novi Film Festival“ и „Podgorica Film Festival“ во Црна Гора, „Mzansi Women's Film Festival“ во Јужноафриканската Република, „Balkan Film Food Festival“ во Албанија и KRAF во Србија. Во 2018 година, „Ќе дојдат децата“ учествува на филмските фестивали SEEFest во Калифорнија, САД, „Women and Minorities in Media Film Festival“ во Мериленд, САД, „ProFiFest“ во Прокупље, Србија и на LET'S CEE– Film Festival во Австрија. Краткиот игран филм „Ќе дојдат децата“ е работен според сценарио на Бранко Костевски, монтажер е Горјан Атанасов, директор на фотографија е Наум Доксевски, а извршни продуценти се Дејан Крајчевски и Марија Димитрова.

→ Дипломскиот филм „Награда“ на Лидија Мојсовска, во 2017 година е прикажан на фестивалите „Timi short“ во Тимисоара, Романија, „FreeZone“ во Белград, Србија и „Archipelago International festival of short film and new image“ во Рим, Италија. Во 2018 година, филмот е прикажан и на фестивалите: „Go Short International Short Film Festival“, Најмеген, Холандија - Специјална програма селектирана од Beri Shalmashi; „Movies that Matter“, Хаг, Холандија - Специјална програма селектирана од Beri Shalmashi; „Seven Hills International Film Festival“, Pécs & Komló, Унгарија - програма: натпреварувачка програма за „Hills Award 2018“; „2ANNAS ISFF“, Рига, Латвиа - програма: Good citizens, куратор: Jukka Peka Lakso, директор на Tampere Film Festival; „Kinosmena, Short Film Festival“, Минск, Белорусија - програма: Меѓународна конкуренција; SIFFCY, Њу Делхи, Индија - програма: Меѓународна конкуренција; „Balkan Film Food Festival“, Поградец, Албанија - програма: Меѓународна конкуренција; „Tirana International Film Festival“, Тирана, Албанија - програма: Гости; „Montenegro






„Награда“ на Лидија Мојсовска

Film Festival", Херцег Нови, Црна Гора - програма: Кратки филмови; START International Short Film Festival, Азарбејџан, Баку - програма: Меѓународна конкуренција; „Leuven International Short Film Festival", Leuven, Белгија - програма: European competition *Oscar and BAFTA qualifying; „FemArt", Приштина, Косово - ревијален фестивал; Divan Film Festival, Цетате, Романија - ревијален фестивал. „International student film festival New Wave" во Софија, Бугарија; филмски фестивал „Zlin Film Festival", Злин, Чешка.

- Во 2019 година, „Награда" се прикажа на интернационалните фестивали: „CMS International Children's Film Festival", Индија - натпреварувачка програма: World cinema; „Artinvita - Abruzzo International Festival", Abruzzo, Италија - програма: Balkan cinema express competition; „Cinesquare, SEE ONLINE FILM FESTIVAL" - програма: Меѓународна конкуренција; „Fresco International Film Festival", Ереван, Ерменија - програма: Натпреварувачка програма; „International Documentary & Short Film Festival of Kerala", Индија - програма: Меѓународна конкуренција; Balkan Filmdays, Минхен, Германија – фестивал од ревијален карактер; „Interfilm", Берлин, Германија - *Oscar qualifying Competition program (Human rights); „Dharamshala International Film Festival", Њу Делхи, Индија – Натпреварувачка програма. Краткометражниот игран филм „Награда" е снимен од директорот на фотографија Бранко Аврамовски, а монтажата е на Михаил Димитров.

- Во 2017 година, дипломскиот филм „STUDaNTS" на Тамара Котевска се прикажува на интернационалниот фестивал за документарен филм „DocuTIFF 2017" во Тирана, Албанија. Сценариото и режијата за документарниот филм „STUDaNTS" се на Тамара Котевска, монтажери се Сандра Георгиева и Андреј Ристески, а извршен продуцент е Ирина Лазарова.



„STUDaNTS" на Тамара Котевска

- Во 2018 година, испитниот филм „Другиот“ на Батухан Ибрахим, студент по филмска и ТВ режија во класата 2016-2020 на проф. д-р Антонио Митриќески и доц. м-р Борјан Зафировски, е прикажан на „Omladinski Filmski Festival Sarajevo 2018“ во Босна и Херцеговина, како и на фестивалите „Cinema Church 2018“ и ZOOM –Film Festival во Љубљана, Словенија.
- Испитниот филм со наслов „Тишина“ на Батухан Ибрахим е прикажан на филмскиот фестивал „Drim short 2018“ во Лесковац, Србија.
- Дипломскиот филм „Иднината е наша“ на Андреј Георгиев, студент по филмска и ТВ режија во класата 2012-2016 на вонр. проф. д-р Антонио Митриќески, е прикажан на POFF – „Shorts (Black Nights Film Frestival) 2018“ во Талин, Естонија, на PUNE –„Short Film Festival 2019“ во Пуне, Индија, на „Hollywood North Film Awards 2019“ во Торонто, Канада, на „Short Film Brakes 2019“ – Онлајн фестивал, на „Slum Film Festival 2019“ во Најроби, Кенија и на „Balkan Beyond Borders Short Film Festival 2019“ во Атина, Грција. Сценариото на „Иднината е наша“ е на Сашо Кокаланов и Андреј Георгиев, директор на фотографија е Дарио Секуловски, а монтажата е на Сандра Ѓоргиева.




„Иднината е наша“ на Андреј Георгиев

- Борјан Стојков, студент на трета година по филмска и ТВ режија во класата 2016-2020 на проф. д-р Антонио Митриќески и доц. м-р Борјан Зафировски, учествува на пичингот со проектот за филм со

наслов „Како научив да играм шах“, во рамките на работилницата „Индустрија на младоста“ на „Zagreb film festival 2019“ во Хрватска.

- Во 2019 година, дипломскиот филм „Обид за среќна приказна“ на Лавинија Софрониевска е прикажан на „International student film festival New Wave 2019“ во Софија, Бугарија, на „Pula Film Festival 2019“ во Хрватска, како и во официјалната селекција на „Adelaide International Youth Film Festival“ во Јужна Австралија. Монтажер на филмот „Обид за среќна приказна“ е Мартин Иванов, директор на фотографија е Дарио Секуловски, а дизајнер на звук е Сашко Потер Мицевски.






„Обид за среќна приказна“ на Лавинија Софрониевска

Во изминативе десетина години, студентите од сите катедри на ФДУ редовно ја поминуваат селекцијата за учество во програмата „Талент кампус“ на Сараевскиот филмски фестивал. Учеството на работилниците и мастеркласовите на „Талент кампус“ им овозможува на студентите ексклузивна можност да учат од некои од најголемите светски мајстори на филмската уметност.



Учесниците на „Талент Кампус“ со Benicio Del Toro

Учесниците на „Талент Кампус“ со Morgan Freeman



# Студентски награди и признанија на фестивали во странство

За своите уметнички остварувања, студентите на Факултетот за драмски уметности се носители на бројни меѓународни признанија и награди. Овие награди и признанија се потврда за нивниот талент и стекнати вештини во текот на студирањето, како и за уметничките квалитети на самите испитни и други дела. Но, исто така бројните награди и признанија на студентите на ФДУ–Скопје се доказ и за нивото и квалитетот на наставниот и на уметничкиот процес на Факултетот. Наведуваме дел од наградите во изминатите дваесетина години.

- Претставата „Туку така под облака“ (Мала станица – Скопје и Aarhus Theater, Копенхаген, Данска), на студентите по режија Дарко Митревски и Александар Поповски во класата 1990-1994 на вонр. проф. Слободан Унковски и доц. Столе Попов, ги освојува следниве награди: наградата за најдобар театарски експеримент


НОВА МАКЕДОНИЈА 5 март 1996 стр. 9

НА ФЕСТИВАЛОТ НА ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН АЛТЕРНАТИВЕН ТЕАТАР ВО ПОДГОРИЦА, ЦРНА ГОРА

Гран При за „Туку така под облака“

● Оваа претстава, во продукција на КЦ „Мала станица“, а во режија на Александар Поповски и Дарко Митревски, наградата ја доби во конкуренција на 14 претстави од 8 европски земји, а ја подели со проектот на Волкано театарот од Кардиф, Шкотска


Makedonci u Beogradu

Lijek protiv dosade

Novi talenti

"Trip" u "Gradini"

НА ПРОЮОТ ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ФЕСТИВАЛ „ИНФАНТ '95" ВО НОВИ САД

Главната награда за „Туку така под облака"


НА ФЕСТИВАЛОТ ВО ЕРЛАНГЕН, ГЕРМАНИЈА

Првата награда за „Туку така под облака"

ВОТОТ

на Интернационалниот фестивал на алтернативен и нов театар INFANT во Нови Сад, Србија, во 1995 година; наградата „Grand Prix" на Фестивалот на интернационален алтернативен театар FIAT во Подгорица, Црна Гора во 1996 година; наградата „Grand Prix" за најдобра претстава на фестивалот ARENA 96 во Ерланген, Германија.

- „Мијачи на прозорци", испитниот документарен филм на Филип Апостолски, студент по филмска и ТВ режија во класата 1994-1998 на вонр. проф. Столе Попов и асс. Антонио Митриќески, во 1997 година, е награден на Меѓународниот студентски филмски фестивал во Полска, одржан при Високата државна филмска школа во Лоѓ.
- „1/4", испитниот филм на Атанас Георгиев, студент по филмска и ТВ монтажа во класата 1996-2000 на вонр. проф. Димитар Грбевски и пом. асс. Лазар Секуловски, во 2000 година добива награда за најдобар филм на Студентскиот филмски фестивал 2000 во Пловдив, Бугарија. На „Student Film Festival 2001" во Марибор, Словенија, добива награда за најдобра режија, а на Полскиот филмски фестивал 2001 во Лоѓ е прогласен за најдобар филм.
- За својот дипломски документарен филм „Радоста на животот", Светозар Ристовски, студент по филмска и ТВ режија во класата 1998-2002 на проф. Столе Попов и асс. Антонио Митриќески, во 2002 година ја добива наградата „Grand Prix" на „GoEast Film Festival", во Висбаден, Германија, како и наградата „Hertie Foundation Prize" за најдобар

документарец во меѓународна конкуренција на „Wine Country Film Festival“ во Калифорнија.

- Дипломскиот филм „Портретот на еден уметник во 21-от век“ на Борјан Зафировски, студент по филмска и ТВ режија во класата 1994-1998 на вонр. проф. Столе Попов и асс. Антонио Митриќески, во 2002 година е прогласен за најдобар филм од студентското жири на Фестивалот на краткометражен филм „Мајнхајм 2002“ во Германија, а на Маѓународниот фестивал на краткометражен филм „Хамбург 2002“ во Германија, добива награда за најдобар филм.

- Дипломскиот документарен филм „Адам и Ева“ на Ѓорче Ставрески, студент по филмска и ТВ режија во класата 1998-2002 на проф. Столе Попов и асс. Антонио Митриќески, во 2006 година ја добива интернационалната награда „Special Jury Mention“ на фестивалот „ZagrebDox 2006“ во Хрватска.

- Дарја Ризова, студентка на проф. Кирил Ристоски и насл. доц. Зоја Бузалковска од класата 2006-2010, за улогата на Лора во испитната претстава по театарска режија на Нина Николиќ „Стаклена менажерија“, ја добива наградата „Адриана“ за најдобра женска улога во 2008 година на Меѓународниот студентски фестивал СКЕНА АП во Приштина.

- Испитната претстава од трета година „Оркестар ББ“, според Б. Брехт, на студентите од класата 2007-2011 на вонр. проф. м-р Владо Цветановски и доц. м-р Мими Таневска-Србиновска, на Интернационалниот фестивал FIST 06 во Белград, во 2010 година ја добива првата награда од стручното жири и првата награда од публиката.











➜ Наташа Петровиќ, како студентка од четврта година во класата 2007-2011 на проф. м-р Владо Цветановски и доц. м-р Мими Таневска-Србиновска, ги освојува наградите „Best young actress in Europe" – „Berlin Film Festival 2011" – SHOOTING STARS, како и наградата „Best actress" – „Seattle International Film Festival 2011".



➜ Испитниот филм „Бардо" на Марија Апчевска, студентката по филмска и ТВ режија во класата 2006-2010 на проф. Столе Попов и доц. Антонио Митриќески, во 2012 година ги добива наградите за најдобар краток филм на фестивалите „Dream Fest International Short Film Festival" во Романија и на „Tuzla Film Festival" во Босна и Херцеговина, а на „Mediterranean Film Festival of Montpellier 2012" ја освојува наградата „Cinecourt Award" (by Cine+).

➜ Стефан Вујисиќ, на Интернационалниот фестивал URBAN FEST во Ниш, во 2012 година ја добива наградата „Цар Константин" за главна машка улога во испитната претстава



„Досие копче“ на студентите од прва година во класата 2011-2015 на вонр. проф. м-р Мими Таневска-Србиновска.

- Сценариото „Смртоносни избори“ на Тамара Котевска, студентка по филмска и ТВ режија во класата 2012-2016 на вонр. проф. д-р Антонио Митриќески, е избрано да учествува на Работилницата за развој на сценариото на „Zagreb Jewish Talent Workshop 2014“ во Хрватска.

- Дипломскиот филм „Враќање“ на Дина Дума, студентка по филмска и ТВ режија во класата 2010-2014 на проф. Столе Попов и вонр. проф. д-р Антонио Митриќески, во 2014 година добива Гран при награда за краткометражен филм во рамките на студентската програма на „Herceg Novi Film Festival“ во Црна Гора. Истата година, „Враќање“ ја добива наградата за најдобар краток филм на месецот на TMFM (The Monthly Film Festival) во Велика Британија.




- За „(Вон)земјанинот Ли“, дипломски краткометражен документарен филм, Сашко Потер Мицевски, студент по филмска и ТВ монтажа во класата 2008-2012 на проф. Димитар Грбевски и доц. Лазар Секуловски, во 2014 година ја освојува наградата за најдобра монтажа на документарен филм на фестивалот „Delhi Shorts International Film Festival“ во Индија. Филмот „(Вон)земјанинот Ли“ е добитник и на наградата за најдобар документарен филм на 16-от фестивал на студентски филм „Будење“ 2015 во Белград, Србија.

- „Шекспирова 9/1“, дипломски филм од 2013 година на Владимир Митревски Ѓуле, студент по филмска и ТВ режија во класата 2010-2014 на проф. Столе Попов и вонр. проф. д-р Антонио Митриќески, на осмото издание на фестивалот КРАФ 2015 во Крагуевац, Србија, ја добива првата награда од жирито за најдобар студентски филм, но и наградата од публиката за најдобар филм.



- Едночинката „Шах – мат, љубов моја“ на Мила Јовановиќ, студентка од класата по театарска и филмска драматургија на проф. м-р Маја Стевановиќ и д-р Сашко Насев, во 2014 година е избрана на конкурсот на проектот „Регионална мрежа на академиите и факултетите за драмски уметности“ да биде дел од омнибусот со наслов „Проект: Правда“.
- Сценариото „No Money No Honey“ на Сашо Кокаланов, студент по театарска и филмска драматургија, во класата 2014-2018 на проф. м-р Маја Стевановиќ и проф. д-р Сашко Насев, во 2014 година е избрано на конкурс за сценарио за краток игран филм во рамките на проектот „Регионална мрежа на академиите и факултетите за драмски уметности“. Сценариото на Сашо Кокаланов од ФДУ – Скопје беше меѓу петте избрани сценарија според кои се реализирани пет кратки играни филмови во 2015 година, на темата „Сведок на неправда“.
- „Надвор е ладно“, испитниот филм од 2014 година на Ана Јакимска, студентка по филмска и ТВ режија во класата 2012-2016 на вонр. проф. Антонио Митриќески, ја добива наградата од публиката за најдобар филм на фестивалот KRAF 2015 во Крагуевац, Србија и влегува во официјалната селекција на „Videnie International Festival 2015“ во Кемерово, Русија.
- За испитниот филм од 2013 година „Најтешкиот чекор“, Тамара Котевска, студентка по филмска и ТВ режија во класата на вонр. проф. д-р Антонио Митриќески, во 2015 година го освојува третото место (Bronze Award) на меѓународниот филмски фестивал International „Tilt Challenge Washington DC“ во САД.
- Испитниот филм „Кројачи“ на Тамара Котевска, во 2015 година го освојува првото место за најдобар краток филм и за најдобра камера на фестивалот „UNICA Film Festival” во Санкт Петербург, Русија.
- Испитниот документарен филм „Зелени ѕидови, црна храна“, по сценарио, во режија и монтажа на Сандра Ѓоргиева, студентка по филмска и ТВ монтажа во класата 2012-2016 на вонр. проф м-р Лазар Секуловски и асс. м-р Владимир Павловски, влегува во официјална конкуренција на „Saraevo Film Festival 2015“ во Босна и Херцеговина.

- Тритментот за долгометражен филм „Полноќен воз“ на Ана Јакимска, работен под менторство на проф. д-р Сашко Насев, е добитник на единствената награда на Работилницата EASTWEEK , во рамките на „Trieste Film Festival 2015“ во Италија. За „Полноќен воз“ Ана Јакимска ја добива и наградата за развој на сценарио на „Мидпонт“ – учество на професионален копродукциски маркет на фестивалот во Трст, „When East Meets West“.
- Дипломскиот филм „Награда“ на Лидија Мојсовска, студентка по филмска и ТВ режија во класата 2012-2016 на вонр. проф. д-р Антонио Митриќески, во 2017 година ја добива специјалната награда од жирито на фестивалот „Timi short“ во Тимисоара, Романија, а на фестивалот „FreeZone“ во Белград, Србија – наградата од публиката за најдобар социјално ангажиран краток филм. Во 2018 година, дипломскиот филм на Лидија Мојсовска добива шест нови награди: награда од публиката на фестивалот „Киносмена“ во Минск, Белорусија, награда за најдобра приказна од младото жири и специјална награда од професионалното жири на фестивалот SIFFCY во Њу Делхи, Индија, наградата „Balkan Spirit“ на фестивалот „Balkan Film Food“ во Поградец, Албанија, специјалната награда на „Leuven International Short Film Festival“ во Белгија, како и наградите за најдобро сценарио и за најдобар филм (награда од публиката) на „New Wave International Student Festival“ во Софија, Бугарија. Во 2019 година, филмот на Мојсовска добива две награди на фестивалот „Artinvita“ во Италија, а награден е и на интернационалниот филмски фестивал „Fresco“ во Ереван, Ерменија.




Дипломскиот филм „Награда“ на Лидија Мојсовска

- Дипломскиот филм „Ќе дојдат децата“ на Ана Јакимска е номиниран за најдобар краток филм (Golden Goblet Nomination) на „Shanghai International Film Festival 2017“ во Кина, а ги добива и наградите за најдобар краток игран филм на фестивалите „Mequinensa International Film Festival 2017“ во Шпанија и на „FerFilm International Film Festival 2017“ во Косово. Филмот „Ќе дојдат децата“ е добитник и на наградата за најдобар дебитантски филм на „Tirana International Film Festival 2017“ во Албанија, како и за најдобра режија во селекцијата на студентски филмови на LIFFE 2017 во Србија.

- Со дипломскиот филм STUDaNTS („Студенти“) Тамара Котевска ја добива наградата за најдобар балкански филм на третото издание на „Tirana International Documentary Film Festival - DocuTIFF 2017“ во Тирана, Албанија.

- „Ревизор“, испитна претстава на студентите од втора година во класата 2015-2019 на проф. м-р Мими Таневска, е добитник на првата награда за најдобра претстава на 11. меѓународен интернационален фестивал ДИОНИЗ 2018 во Хрватска.




- Дипломскиот игран филм од 2011 година „Девојчето со кибритчињата“ на Филип Матевски,



студент по филмска и ТВ режија во класата 2006-2010 на проф. Столе Попов и доц. Антонио Митриќески, на „Children's Film Festival India 2018" ја добива наградата за најдобар краткометражен филм.

- Дипломскиот краткометражен игран филм „Обид за среќна приказна" на Лавинија Софрониевска, студентка по филмска и ТВ режија во класата на 2010-2014 на проф. Столе Попов и вонр. проф. д-р Антонио Митриќески, ја добива највисоката награда – Гран при (Grand Prix) на Интернационалниот студентски филмски фестивал „New Wave 2019" во Софија, Бугарија.

- „ММЕ кој прв почна", испитна претстава на студентите од трета година во класата 2015-2019 на проф. м-р Мими Таневска, ја освои специјалната награда CREATING A THEATRE SPACE OUTSIDE OF TIME на Интернационалниот фестивал „Danail Chirpansky 2019" во Стара Загора, Бугарија.

- Стефан Миленков, студент од прва година во класата по театарска и филмска драматургија 2018-2022 на проф. м-р Маја Стевановиќ и доц. м-р Сашо Кокаланов, со испитната драмска сцена „Отвори врата!" за предметот Драматургија кај проф. м-р Маја Стевановиќ, го освои првото место на Меѓународниот конкурс „One Minute Play Contest", организиран од страна на АГРФТ– Љубљана, Словенија, во 2019 година.






- Борјан Стојков, студент на трета година по филмска и ТВ режија во класата 2016-2020 на проф. д-р Антонио Митриќески и доц. м-р Борјан Зафировски, ја освојува првата награда на пичингот во рамките на програмата „Industrija mladost!“ на „Zagreb Film Festival 2019“. Наградата е пост-продукција на филмот.
- Во 2019 година, Јована Спасиќ, студентка по актерска игра во класата 2017-2021 на проф. д-р Сузана Киранџиска и доц. м-р Кристина Леловац, ја освојува наградата за најдобар рецитатор на поезија на фестивалот за рецитирање поезија „Дани Данила Лазовиќа” во Прибој, Србија. Јована Спасиќ го слуша предметот Сценски говор и техника на глас кај вонр. проф. м-р Тихомир Стојановски.






# академска сцена

факултет за драмски уметности



Првите обиди за формирање на Академската сцена датираат од 1992 година. Со објава на испитните претстави и филмови и нивно играње на сè уште старата сцена на ФДУ, се прават првите чекори кон репертоарно прикажување на студентските претстави и филмови за пошироката јавност. Во документите се среќава како Сцена ФДУ, а отпечатени се билети, објави, информации, покани.













ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ - СКОПЈЕ

ПРИКАЖУВА

ДИПЛОМСКА ПРЕТСТАВА ПО АКТЕРСКА ИГРА

Тенеси Вилијамс

ТРАМВАЈОТ НАРЕЧЕН ЖЕЛБА



ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ

ПРИКАЖУВА

ДИПЛОМСКА ПРЕТСТАВА ПО АКТЕРСКА ИГРА

Тенеси Вилијамс

ТРАМВАЈОТ НАРЕЧЕН ЖЕЛБА

Во 1996 година, со реконструкцијата на дел од бараките на ФДУ, се гради и новата сцена, со поголемо гледалиште и пофункционален и помодерен сценски простор. Оваа сцена, во време на одржувањето на „Скомрахи", ја отвора професорот Горан Стефановски со свое предавање пред домашните студенти и гостите на фестивалот. Веднаш по завршувањето на фестивалот, на 5.4.1996 година, со претставата „Часови по лудило", според пет текста на Горан Стефановски, во адаптација и режија на Зоја Бузалковска, тогашна студентка по Театарска режија од втора година, официјално се отвора Академската сцена. Отворањето во 1996 година повлекува уште неколку изведби на претстави специјално подготвени за Академската сцена. Но, по некое време таа замира.



АКАДЕМСКА СЦЕНА - ФДУ

# ЧАСОВИ ПО ЛУДИЛО

Адаптација работена по драмите „Диво Месо“, „Лет во место“, „Hi-Fi“, „Дупло дно“ и „Тетовирани души“ на Горан Стефановски

Петок, 5.04.1996
Почеток
20.00

ИГРААТ:

Михајло, Андреја, Матеј
Вељан, Јаков ........ Роберт Вељановски
Евто, Стево ........ Дејан Лилиќ
Димитрија, Стреко ........ Александар Микиќ
Борис, Божо ........ Сашо Тасевски
Марија, Султана ........ Олгица Христова
Параскева ........ Јелена Жугиќ
Кристина ........ Билјана Хамамџиева
Девојки

РЕЖИЈА И АДАПТАЦИЈА: Зоја Бузалковска
КОРЕОГРАФИЈА: Кремаре Невзати - Кери
ОРГАНИЗАЦИЈА: Павле Илиевски
ИНСПИЦИЕНТ: Александра Бошковска

Во претставата е користена музика од soundtrack-от за филмот „Before the Rain“ на Анастасија.
„Часови по лудило“ е студентска вежба по Театарска режија од I година, изведена на 21.05.1995 година.

**ФАФЉУКТЕН САРМУСАКЛИН ЈУСАНАМА БЕЧ.** Ти си уморен. Одамна не си јадел, жеден си. Малаксан. Главата ти е тешка. Ти се спие. Ништо не гледаш, ништо не слушаш, ништо не разбираш. Ќе спиеш долг сон, ќе ги исполнуваш моите наредби.

**ФАФЉУКТЕН САРМУСАКЛИН ЈУСАНАМА БЕЧ.**

Го сакам дедо ти!




ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ СКОПЈЕ
FACULTY OF DRAMATIC ARTS SKOPJE

Факултетот за драмски уметности и "Епоха" имаат чест да Ве поканат на промоција на книгата "ЧОВЕКОТ И МАСКАТА" од проф. Љубиша Георгиевски. Промоцијата и коктелот ќе се одржат на 24. 10. 1996 (четврток) со почеток во 19,00 часот во Салата на Факултетот за драмски уметности - Скопје.

ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ - СКОПЈЕ
FACULTY OF DRAMATIC ARTS

Скопје Македонија

ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ - СКОПЈЕ

Има чест да Ве покани на промоцијата на книгата на

**РУСОМИР БОГДАНОВСКИ**

под наслов

***КОМЕДИИ***

Промоцијата ќе се одржи на 17.12.1997 година (среда) во 12,30 часот во аулата на Факултетот за драмски уметности - Скопје (ул."Руѓер Бошковиќ" бб.).

За книгата "Комедии" ќе говори писателот и професор на Факултетот за драмски уметности, **Благоја Иванов.**

Во 2006 година, на иницијатива на класата по театарска режија 2006-2010, Академската сцена повторно заживува и овој пат успева да одржи репертоар во континуитет. Со завршувањето на оваа класа, се чини дека Академската сцена повторно ќе замре. Но, по кратка пауза од само една година, новиот импулс го дава проф. Владо Цветановски, назначувајќи координатор од штотуку дипломираните студенти. Понатаму, станува редовна практика студент/ка од актуелните класи да биде координатор на Академската сцена, која има свој редовен репертоар најмалку двапати во неделата. Се изведуваат испитни претстави или филмови по Актерска игра, Театарска режија, Драматургија/Драмски читања, Филмска режија, Филмска и ТВ монтажа, Филмско и ТВ снимање, како и самоиницијативни проекти на студентите или професорите. На бројот на изведбите и на бројот на посетителите на одредени претстави и филмови, можат да им позавидат и професионалните театри и кина. Претставите и филмовите од Академската сцена неретко гостуваат и на домашни и на меѓународни театарски и филмски, студентски и други фестивали.

Нема помагичен простор на ФДУ од оној на Академската сцена, нема „послободна територија“ од бараката-кутија во која секој ден се случува по некоја мала синергија на творечка креативност, на уметничка храброст, на радост од совладана вештина во некој од драмските занаети, на остварен сон што ќе биде никулец на нова, автономна, генерациска или индивидуална уметничка визија.

Светскиот ден на театарот (27 март) на Академската сцена редовно се одбележува со читање на македонската и светската театарска порака, по што следува театарскиот маратон.

Во рамките на Академската сцена се одржуваат и работилници на истакнати професори и уметници од земјава и од странство, како Лордан Зафрановиќ, Милчо Манчевски, Јошико Чума, Данте Спиноти, Душан Јовановиќ, Димитрис Сотириу, Александар Ацев, Горан Марковиќ, Срѓан Карановиќ, Рајко Грлиќ, Анте Томиќ, Кахејн Куперман и многу други. На меѓународен план, кон реализација на активностите на Академската сцена се истакнува соработката со Амбасадата на Шпанија, Амбасадата на Израел, како и Амбасадата на Јапонија.

Активностите на Академската сцена се реализираат со самофинансирање, како и со финансиска помош од УКИМ, а во последните две години Академската сцена добива финансиска поддршка и од Министерството за култура.

Академската сцена ја слави уметноста во целина, без да ја става во тесната кожа на еден медиум, на една дисциплина или на една перспектива, па така таа е отворена и за студентите од Факултетот за ликовни уметности, Факултетот за музичка уметност, Архитектонскиот факултет, Филолошкиот факултет, но и за факултети и студенти од други градови и држави. Затоа репертоарот на Академска изобилува и со независни театарски и филмски проекти, изложби, концерти, промоции на книги, панел-дискусии, отворени предавања. Може да се каже дека Академската сцена претставува зародиш на студентски културен центар, кој со децении му недостасува на нашиот образовен и културен простор.

Сцена од претставата „Оркестар ББ“, Драмски актери класа 2007-2011, Бифе ФДУ, 2010



Органски дел од Академската сцена е и Бифето на ФДУ. Институција само по себе, ова бифе до денеска го водат Виолета и Горан Станојевиќ, попознати како Вики и Гого. Од 2006 година Бифето соработува со Академската сцена, па така, дел од програмата се случува и во овој простор. Освен секојдневната пријатна атмосфера, бифето е познато и по одличните забави и свирки, кои започнуваат по завршувањето на програмските активности на Академската сцена, на фестивалот „Скомрахи“ или на настаните од времен карактер и неретко траат до раните утрински часови.

Академската сцена игра обединувачка улога за сите студенти на УКИМ, но и за средношколците и младите од градот. Таа ги регрутира идните студенти на овој факултет, но и анимира театарска и филмска публика. Во времето на студентските протести, таа беше важен сегмент од Слободната зона, а низа пројави на граѓански и студентски активизам беа артикулирани токму на овој простор. Една од ваквите пројави беше и проектот-протест на студенти и професори истомисленици од ФДУ - „SYSTEM ERROR“, по текст на проф. Маја Стевановиќ, во режија на проф. Зоја Бузалковска, а во продукција на проф. Игор Вецовски и проф. Зоја Бузалковска. Покрај многуте студенти по актерска игра од сите тогаш актуелни класи, во претставата играа и проф. Елјеса Касо, проф. Сузана Киранџиска, доц. Кристина Леловац и доц. Александар Степанулески. Во претставата, која гласно му се спротивстави на политичкиот режим, што секојдневно ја загрозуваше дури и слободата на академската заедница, се зборуваше на македонски, албански и турски јазик.

Важно е да се истакне и дека на Академската сцена се одиграле голем број хуманитарни претстави, па така, таа станува место во кое младите академски граѓани на оваа земја учат да бидат општествено одговорни, солидарни, толерантни, прогресивни личности, со изграден морален став, несебични кон големата заедница на која ѝ припаѓаат: човештвото во најубавата смисла на овој збор.



Проект-протест на студенти и професори истомисленици од ФДУ - „SYSTEM ERROR“

# Почеток на сè

Детето, некаде во повисоките одделенија на основното училиште, вџашено влегува во бараката во која ги нема бистите од Драмски, ниту официјалноста на МНТ. Затоа, во партерот детето чувствува некаква чудна интимност, блискост, би рекол, со девојките и момчињата на сцената, не многу постари од него.

Не можев да одолеам на желбата да се вратам station наназад, на мојот прв контакт со сцената на која продефилира цветот на македонскиот современ театар, како студенти или дипломци, како професори или асистенти. И уште, бидејќи навистина сметам дека таа интимност и блискост, имено, треба да се чувствува на сцената каде што почнува Театарот.

Академската сцена, се разбира, не е само простор. Иако, нели, во перформативните уметности просторот има значајна улога. Доколку театарот е коректив на општествената и културната стварност, Академската сцена е местото од каде што сè почнува. Местото каде што се учи и се игра, се знае и се греши. Академската сцена на ФДУ, низ годиниве што изминаа, беше и место на отпор и на најави на блескави актерски и режисерски уметнички кариери. Книгата што ја држите в раце е најдобар сведок за тоа колку големи и значајни уметници поминале низ Академската сцена. Колку опуси се почнати токму од малото баракиче до Бифето. Токму затоа, верувам, уште повеќе, сигурен сум дека и понатаму, оние кои ќе поминуваат низ Академската сцена ќе ја зацврстат иднината на македонскиот театар.

**проф. д-р Мишел Павловски**
**Институт за македонска литература**

# Академска сцена како Хамлетово огледало

Академската соработка помеѓу Филолошкиот факултет „Блаже Конески“и Факултетот за драмски уметности трае повеќе години, но и мојата лична, преку различни облици на соработка и комуникација. Она што нè поврзува е драмата, односно областите на мојот професионален интерес, а тоа се англиската ренесансна драма воопшто, Шекспир, но и современата британска драма, предметите што ги предавам при Катедрата за англиски јазик и книжевност. Притоа, за мене таа комуникација е мошне значајна, зашто драмата како жанр ја има својата двојна природа – таа не е само книжевен текст, туку е и сценска изведба. Токму второв аспект е често во фокусот на дискусиите со студентите, затоа што сметам дека постојано треба да се има на ум дека драмските текстови што ги обработуваме се наменети за сцената, без оглед на тоа што нашиот пристап е анализа на драмата како книжевен жанр.

Оттаму, соработката со Факултетот за драмски уметности се појавува и во уште еден значаен облик, а тоа е отвореноста на Академската сцена при ФДУ за настапите на нашите студенти со нивните сценски проекти, кои што ги подготвуваат како презентации на час, а преку неформалната театарска работилница тие неретко прераснуваат и во студентски претстави базирани врз предметите што ги предавам.

И токму Академската сцена на ФДУ е местото каде што тие можеа во неколку наврати да се претставaт пред поширока публика, при што ФДУ секогаш несебично ги отвораше своите врати. Би сакала да напоменам и дека во следните академски години ќе ја имам можноста да бидам и дел од ФДУ на еден нов начин, преку изборниот предмет којшто студентите ќе можат да го изберат. Со тоа нашата соработка продолжува.

**проф. д-р Рајна Кошка Хот**
**Катедра за англиски јазик и книжевност**
**Филолошки факултет „Блаже Конески”**

# Жарот на театарските идеали

При секое одење да проследам некоја од испитните претстави на Академската сцена на Факултетот за драмски уметности во Скопје, се сеќавам на еден есеј од Роберт Музил за Московскиот художествен театар, тогаш сѐ уште раководен од Станиславски. Музил вели дека има нешто во тие изведби што на гледачите им остава впечаток дека присуствувале на чудо, чудо создадено благодарение на тоа што актерите не ги изгубиле ниту своите души, ниту вербата во театарот.

Во студентското доба, во кое се наоѓаат младите луѓе кои играат и живеат на Академската сцена, и покрај тоа што недостига професионалното театарско искуство, не е тешко да се создаде чудо, затоа што душите на оние кои играат се сѐ уште чисти и затоа што тогаш, на таа возраст, да се верува во театарот и да се носат во себе идеалите поврзани со него, е нешто толку вообичаено и едноставно како и самото дишење. Токму затоа мислам дека да се биде дел од нивната публика не значи само да се даде поддршка на младите уметници; да се биде таму значи и да се ужива во театарот и да се прими дел од таа свежа енергија. Таа по димензии мала академска сцена е секогаш полна со големи изненадувања и гледачите никогаш не можат да знаат што можат да очекуваат – освен едно нешто: дека ќе бидат фасцинирани. Секогаш кога одам таму, знам дека одново ќе ме фасцинира имагинацијата на тие млади луѓе во начинот на кој, водени од своите професори и професорки, ги интерпретираат улогите, нивната подготвеност да го истражат непознатото во ликовите кои ги живеат на сцена, а оттаму, да ги истражат непознатите длабочини и на сопствената личност. Ме фасцинира сериозноста во актерскиот пристап и секако, енергијата, вербата, занесот и искреноста присушти на нивната возраст.

И во таквите мигови на фасцинација, во мене секојпат се појавува еден страв: што ќе биде со тие млади луѓе, со нивната верба, занес и идеали, во оној миг кога ќе излезат од бараките на факултетот, кои, колку и да изгледаат трошни, се всушност еден цврст бедем пред гнилоста на општествениот контекст во кој сме фрлени и кој со децении нѐ разјадува? Што ќе биде кога ќе се соочат со владеењето на тривијалноста и со деградацијата на вредностите, кои се наметнати од оние кои го диригираат и манипулираат тој контекст?



Сцена од претставата „Вујко Вања REVISITED“, Драмски актери, класа 2010-2014, Академска сцена на ФДУ, 2012

Можеби тајната на актерската величина е во тоа, и покрај сѐ, да се сочуваат тој жар, тој занес, тие идеали, а суровото соочување со реалноста да биде доживеано како едно животно искуство, кое заедно со продлабочувањето на тајните на занаетот, ќе биде вградено во сопствената личност. Затоа, на тие млади луѓе им посакувам да си понесат од тој жар на театарот од огништето на Академската сцена на ФДУ и да го чуваат во срцето за никогаш да не згасне и за да можат со него да светат на оние театарски сцени на кои ќе ги однесе животот.

**проф. д-р Гоце Смилевски**
**Институт за македонска литература**

# Место на творечко себепронаоѓање

Во театарот, како и во општеството, новоста често знае да се роди во навидум мали места на творечка слобода, кои стојат настрана од главните текови. Такво место е и Академската сцена при Факултетот за драмски уметности во Скопје. Оваа сцена овозможува студентите по актерска игра, режија, драматургија, да ги откриваат димензиите на театарското присуство и на неговата смисла пред да ги заведе големиот аплауз на професионалните сцени. Има нешто неповторливо во тоа младешко истражување на слободата: амбиција, енергија и храброст, кои подоцна знаат да спласнат под товарот на просечните репертоари.

Академската сцена на ФДУ е простор на творечкото себепронаоѓање: не само форма на испит по научена игра или режија, туку можност да се негува и да се означи сопствениот однос кон светот. Не е случајно што некои од испитните претстави од Академската сцена, поставени под менторство на плејада врвни професори (В. Милчин, В. Цветановски, С. Унковски, З. Бузалковска, М. Таневска-Србиновска, Р. Абази, С. Киранџиска, Е. Касо...), доживувале голем успех и бројни изведби и дома и во странство. Со задоволство сум ги гледал тие претстави, за некои и сум пишувал, бидејќи според силината на изведбата и според способноста за промислен експеримент, тие знаеле да ја растресат општата медиокритетската себедоволност. Од овие креативни истражувања произлегоа нови генерации актери, кои потоа втиснаа траен белег во македонскиот театар.

**проф. д-р Иван Додовски**
**Универзитет „Американ колеџ“, Скопје**

На прашањето упатено до најпознатиот современ руски драматичар Николај Кољада (кој има свој театар и своја школа за драматургија во Екатеринбург), „Дали не се плашите дека младите ќе ги украдат вашите идеи, решенија и сл.“, тој одговорил: „Не, попрво е обратно, јас сум тој што од нив учи и црпи сознанија и идеи!“

Ете го најсублимниот одговор за потребата од постоењето негувањето и развивањето на Академската сцена на ФДУ како суштински дел од целокупниот образовен процес.

Тодор Кузманов, театарски критичар

# Сплавот на иницијацијата

Академска сцена е свет, ритуален простор на иницијација во светот на професионализмот. Таа е сплавот на запловување кон светот на несвесното, на дотогаш само насетените можности во себе да се премавнат границите на сопствениот идентитет, да се ослободи креативниот потенцијал и на крилјата на колективната вообразба и партиципација да се оствари нов свет на меѓата, на тоа толку опасно место меѓу сонот и јавето, што само малкумина навистина одбрани можат да го следат неговиот повик. На овој сплав, студентите учат дека мораат да се потпрат еден на другиот, да се отворат истовремено една за другата, зашто единствено сплотени можат да ја преживеат бурата на изведбата. Во спротивно, сите заедно ќе потонат во згаснатиот поглед на очите на публиката и мртвилото на нивните непобудени души.

Токму фактот што испитите по актерска игра, режија, драматургија, камера, монтажа итн., се замислени и подготвувани како изведби и продукции наменети за широка публика е клучен за заокружување на образовниот процес на студентите на овој факултет. Иако сконцентрирани врз премиерната изведба (испитот), сепак, не завршуваат со неа, туку допрва почнува нов живот на претставата и низ интеракцијата со публиката, особено, ако таа е успешна и доживува повеќе изведби, па запловува евентуално и на меѓународната студентска сцена.

На домашната културна сцена, значењето на Академската сцена, со денес веќе востановените активности, октомвриското отворање (со „флеш-бек“проекции и поодамнешни успешни изведби) и бројни пролетни изведби и проекции, дебати и работилници врзани со чествувањето на Интернационалниот ден на театарот, е значајна не само за студентите на ФДУ, кај коишто го развива чувството и на континуитет и на припадност во генерациското надоврзување, туку и за студентската заедница воопшто. Вистинско задоволство е да се види дека секогаш одново се бара „столче повеќе“ во малечката сала со над стотина седишта и дека никогаш никој од десетиците „прекубројни“ не се буни што мора да стои за време на изведбите.

Битно е, меѓутоа, да се спомне дека од нејзиното основање, кога се наметна со голем полет, до денес, не секогаш Академската сцена имала ваков подем како што повторно има последниве години. Помнам и периоди на нејзино замирање и студентски генерации кои сплавареле до својата иницијација вон закрилата на генерациската и менторска поддршка. Дотолку е позначајно постојано да се негува развојот на студенстката сцена, да се има усет за нејзината моќ: критичка, креативна и онаа на вообразбата – под закрилата на универзитетската автономија да создава нови светови.

**проф. д-р Наташа Аврамовска**
**Институт за македонска литература**

# Наслушнување на брановите

Морска шир, чии бранови до брегот носат мирни, но и најразбранувани води од креации... Сончев или дождлив, сценски или синеастички одраз на стварноста – нашата Академска сцена.

„Искуството е поврзано со страшни нешта“, рекол Брехт. Во случајот со Академската сцена, стравот е поради одговорноста која доаѓа од потребата секој млад човек овде, да ја достигне посакуваната цел и да го покаже во најдобро светло стекнатото образовно искуство. Во духот на професијата, студентите, идни театарски и филмски актери, режисери, драматурзи, сниматели, монтажери и продуценти, но и останатите чинители околу Академската сцена, стравот пред секој настап го преточуваат во блага трема, за која знаат да кажат дека е делотворна, зашто ги насочува кон секој, меѓу нив договорен детаљ, од изведбата, проекцијата или читањето.

Овде некаде се надоврзува и бескомпромисниот Аристотел, кога вели: „Корените на учењето се горчливи, но плодовите се слатки“. За тие слатки плодови, од кои еден ден ќе егзистираат, отелотворени во долг аплауз, мечтаат, работат и се борат студентите од ФДУ, низ остварувањата на Академската сцена. Независно дали организирале, снимиле или монтирале филм или играат испитна претстава или неколку етиди, ден пред викенд или во текот на викендот, кога нивните врсници се слободни и планираат патувања или вечерни излегувања, младите поклоници на драмската и филмската уметност се под светлата на рефлекторите на малата-голема Академска сцена, на која во живо или низ проекции, прикажуваат различни уметнички толкувања на животот, базирани на дела од антиката, преку класиката до постмодерната драмска форма. Низ создадените сценски слики или монтирани кадри, од сцената прозвучуваат зборовите на плејада светски и домашни докажани писатели, древни мислители или млади надежи. Тие се важни за градењето на комплетниот едукативен и уметнички хабитус на студентите, но се разбира и за публиката, која од нив учи и осознава нови имиња, погледи и перспективи од стварноста. Или пак го восприема современиот прочит на одамна напишаното.

Клучното значење на Академската сцена на ФДУ-Скопје, е што таа делува како своевиден филтер и индикатор, кој го покажува талентот, посветеноста и подготвеноста на студентите. Накусо, таа ги покажува младите надежи на македонскиот театар и филм, реско одделувајќи ги идните ѕвезди од просечните или потпросечни нивни идни колеги. Академската сцена е како морски брег со надоаѓачки бунтовен, креативен, младешки наплив, потенцијал и енергија. Останува и понатаму да се наслушнува и следи, што ќе исфрлат новите бранови на копното.

**Сотир Трајков,**
**новинар за култура и театарски проследувач, ТВ Телма**

# Збор-два за академската сцена

Академска сцена. Не знам дали првите конекции со ФДУ ми се повеќе со луѓето таму или со Академската сцена. Веројатно и не треба да правам таква дистинкција.

ФДУ живее преку Академската сцена. Дише, расте, обединува. Гости таму не се само студентите од ФДУ, како на сцена, така и во публика. Сцената им припаѓа на сите, уметноста ги обединува. Освен што е подиум за најновите широкоспектарни креации на студентите од ФДУ, Академската сцена била и е домаќин и на студентите од Факултетот за музичка уметност и Факултетот за ликовни уметности. Место каде се сретнуваат сите уметности и сите генерации, каде се моделираат новите струи и уметничките текови во Македонија, место каде созреваат идеи, каде се калат таленти, каде се отвораат хоризонти, каде се раѓаат долгогодишни и искрени пријателства и соработки. Академската сцена е епицентарот на слободната мисла, алтернативата и андерграундот, фокусот на опитот (со или без успех), гравурата на современието.

Да не постоеше Академската сцена, секој кој барем еднаш ја посетил, би бил осиромашен за едно прекрасно искуство – сублимат на дружба, креација и откривање.

Академска сцена – тоа е синоним за љубов. Радост на живеењето.

**вонр. проф. м-р Дарија Андовска**
**ФМУ – Скопје**

# Сцена на слободната мисла

Најубавите спомени и моменти од тие тензични години и протести ми се од ФДУ со Академската сцена. Тие не беа само претстави, тоа за нас претставуваше дружба, нови познанства, слобода, пријателства, солидарност...

Во периодот на студентските протести, особено после студентската окупација, Академската сцена за нас се претвори во засолниште во кое можевме да изразиме отпор, желба за слобода, да ги поддржиме нашите колеги во нивната уметност, а тие преку претставите да ги доловуваат сите појави во општеството кои сакавме да се променат, правејќи го тоа многу вешто и енергично. А, тоа е и целта на театарот, нели? Академската сцена тогаш беше единственото место кое преку креативноста го изразуваше граѓанскиот активизам, што нè спојуваше без разлика кој од каде доаѓа. Многу научивме едни од други, имаше безброј дебати, полемики и несогласувања, уште повеќе љубов и солидарност. Се надевам дека Академската сцена, со истата љубов, посветеност и енергичност ќе продолжи да создава уметност, за генерациите кои доаѓаат да можат да го споделат истото чувство, да создаваат спомени кои на крајот ќе ги направат зрели, активни и борбени граѓани.

**Ивана Туфегџиќ,**
**политолог**








Претстави,
проекции
на филмови,
настани на
Академска
сцена, ФДУ






Only you, only you, only you.





# Координатори на **АКАДЕМСКА СЦЕНА**

## Генерациска порака

Студирањето на Факултетот за драмски уметности не претставува само период кога човек се стекнува со знаења во врска со областите кои ги изучува, туку и време и простор за самоиницијација. Понесени од идејата дека нашите повозрасни колеги активно играле на студентската сцена, решивме да вложиме напори тоа да го обновиме и да си докажеме себеси дека можеме и заслужуваме да имаме студентски театар кој ќе работи според принципите на „вистинските“ театри. Така и беше, обновивме нешто кое до ден-денес активно функционира. Академска сцена беше нашето прво вистинско соочување со публика каде она што го правевме беше изложено пред судот на оние кои не беа наши заштитници. Токму тогаш и таму ги доживеавме нашите први големи разочарувања, но и нашите први големи возбудувања.

Од друга страна, одговорноста која самите себеси си ја наметнавме, нè научи колку напор, љубов и посветеност бара функционирањето на еден театар. Сите работевме сè, сите верувавме во чуда и магии во кои и ден-денес веруваме. Класата 2006/2010 беше семејство кое преку Академската сцена создаде уште поголемо семејство, чиј дел беа сите класи кои во тој момент студираа на факултетот. Таа, Академската сцена, нè натера да разбереме дека љубовта и заемното почитување се единствен начин да градиме светови кои по исклучувањето на светлата и растурањето на декорот остануваат само во нашите срца и во колективната свест на публиката, која била со нас токму тогаш и таму.

**Класа Театарска режија,**
**генерација 2006-2010**

## „Сè се можи ко се сака!“

За значењето, улогата и функцијата на Академска сцена, дознав уште во првата година од моите студии на Факултетот за драмски уметности во Скопје. Младите студенти по режија го користеа секој момент, своите кратки етиди, сцени и испити да ги прикажуваат пред љубопитните. Набрзо, овие млади креативци направија Академската сцена да прерасне во нешто незаборавно. По дипломирањето на студентите по режија, студентите од продукција ја презедоа Академската сцена, која им овозможи простор за реализација на организаторските вештини. Но, за жал, по нивното дипломирање, како жарот на Академска сцена да стивна. Таа се врати на својата првобитна функција, да ги прикажува само испитните претстави, филмови и сè што е само во рамките на студиите.

Години подоцна, како дипломирана актерка, бев поканета од мојот драг, за жал сега покоен, професор Владо Цветановски, одново да го разгориме жарот на Академската сцена. Помеѓу играта со светкавите очила и врвовите на полужолтата брада, мојот професор во бифето кај Вики и Гого ми раскажуваше за идејата за новиот проект. „Ќе направиме сцена која ќе им парира на државните театри! То ќе биди сцена-сцениште, на кое ќе сакаат постарите актери и режисери да дојдат! Ами шо, да не не е така, ете тука, во бифето ќе го играме 'Оркестар ББ'. На сцена ќе се играат другите испити, ќе се прикажуваат филмови на филмската класа!“ Заразена со неговата енергија, ентузијазам и детска возбуда, веќе го имам во глава репертоарот: четврток – ден за студентски претстави; петок – ден за студентски филмови; сабота, ретро-ден – за стари испитни претстави и филмови. Со тоа ќе ги привлечеме веќе дипломираните славни актери, режисери, драматурзи...

„Да! Да! То, то, така Слаѓо! Ќе направиме тим. Ќе се направат состаноци, јас ќе зборам на наставнички! Оти мора да живни... оти да не можи! Сè се можи ко се сака!“

И навистина, сè се може кога се сака, но и кога се има професор како Владе кој верува во добра идеја, посветеност и труд, декан како Лазе кој е отворен за нови предизвици и техничка поддршка на златната

тројка – Влајко, Сотир и Гоше. За неполна недела се оформи координативно тело, на кое мојот професор, на моја чест и задоволство ме постави како координатор. Работевме заедно, сложно и неуморно со студентите од актерска игра, младите продуценти, режисерите, драматурзите... Камерманите ги правеа најубавите фотографии од изведбите и журките во бифето, кои закачени на социјалните мрежи привлекуваа уште повеќе публика! Набрзо, тридневниот репертоар го проширивме на четири дена, отворајќи ја Академската сцена за студентите од музичката и ликовната академија. Пред или по секоја претстава или филмска проекција организиравме активности во согласност со темата за тој ден.

Конечно, Академска сцена доби свој дел на веб-страницата на Факултетот за драмски уметности, во кој редовно ја известуваше публиката за својот репертоар.

**Слаѓана Вујошевиќ**
**(Драмски актери,**
**генерација 2007-2011)**

## Среќно на идните!

Јас не ни знаев дека ја водам „Академска". Мислам, јасно ми беше дека доаѓаа луѓе да ме прашуваат мене за Академска сцена и знам дека јас се муртев ако некој не сакаше да игра поради секогаш екстремно глупава причина... Плус, бев исклучително напната кога некој го скрши единственото канабе на Факултетот кое ни требаше за неколку испити и имав потреба да го најдам виновникот, пишувајќи по студентските групи на Фејсбук. Ете тие нешта ги памтам. Памтам и дека кога си отиде Цаце, немаше кој да продолжи, а професорот, сега покоен, Владо Цветановски рече дека тоа можам да го правам јас, притоа зборувајќи ми за Мира Траиловиќ. Ми недостигаат тие денови.

Академската сцена треба да ја водат студентите по актерска игра, за да сфатат колку важен простор е сцената и да научат дека е луксуз што ја имаат во тој даден момент. Среќно на идните!

**Ангела Стојановска**
**(Драмски актери,**
**генерација 2011-2015)**

## Аплаузот мора да трае!

Академската сцена беше збирно место на сите млади креативци кои со своите испитни претстави ја полнеа салата на ФДУ, каде секогаш се бараше место повеќе. Истата беше отворена и за соработка со останатите факултети: се случуваа изложби, концерти, промоции на книги, студентски фестивали, хуманитарни претстави. Зад завесата повторувавме текст, се смеевме и се мотивиравме. Тремата беше присутна секогаш, на некој му се потат дланките, на некој му паѓа шеќерот, а Ана, секогаш ставаше влажни марамчиња против трема во носот.

Дружби, проби, проби на сцена, во бифе, во двор, на кров, па и на шанк, разни планови, размена на идеи, развивање на креативноста, нови пријателства, забава! И, многу преспиени ноќи на Факултетот. Аплаузот мора да трае!

**Дарко Ристовски**
**(Драмски актери,**
**генерација 2015-2019)**

## Уметнички микрокосмос

Прво ќе те викнат да пушташ светло на нечиј испит, па ќе направиш неколку „иventi“ на Фејсбук, ќе застанеш на врата со шеширот и нема назад, следно веќе договараш репертоар за наредниот месец. Академска сцена одлично знае како да те вовлече во сопствениот хаос, а во кој, сепак, функционира некаков си ред на нештата. „Продукција си, вие треба да ја водите Академска“, ќе ти каже некој на проаѓање во бифе, а реченицата ќе ти одекнува во глава цело време. А од сите реченици, од сите зборови, глаголите најбрзо го менуваат своето време, од „дај да правиме“ до „види што направивме“, затоа што како продуцент, имаш желба да ја водиш Академска најдобро што можеш. Се бориш да го докажеш своето место на факултетот и зошто токму ти си избран да водиш еден слободен уметнички микрокосмос, кој ни припаѓа на сите и во кој сите сме ѕвезди. Барем на еден момент, кој трае четири години.

**Петар Антевски**
**(Продукција,**
**генерација 2017-2021)**

# Студентите за
# АКАДЕМСКА СЦЕНА

## Нејзиното височество – Академската сцена

**А,** има ли подобар и поискрен почеток!

**К**аде ќе научиш како, ако не таму!

**А,** како почна? Почна со нас.

**Д**есетици одиграни „Портокали“!!!

**Е**ј, направивме репертоарска претстава!

**М**алку е? Не, мислам многу е!

**С**е сеќавам на секоја изведба, на секој врисок од среќа кога ќе завршеше една и исчекувањето на нова.

**К**аде е следната? Штип? Прилеп? Кочани?

**А**јде! Одиме!

**С**цена стануваше секое место каде што бевме.

**Ц**ел еден свет понесов со себе од таму.

**Е**дна љубов која сè уште трае, расте, се преобликува, живее.

**Н**емаше да станам ова што сум

**А**ко не беа моите професори, ако се немавме ние и нејзиното височество – Академската сцена. Благодарна за сè!

**Јелена Јованова**
**(Драмски актери,**
**генерација 2003-2007)**

## Прв контакт со публиката

Академска сцена претставува реализирана идеја за продолжување на животот на испитите по Актерска игра, Театарска и Филмска режија, Камера, Монтажа... За мене беше еден вид практика, тренинг, шанса да се игра пред публика, прв контакт со публиката. Не е едноставно да излезеш од факултет и веднаш да играш на сцена пред 500 луѓе. Се сеќавам дека имавме по 30-40 плакати за секоја претстава. Одевме и по други факултети да ги информираме нашите колеги, делевме флаери, лепевме плакати и тоа се рашири меѓу поголем број луѓе. Како што минуваше времето, доаѓаа сè повеќе луѓе, кои секој петок ги гледаа нашите претстави. Кога имаше претстава во МНТ и во Драмски, тие избираа да дојдат на ФДУ. Позитивна енергија, упорност, ангажман, добра волја и голем ентузијазам, а публиката тоа го чувствува, таа е способна да ја открие енергијата и вистина-

та. И сега, кога ќе се потсетам на Академската сцена и ФДУ, можам веднаш да кажам дека тоа беше најубавиот период во мојот живот. Таа енергија, работа, слобода, посветеност, дисциплина, творење, дружење, верба и љубов кон нашата професија е чувство кое е секогаш со мене.

**Дарја Ризова**
**(Драмски актери,**
**генерација 2006-2010)**

## Микрокосмос

Академска сцена беше простор на слобода, но и одговорност истовремено. Пример за тоа дека со здружени сили може да се градат нови и убави светови. Микрокосмос во кој заштитени научивме колку е тешко да се прави и раководи со театар, но и место кое ни покажа колку се важни луѓето зад сцената.

**м-р Нина Николиќ**
**(Театарска режија,**
**генерација 2006-2010)**

## Супермаркет во седум наутро

Академска сцена? Тука, како студент, се постави мојот прв драмски текст. По неколкумесечно расправање и недоразбирање со колегите од режија, група актери - ентузијасти решија дека сакаат заедно да го поставиме текстот и наместо режисер, актерка да го води процесот.

Академската сцена беше расположена за еден ваков експеримент, а љубопитни за исходот беа сите останати. Почнаа пробите со еден драматург и седум актери – деца во супермаркет. Кога дојде времето да излеземе на сцена, единствените термини за проби беа во седум наутро, што за целата екипа беше нов предизвик. Скептични дека другиот ќе се разбуди доволно рано за да стигне навреме, следното утро точно во седум се сретна група ранобудни актери спремни за проба, збунети дека никој не доцни. Така беше и цела недела пред премиерата. По сите препреки, Академската сцена доби премиера, а јас бев среќна што на сцената оживеаја сите ликови кои претходно беа само замисла во мојата глава.

**Ивана Нелковска**
**(Драматургија,**
**генерација 2006-2010)**

## Мало „домашно“ кино

Академска сцена, петок навечер. Проекција на испитна вежба од прв семестар, прва година на новите студенти од Катедрата за филмска и ТВ режија. Во публиката професори, асистенти, студенти, пријатели, роднини. Првата асоцијација ми е трема, исчекување. Па, конечно аплауз, гушкање, забава во бифето кај Вики и Гого. И така пак од почеток на крајот на прва и секоја наредна година. Редоследот на случувања секогаш ист, а тремата сè поголема, правопропорционално со љубовта и приврзаноста за Академската сцена, нашето мало „домашно” кино и првите средби на нашите скромни студентски филмови со публиката.

**Марија Апчевска**
**(Филмска режија,**
**генерација 2006-2010)**

## „Случајот П“

„Случајот П”, познат и како „Портокалите”, покрај тоа што се играше на Академска сцена, паралелно се изведуваше и на неколку независни сцени во Скопје, Делчево, Кочани. Во тој период во МНТ најиграна претстава беше „Буре барут”, а во Драмски театар „Солунски патрдии”. Но сè уште имам чувство дека „Портокалите” ги одигравме повеќе пати од тие две претстави заедно.

**Борче Начев**
**(Драмски актери,**
**генерација 2003-2007)**

## Сецко за зелки

Се спремаме за испит на Академската сцена, апсурд, „Магбет“ од Јонеско. Апсурд? Професорот Кирил нè мотивира пред почетокот и се обидува да ни расчисти некои сценски ситуации кои повеќето од нас сè уште не успеваме да ги „свариме”. Ние сите на сцена, рефлекторите вклучени... Професорот ни зборува, ни зборува и... Во еден момент се отвора вратата зад сцената и влегува едно старче, вади зелка од торбата и ни вика: „Се извинувам, продавам сецко за зелки, дали сака некој да купи?”...

После тоа? После тоа сè ни стана јасно; професорот се изнасмеа и ни посака успешен испит.

**Александар Степанулески**
**(Драмски актери,**
**генерација 2006-2010)**

## Црната дупка се претвора во палата

Академска сцена. Црна дупка. Доволна е само тишина и еден актер да ја претвори таа дупка во палата. Во кожурец на очајот на актерот. Небо на неговиот ентузијазам. Ја претвора во палата пред вашите очи. Во село среде Русија – дури и птиците почнувате да ги слушате. Дами и господа, ви го претставуваме неговото величество актерот. Илузионист во раѓање. Кој после оваа сцена ќе се приклучи на циркусот со хиени, мајмуни, жонглери и кловнови.

**Висар Вишка**
**(Драмски актери,**
**генерација 1995-1999)**

## АС

Академска сцена (АС) за мене еден период беше Ангела Стојановска (АС). Сите ние бевме АС, сè што правевме за публиката: сите претстави, целиот маркетинг, забавите, публиката – беше тоа еден бран на неповторлива енергија, едно изминато време и чисти мисли.

**Милош Б. Андоновски**
**(Театарска режија,**
**генерација 2010-2014)**

## Да живее Академска сцена!

Никогаш не можеш да знаеш што си напишал, што си креирал за сцената, ако не ти се случи изведба на Академската сцена. За тоа што го работиш на факултет, за испитите, за желбите, идеите, аспирациите кои избиваат надвор од програмската шема на едукацијата – за тоа е таа сцена. Само така, луѓето надвор од ФДУ, може да видат како размислуваш, како создаваш. А тоа е прилично важно, најважно за секој што избира вака специфично да се реализира во животот.

Нема да заборавам колку ми значеше вниманието на публиката и дебатата по првото драмско читање на мојата прва драма на ФДУ. Исто така, претставата „Lo Schiavetto“ во режија на Лука Кортина, на која работев како драматург со Билјана Крајчевска и како актер, се одигра благодарение на Академска сцена. Собравме добра смеа и аплаузи. Малку подоцна, покажав неколку кореографии и брејкденс талент во бифето... Се смеам, пијачките беа слатки. За ова може да посведочат присутните ☺. И за тоа е виновна оваа сцена. Да живее Академска сцена!

**Горјан Милошевски**
**(Драматургија, генерација 2006-2010)**

## Љубов и возбуда

Академската сцена за нашата класа значеше многу. Значеше љубов. Значеше возбуда. Значеше дишење со публиката. Значеше почеток на нешто прекрасно. Би дала сè, да може да се врати тоа време и да дишеме сите како еден со секоја нова изведба, играјќи ја одново и одново нашата „Оркестар ББ”. Ти благодарам *Академска*, благодарам „Оркестар ББ”, ви благодарам Владо и Мими, професори што нè подготвивте за идни предизвици, претстави, за улоги и за нашите соништа.

**Катерина Чакмакоска**
**(Драмски актери,**
**генерација 2007-2011)**

## Наше место

Академска сцена е местото каде што првпат доживеав што значи проекција: полна сала, исклучување на светлата и пробив на зракот од проекторот низ темнината до филмското платно. Се сеќавам на првиот испитен филм во прва година, зимата 2013. Работевме документарци и Факултетот реши да ни организира отворена вечерна проекција со почеток во 20 часот, како вистинско кино. Бевме возбудени. Цела класа заедно, стуткани во собата за проекции, со неверување и трема ја гледавме публиката како влегува во салата додека ги правевме последните технички проверки. Кога дојде на ред мојот филм, се сеќавам дека излегов од собата за проекции и се сокрив во гледалиштето, зашто иако се плашев, сакав да ја слушнам секоја реакција на публиката.

Потоа, во месеците што следуваа, Академска сцена стана „наше место“: таму ги одржувавме часовите по филмска режија и таму првпат ги гледавме студентските филмови на нашите колеги кои веќе градеа успешни кариери, како Светозар Ристовски, Ѓорче Ставрески, Вардан Тозија, итн. Тоа ни ја покажа човечката страна на градењето на филмскиот режисер и ни даде мотивација да не ги гледаме почетничките ограничувања како пречки.

**Ана Јакимска**
**(Филмска режија,**
**генерација 2012-2016)**

## Миг

Со секоја една помината година, Академска сцена растеше во мене едно чувство плус. На почетокот (колку и да е опасно гласно да се признае) беше стравот. Огромен страв, како кога треба да се изведе првиот иницијациски ритуал, за да се порасне во очите на другите. И предизвик. Невиден предизвик, за да пораснеш пред себеси. Потоа се случи слободата. Слободата да извадиш од себе сѐ што ти натоварил денот. Слободата да имаш право на мал заборав во овој свет. Радоста да твориш. Да се раскажеш себеси преку приказните на другиот. Да си го поживееш ликот малку подолго од испитниот рок. Да споделиш. Да разговараш. Со ликот, со публиката, со кој било! Само да е некој. Потоа дојде љубовта: да можеш да се подариш безусловно, макар на час, два. Грижата. Да се грижиш за она што си го создал. Па благодарноста, другарството. Да растеш заедно со своите ликови. И на крај – безгрижноста. Да научиш да играш во мигот, да играш со мигот, да играш зашто така се чувствуваш жива. Академска сцена е љубов што се сфаќа отпосле. Ама никогаш и предоцна.

**Христина Цветаноска**
**(Драмски актери,**
**генерација 2014-2018)**

## Фантазмагорична поетска варијација во која акцентите се читаат како што се запишани, а онаму кај што не се, се читаат вообичаено

Академска сцена, сега е на цена
А од наша класа, кај Владо и Мими,
На времето е градѐна.
Професорот нас нѐ вдена
Да играме претстава дадѐна
Со Шекспир, неколку портокали и една Мена,
Публиката така се плена
И остана занемѐна,
И станавме славни ко Лепа Брена,
Претставата стана најиграѐна
Ја игравме 100 и кусур дена
Во секој град, село и на секоја стена,
Па дојде нова класа, и нѐ смена
По ними уште една, и нив ги мена
И така би Академска сцена
Нека е благословѐна
И безвремѐна.

**Машки поет со женски псевдоним: Нена**
**Димитар Ѓорѓиевски**
**(Драмски актери, генерација 2003-2007)**

## Толку убави спомени!

Академската сцена беше отворена токму со нашата класа – многу повеќе креативно, отколку свечено. Се сеќавам, токму на таа сцена, беа изведени првите колоквиуми по сценски движења и танци, сценски говор со техника на глас, како и оние по актерска игра. Чувството беше прекрасно. Можеби коинциденција или можеби привилегија. Сакам да кажам... Всушност, не сакам ништо повеќе да кажувам, зашто имам впечаток дека никогаш попрецизно не сум споделил во животот толку убави спомени!... Мислам дека кажав сѐ, зар не?

**Петрит Незири**
**(Драмски актери,**
**генерација 1995-1999)**

## Театарот и девојката

*Академска* ја сфаќам како:

- поле за не-културен натпревар за простор и термин меѓу академските граѓани;

- најслободен затворен простор во Скопје;

- театар во кој може да се види најквалитетната претстава без да се знае за тоа, бидејќи се дошло да се смее и да се пие.

На оваа *сцена* ги запознав двете најголеми љубови: Театарот и Девојката. *Академска* ми забрани да ги изневерам.

**Горјан Аревски**
**(Театарска режија,**
**генерација 2014-2018)**

## Размена на емоции

Годините поминати на Факултетот за драмски уметности-Скопје ги паметам како години на себеоткривање, созревање и остварување на желби некажани на глас. Се сеќавам на сите претстави одиграни на Академската сцена, каде ги гледав своите колеги. Истите луѓе со кои наутро пиевме кафе во удобното местенце кај Вики и Гого, навечер ги гледав како се трансформираат во други ликови и успеваат да ја скокнат рампата меѓу нив и публиката. Моментите на тишина додека се прикажуваа нашите студентски вежби на платното во салата, беа моментите кога се

чувствував најисполнета. Аплаузот кој следуваше по проекциите ги бришеше сите викенди поминати во монтажа. Реакциите на публиката на Академската сцена кога паѓаа модри патлицани од дрвото во „Три бои модро", или кога Кико пееше серенада во „Само ти" со металски бенд во позадина, се спомени на кои се сеќавам со драго срце. А потоа следуваше забава во бифето, каде сите си ги разменувавме импресиите од филмовите. Тоа е нешто по кое ја паметам Академска сцена. Размена на емоции.

**Сандра Ѓоргиева**
**(Филмска и ТВ монтажа,**
**генерација 2012-2016)**

## Браво, деца!

Како да напишам што беше Академската сцена за нас? Ќе морате со мене заедно во овој момент да го замислите секој здив земен пред да излеземе на сцена, како подготовка зад кулисите, секој поглед упатен меѓу нас самите, како знак дека сè е во ред, дека сме спремни да излеземе пред публиката на ФДУ заедно да оджевееме еден сон, секоја заборавена реплика која сè уште некаде во мислите чека да биде упатена кон некој од колегите... За жал, многу од нив ќе останат неизговорени... некои колеги далеку од дома, а еден од нив нè напушти засекогаш. Можеби таму горе пак ќе се сретнеме и ќе го изиграме „Иванов", а професорот Кирил Ристоски ќе се поднакашла гласно и ќе каже – „Браво, деца!", затоа што тоа сме ние, актерите - деца што непрестајно сакаат да си играат живот на сцена, сонувајќи никогаш да не пораснат. Ова е за едни деца што многу се сакаа и постоеја на една сцена во едни бараки во Скопје. Децата беа: Влатко, Стефанија, Ацо, Никола, Боце, Ана, Боки, Дарја, Емир, Нина и Ефтим.

**Ефтим Трајчов-Ѓаурски**
**(Драмски актери,**
**генерација 2006-2010)**

## Огледало за младиот драматург

Академската сцена претставува огледало за младиот драматург. Место каде тој се соочува со себе, со репликите, ликовите и драматичните паузи. Сцената овозможува отелотворување на замислените карактери.

Едно обично драматуршко читање изведено на Академска сцена поставува многу прашалници и извичници за студентот кој ги учи вештините на својот занает. Преку Академската сцена студентот остварува контакт со публиката, соработува со своите колеги, се изразува себеси, учи од своите и туѓите грешки. Тоа е процес на давање и на истовремено примање конструктивен фидбек, вештини за комуникација и критичко размислување. Академската сцена несомнено претставува еден клучен патоказ чии знаци известуваат во кој правец (треба да) се движи студентот.

**Катерина Китоска**
**(Драматургија,**
**генерација 2010-2014)**

## Трејд-марк

Можеби претерувам, но за мене Академската сцена е една од најважните работи кои се случиле на ФДУ, слободно можам да кажам исто толку важна колку и самото отворање на ФДУ. Имав среќа да бидам дел од класата на Владо и Мими, која на некој начин ја зачна истата. „Портокали" стана трејд-марк за нашата класа и првенче на Академската сцена.

**Ивица Димитријевиќ**
**(Драмски актери,**
**генерација 2003-2007)**

## Записи од шкафчето во соблекувалната (испит на Академска, Чехов 26.05.2009 г.)

Другари! Деновиве ослабнавме, огрдевме, остаревме за сто години! Недолично се однесувавме, па ечеа удари, милион стебла пропаѓаа, стоеја девојчиња по прагови – само по долна облека. За стариот шумар, не зборувам, на него навикнавме затоа што човек мора да верува или да бара верба, инаку ништо, се разбира ништо.

Жеравите летаа, летаа и дојде тој ден – интересен, привлечен, поинаков од другите. Убав ден да се обесиш. Но не постои толку здодевна и тажна класа која не поминала низ пожарот од трети чин. Добро сме исчешлани, а и појасот на Маца е добро затворен. За штиклите ќе се објасниме утре. Треба да се работи, треба да се работи како обичен вол. Осумдесет години имам, осумдесет и две, и ве уверувам – ќе помине малку време, еден саат и кусур и ние ќе дознаеме што значи „на морскиот гребен зелен даб...", „менс сана ин корпоре сано", колку универзитети има и кој, на куров е Алеко.

Стрпете се мили мои сестри, драги мои сестри! Стрпи се Славице, Славице додека музиката свири весело, здраво. Не рикај! Ќе си отидат нашите и ние ќе дознаеме зошто сево ова страдање. Ќе одиме во Москва и ќе се одмориме со еден „брудершафт".

**м-р Кристина Леловац и класата**
**(Драмски актери,**
**генерација 2005 -2009)**

## Потешкиот пат

Јас сум од онаа генерација актери, учебна 2002-2003 година, којашто ја немаше Академската сцена – таа се роди неколку години подоцна. Ние сцената ја доживувавме и користевме како место за испити и колоквиуми. За жал, завршувавме факултет, по малку неспремни за она што нè очекува во професионалните театри. Ние ја немавме Академската сцена со редовен репертоар, која ќе нè едуцира за константност, принципиелност, точност, професионалност и која ќе нè промовира, нешто што Академска сцена им го даде на генерациите после нас. Тие, уште како студенти, играјќи претстави на Академската сцена си ги отвораат патиштата и на професионалните сцени, пред публиката која доаѓа да ги гледа, да ги запознае идните актери од целата земја.

Мојата генерација на актери, режисери, драматурзи, иако создаваше врвни испитни претстави, сепак го помина потешкиот пат во пробивањето и пронаоѓањето на своето место под ова театарско небо; можеби една од причините е токму непостоењето на Академската сцена.

**Маја Андоновска – Илијевски**
**(Драмски актери,**
**генерација 2002 -2006)**

## Ех, да можам да се вратам во времето

Се сеќавам на една вечер на *Академска*, игравме испит од втор семестар, играв на сцена со мојот колега Виктор Арсов, кој инаку е одличен партнер, сцената беше за геј пар кој е на сред „брачна" љубоморна кавга. Некаде на средина на сцената, Виктор почнува да се смее, а треба да сме сериозни, но тоа сè уште го гледам само јас - не публиката, и тој за да се снајде зема весник кој случајно беше останат од претходната сцена и ја покрива главата со цел да се сокрие од публиката. Во тој момент (признавам дека бев ѓубре) му го земам весникот, го фрлам пред него и викам „гледај ме во очи додека разговараме"... Се смее и тој и јас и целата публика. Виктор не може да се смири и излегува од сцената, го гледам во џебот од страна дека едвај се обидува да стане сериозен и не престанувам да му зборувам „Ајде излези, биди маж, не се криј таму во соба". Смеењето во публиката и на сцената не престануваше добри две минути. И професорката Мими се смееше, не се налути. Би дал сè да можам барем на една вечер да се вратам во времето кога игравме на Академска сцена.

**Тони Денковски**
**(Драмски актери, генерација 2011-2015)**

## Еделвајс

Академска сцена е едно преубаво патување низ времето кое ги спојува минатото, сегашноста и иднината на еден актер. Отсекогаш ме фасцинирало генерациското испреплетување и сплотеноста на едно такво мало место. Љубопитноста да научиш и да откриеш нешто ново. Интимната атмосфера во која можеш да ја почувствуваш публиката, со која дишете заедно во ист ритам. Да не зборувам за аплаузот кој е тродимензионален. Одекнува во целата галаксија. Кога срцето ти трепери од возбуда дека си играл. Во времето кога ние бевме студенти, ни помогна да се опуштиме. Нè научи на тоа дека треба да бидеме тим, да се забавуваме и да уживаме во секоја секунда. Кога веќе

се навратив на студентските денови, имам една информација од прва рака која ја дознав и сакам мојата класа да ја знае. Знам дека еделвајсот расте само на Алпите и на Академска сцена.

**Јанка Лефкова**
**Драмски актери, г**
**енерација 2010-2014**

## „Боља“

Академската сцена е како убавото фудбалско игралиште во маалото. Мораш со саати да чекаш „боља“ за да ти дојде редот, доаѓаат поголемите и ги бркаат помалите и сите ја чувствуваат како свој домашен терен. Но кога ќе светнат рефлекторите и ќе влезе публиката, сите играчи се повлекуваат во публика, ги бодрат, им честитаат и ги сакаат своите противници.

**Борис Василески**
**(Театарска режија,**
**генерација 2018-2022)**

## Место каде што се создаваат тимови

Академска сцена на ФДУ, местото каде што си научил како треба да се расплачеш, да се налутиш, насмееш, заљубиш, да развиеш имагинација, да го почитуваш авторот, воспriемајќи ги техниките да дојдеш до својата, сѐ во име на театарот, во име на сцената.

Како и за другите колеги, така и за мене, Академската сцена беше местото каде што пораснавме, нашите први чекори кон катарзата. Покрај можноста да ги играме нашите испити, имавме шанса да соработуваме со режисерите од класата на проф. Златко Славенски.

За мене тоа беа многу продуктивни 4 години. Сите соработки со режисерите, сите процеси имаа своја магија, раснeвме заедно со нив, како ние со секој нов лик, така и тие со секој нов концепт. Сега ќе цитирам еден професор: „Најздраво за театарот е добар тим, на пример, кога ќе се најдат некој актер и некој режисер уште во студентските денови и ќе работат заедно. Тоа е здраво за нив бидејќи така ќе си ги надоградуваат техниките, идеите, ќе бараат нови предизвици, ќе

станат едно со материјата, како добар тим ќе создадат своја нова перспектива кон театарот - ако има добар тим може да се постигне сѐ“. Тоа е за мене театар, а нашата Академска сцена е местото каде што се создаваат тимови, кои подоцна ќе ја освојат Лигата.

**Чедомир Митевски**
**(Драмски актери,**
**генерација 2014-2018)**

## Вистинскиот вкус и мирис на актерството

Бевме прва година и подготвуваме етида. Толку бев внесена во етидата, што на крајот на етидата седнав на масата и забележав дека на чевелот има парче торта што ја користев во етидата. Со прстот зедов од тортата, ја пробав и гласно изговорив: „Господе, колку била вкусна тортата”. Ете, тоа беше времето кога почнав да го чувствувам вистинскиот вкус и мирис на актерството, токму на Академската сцена.

**Вјолца Бафтиу Зулбеари**
**(Драмски актери,**
**генерација 1995-1999)**

## Прв добиен аплауз

За нас, студентите од филмските оддели при ФДУ, Академска сцена е особено важна, зашто гледајќи ги првите филмови – поточно, првите чекори во филмскиот свет на луѓето што денес ги сметаме за пример во македонскиот филм и по чии стапки треба да чекориме, го осознаваме чувството на гордост и смислата на нашата професија. Исто така, една многу важна традиција која веќе со генерации се пренесува, а започнала со Академска сцена, е следењето на проекциите на сопствените филмови, не од гледалиштето, туку од контролната кабина, што овозможува уште појасно да ја видиме реакцијата на публиката и поексплозивно да се доживее „катарзата” на првиот добиен аплауз.

**Батухан Ибраим**
**(Филмска режија,**
**генерација 2016-2020)**

## „The winner is Macedonia!“

„Ревизор“ е претстава која го разбуди и разигра детето во нас – зарем тоа не е суштината на актерската игра? Сѐ започна многу возбудливо, од првичните вежби, до

етидите, до радоста на часовите, до бесконечните креативни решенија на кои се смеевме како деца. Возбудата се прошири и на публиката уште од првата изведба и таа возбуда траеше и растеше со секое ново играње сè дури не стигна до еден, за нас најзначаен момент: најдобра претстава на Меѓународниот студентски фестивал „Диониз“ во Хрватска, во кој учествуваа студентски претстави од различни земји. „The winner is Macedonia!“ Незаборавни се моментите проследени со голем аплауз, позитивните коментари од сите професори и студенти од другите земји. Возбудата за „Ревизор“ не згаснуваше, претставата ја наполни салата со публика и на хуманитарната изведба, која што ја одигравме со голем ентузијазам.

И покрај тоа што дипломиравме, се надеваме дека „Ревизор“ ќе продолжи да се игра и понатаму, а дека наредните генерации ќе направат подобри претстави и ќе донесат уште многу награди бидејќи Факултетот за драмски уметности тоа го заслужува.

**Ана Димитрова**
**(Драмски актери,**
**генерација 2015-2019)**

## Слушната

Првото место каде што можев да се искажам себеси и да бидам слушната.

**Теа Ружин**
**(Театарска режија,**
**генерација 2018-2022)**

## Фрлени во оган

Таа година, 2012, имавме „среќа“. За прв пат во историјата на ФДУ решиле уписите по режија да ги стават на две, наместо на четири години. Така ја решија „судбината“ на петмина од нас: Ајдин, Печо, Кика (Чу), Лидија, Јас... (Јакимска и Џолев не ги сметавме, тие беа влезени во приватна квота.) Тоа беше мојата незаборавна и најсложна класа по режија, со која го голтавме првиот срам на Академската сцена со нашите први автопортрети. Да се разбереме, никој претходно не почнал со автопортрет, ама ете ние бевме некоја експериментална класа, па Митриќот нè „фрли во оган“. И до ден-денес, што и да направам, тврдам дека тоа беше најтешката задача со која сум се соочила во животот. Потежок филм од филмот за себе, човек не може да замисли да направи. Но, исто така, до ден- денес, гледајќи ја искре-

ната смеа и солзи на нашата прва публика (роднини, пријатели, колеги, комшии, Вики и Гого), знам дека тоа беше најхрабриот филм, што го имам(е) направено и благодарение на кој се соочивме и со себеси и со огромните филмски предизвици кои допрва ни претстојат.

**Тамара Котевска**
**(Филмска и ТВ режија,**
**генерација 2012-2016)**

## Така!

Академска сцена е дефинитивно едно од најинспиративните места за решавање на големото прашање - **КАКО**. Застануваш на сцената и размислуваш **КАКО** од таа мала површина да се добие поголема? **КАКО** таа централна врата што се користи во сите испити да биде таму, а да не изгледа дека е таа? **КАКО** завесите да станат ѕидови, а да не изгледа дека тоа се истите завеси? **КАКО** од десет рефлектори да се направи атмосфера како да има сто? **КАКО** да се направи магија, а всушност нема ни појдовна точка за тоа? **КАКО** да се стават висечки рефлектори, а да бидат безбедни? **КАКО** истите тие рефлектори да бидат безбедни ако се закачени на стара иверица која попушта? И безброј прашања **КАКО** и **КАКО** и **КАКО**.... Но добро е што е така, бидејќи таа наша мала, скромна сцена ја буди имагинацијата на секој студент да бара решенија **КАКО** постојано да го менува просторот, да наоѓа начини **КАКО** да не се повторува и **КАКО** со минимални средства да изгледа дека е направено многу. И уште безброј вакви дилеми на тема **КАКО** направија многу претстави на Академска сцена, којашто, тврдам, е едно од ретките места за бескрајна инспирација!

**Ангелчо Илиевски**
**(Театарска режија,**
**генерација 2010-2014)**

## Розов меур

Да се игра на Академска сцена беше и радост и чест, иако тогаш не знаевме како да го артикулираме тоа. Сега го сфаќам како една голема генерална проба пред вистинската премиера, надвор од розовиот меур на ФДУ, во реалитетот во кој се вклучуваме после дипломирање. Академска сцена нè подготвуваше за

целиот процес на создавање театарска претстава, тремата пред да излезеш на сцена и најважното - невидливата комуникација со публиката и скришното задоволство на аплаузот. Имаше една убава лесно-тија во тремата и една поинаква слобода, заедничка, групна, тимска. Академска, всушност, нè учела на одговорноста во тимската работа, репертоарот, одговорноста пред публиката, колегите, но и на одговорноста на секој еден кој е инволвиран во организацијата. Во тоа време, таа одговорност беше потсвесна, но си работела и нè учела. Генерално беше многу забавно, полно со адреналин, што поради играта на сцена, што поради тоа подоцна - издувниот вентил - журката во бифе, нормално, до сабајле. Академска сцена беше многу убава дружба и школа. Убаво и топло сеќавање на ентузијазам, волја, адреналин и на една интимна слобода.

Ќе ја поздравам мојата класа со – „Готово, ја имаме сцената", тие си знаат. ☺

**Нина Максимова**
**(Драмски актери,**
**генерација 2010-2014)**

## Луксуз

Академска сцена, нашиот приватен имагинариум. Луксуз кој под ниеден услов не смееме да го земеме здраво за готово. А доаѓа и време да ги изненадиме духовите со нешто ново, наше. А да, нема клима!!!

**Кристијан Атанасов**
**(Театарска режија,**
**генерација 2018-2022)**

## Соочување со публиката

Соочувањето со публиката е секојпат застрашувачко, но моментот кога таа ќе покаже реакција соодветна на режисерската замисла која сме ја имале е многу охрабрувачко за секој млад филмаџија и претставува поттик да се усовршуваме и да напредуваме во нашиот занает понатаму. Поради тоа, Академската сцена е неопходен дел од нашето образование, место каде го добиваме првиот аплауз.

**Ајдин Ислами**
**(Филмска режија,**
**генерација 2016-2020)**

## Мултитаскинг метод

Можеби за нас од Катедрата за театарска и филмска драматургија, Академската сцена не била многу користена во споредба со актерите и режисерите. Но, само во физичка смисла, бидејќи во духовна ние влегуваме кога сакаме, ја посетуваме многу повеќе отколку што може да се види. Секојпат кога ќе седнам да пишувам или ќе замислам некој заплет, токму таа, Академската сцена ми се појавува. Од една мала сцена станува огромна. Таа е како канцеларија каде што си работам доцна во ноќта, каде што се кријам кога во физичкиот живот поминувам низ тешки времиња, таму можам да се насмеам, таму можам да зборувам со тие што низ неа поминале, а исто и со тие што доаѓаат.

Освен имагинативно, Академската сцена ја користевме и вистински, читавме наши кратки драми, гледавме претстави, филмови... Но, од сите тие моменти би сакал да го издвојам оној кога добивме задача да направиме современа адаптација на стара, народна песна, а испитот беше замислен како етно-кабаре. Како простор го одбравме бифето, кое е органски дел на Академската сцена. Сѐ беше магично: покрај курсот за учење драмски занает, имавме уште еден предизвик - да научиме како се готви традиционално јадење. Да си кажам право, дотогаш знаев само како се јаде традиционално. Но, овојпат, требаше и да го зготвиме јадењето, под менторство на нашата драга професорка Маја Стевановиќ. Би го препорачал овој мултитаскинг метод бидејќи паралелно, во животот имаме повеќе линии низ кои се движиме - овој метод треба да стане практика на повеќе факултети.

Освен тремата што ја имавме околу тоа какви ќе испаднат текстовите, имавме трема и за тоа како ќе испадне храната. Лебот беше фантастичен, не се занесовме во текстовите за да го изгориме. Верувам дека истото се случи и со текстовите, но и со нас - сѐ уште треба да се печеме. Со помош на актерите ги прочитавме едночинките, со публиката се смеевме, тагувавме, јадевме од лепчето, пинџурот, сирењето и салатите, пробавме од виното, ракијата и слаткото. Добивме аплауз и комплименти кои долго време ме мотивираа. Прекрасна публика која внимателно нѐ слушаше, нѐ критикуваше, но и ни даде многу добри

сугестии, бидејќи, нормално, драмските текстови никогаш не се финални - секогаш постои можност да се додаде и одземе. Потоа следеше журка, на која останавме до доцните часови во ноќта.

Ова искуство ќе го паметам цел живот. Ставено ми е во фајлот „Приказни за внуците", тоа се оние драгоцени мигови што ќе им ги раскажувам по стопати.

**Артин Селмани**
**(Драматургија,**
**генерација 2014-2018)**

## Досие „Копче"

Автобусот со реден број 5 ја започна својата возна линија кон крајот на декември 2011. Во него се забележани 10 лица кои се возат редовно со тој автобус. Тргнаа од улицата „Етидна", па преку „Брехтовската улица" до улицата на „Операта и музиката". Се движеа по булеварот на „Монолозите", преку еден плоштад сè до „Сен Лазар". Тие десет патници имаа само една цел: да го најдат КОПЧЕТО и секој од нив на свој начин сакаше да стигне до тоа копче. Проблемите со полицијата нормално дека беа присутни, па така и таа се вплетка во автобуската линија во потрагата по тоа мистериозно КОПЧЕ.

Автобусот со број 5 е забележан и во Кочани и во Ниш, од каде што се врати со награда. Интересен податок е тоа што тој автобус најмногу застанувал на Академска сцена, каде што беше виден од безброј сведоци кои уживаа гледајќи го патот и потрагата по КОПЧЕТО. Откако тој автобус веќе не вози, десетте патници тргнаа секој по својот пат, улица... Но, сепак, Академската сцена ќе ги памети тие 10 патници и тоа мистериозно КОПЧЕ, барем наредните децении, се надевам.

**Извештајот го потпиша Горан Ников,**
**суспендираниот агент „Мисир"**
**(Драмски актери, генерација 2011-2015)**

# скомрахи



Интернационални студентски средби на факултетите и академиите за драмски уметности

# Легенда за скомрахот

Некогаш одамна, една мајска ноќ на полна месечина, во една плевна близу Прилеп, дошол да преспие еден скомрах.

Скомрах значи патувачки актер, односно глумец, то ест безбожник или со други зборови богохулник или накусо речено ученик на ѓаволот. Тој бил сирак, израснат по бели друмови. Носел шарени алишта и личел на страшило, па децата му се смееле, а кучињата лаеле. Скомрахот знае да пее, да кажува приказни, самовилски и срамотни, да се превртува преку глава, да свири во кавал што самиот го изделкал, да удира на дајре, да голта ножеви, да жонглира со топчиња и да прави трикови со карти.

Целиот живот крстосувал од село во село, по празници и свадби, изведувал комедии и му се ругал на Бога. Од секаде го бркале, но понекаде му фрлале некоја пара, копан од пиле, или чоканче ракија. Понекогаш ќе го засакала и некоја мома.

И ете го нашиот скомрах оваа мајска ноќ легнат на слама, во плевна. Завршил со своето претставување. Луѓето биле дарежливи па добро го нагостиле со винце. „Не е лошо“, си помислил, „а и што друго може да се очекува од животот?“

Совеста на скомрахот му била чиста па тој лесно заспивал и добро спиел. Но ете вечерва никако не го фаќал сон. Се превртувал, станувал да пие вода, ја растресувал сламата. Не можел да разбере што му е. Погледнал во полната месечина. „Од тоа ќе да е“, си рекол. А, знаел дека не е од тоа, туку е од нешто друго.

Се сетил дека дента навршил триесет и три лета. Колку што имал Исус кога го распнале. И одеднаш го фатила треска и мачнина. Срцето почнало забрзано да му бие. Се почувствувал слаб и смртен, отфрлен и сам. Како змија да го каснала за срце. „Што правев јас цел живот“, се прашал. Изминале



толку години, а тој како ветрушка, од панаѓур на панаѓур, никогаш во црква не влегол, ниту на бога помислил. А и да сакал да се помоли, не знаел како. Дали беше со левата или со десната? И сега каде ќе му оди душата?

Излетал од плевната и пошол брзо низ коријата до манастирот. Вратата се отворила со чкрипење. Влегол внатре, а таму, како да чекале на него, го пресретнале сенките на илјадници светци. Застанал среде манастирот како закован. Ги кренал очите кон фреската на мајката божја, Богородица. А таа гледа во него! Скомрахот сакал нешто да каже, но јазикот му се врзал. Што да стори, каде да се сврти? Да побегне не може, а да се помоли не знае.

И одеднаш се решил на сѐ или ништо. Ако не знае да се моли, знае да игра! Одлучил да го одигра за Богородица своето претставление. Да покаже сѐ што научил во животот. Точка по точка. Не е многу ама друго нема.

И почнал. Играл лесно и со занес. Мајсторски. Вадел топчиња низ нос и низ уши, ги отпеал сите песни, ги кажал сите приказни и ги извел сите перендии. Одиграл сѐ без грешка.

А откако завршил, настапила страшна тишина. Богородица не спуштала поглед од него. На скомрахот му се потсекле колената. Исплашен и уморен паднал ничкум пред неа. Чекал да се отвори земјата за да сконча тој неиздржлив срам.

И одеднаш, според преданието, се случило чудо! Богородица се симнала од фреската и му пришла на скомрахот.

Нежно го зела во прегратка и му ја избришала потта од челото.

**Горан Стефановски (1991г.)**

# А кои се скомрахите?



Патувачки актери, изведувачи, кои водат потекло од најстарото театарско искуство на Словените. Станува збор за група луѓе, облечени во специфични костуми – бели, широки, долги, грубо ткаени облеки, со маски и со боја на лицата, со перики од волна и кал на главите, кои играат, жонглираат, свират, дресираат диви животни, пеат.

Прв пишан документ за постоењето на овие театарџии-патувачи е извадок од една византиска хроника од 1068 година, во која пишува за нивна забрана. Нивниот изглед може да се препознае во многу фрески, икони и црковни графити. Најпознатата фреска е во манастирот во Старо Нагоричане, Кумановско, под наслов „Ругање на Христа“, каде што се забележува група луѓе, свирачи и играчи, облечени во облеки со долги ракави, додека го обиколуваат Исус.

Оствариле огромно влијание во културата на средниот век, но и подоцна, сè до последните актери-патувачи на нашите простори, како што е еден од најголемите актери во Македонија, големиот скомрах Петре Прличко.

# Идејата за нашите „Скомрахи“

„Скомрахи“ е исклучително значајна манифестација, тоа е место на креативност, бунтовност, потреба за автентичност, отпор кон клишеа и стереотипи.

Првпат се одржани во 1988 година, како средби на академиите и факултетите за драмски уметности од тогашните југословенски републики. Основани се по иницијатива на Сенко Велинов, Ѓорѓи Јолевски и Драган Спасов - Дац, студенти на ФДУ (официјалната коресподенција е водена од Универзитетската комисија на ССММ – Скопје, преку Комисијата за култура), а со цел да бидат годишни средби на академиите и факултетите за драмски уметности, со кои нашиот факултет постојано соработува. Но, со распаѓањето на тогашната заедничка држава, идејата за средбите прераснува во идеја за собирање и презентација на работата на сите студенти од Европа. Замислата за интернационален студентски фестивал од самиот почеток се остварува со значаен успех, особено имајќи ги предвид околностите во кои тој се одржува неколку години по самиот почеток: војна во блиските простори и дома, развивање на национализам и аутархизам во одделни средини, недоразбирања поттикнати од страсти, болки и страдања. Базичната идеја на иницијаторите се покажува како одлична практика што со децении опстојува – да се споделат искуствата и методите на работа на ФДУ со оние на сродните школи од регионот и пошироко. И самото име, „Скомрахи“, е симболичен израз на оригинална-

та потреба за игра, патување, театар што е непосреден, интимен, личен, поврзан со исконската потреба да се игра, да се пренесува уметноста и притоа да се остане свој и целосно посветен на уметноста.

„Скомрахи“, како резултат на потребата на студентите за комуникација и размена на искуства и знаења, става посебен акцент врз спецификите на различните култури, подобрување на квалитетот на едукативните програми, проучување на нови пристапи кон креативното творештво, соработка на проекти и професионални контакти, подобрување на квалитетот на изведбите и афирмација на млади автори и изведувачи.

Реализацијата на „Скомрахи“ е помогната од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, Министерството за култура, Град Скопје, Општина Карпош, а низ годините и од фондацијата „Институт Отворено општество“ - Македонија, Министерството за надворешни работи на Австрија и бројни приватни компании.

Учесниците на „Скомрахи“ доаѓаат од различни градови од регионот, но и од Европа и од светот: Белград и Нови Сад (Србија), Љубљана (Словенија), Загреб и Осијек (Хрватска), Сараево и Мостар (Босна и Херцеговина), Софија и Благоевград (Бугарија), Тирана (Албанија), Приштина и Приштина - Звечан (Косово), Солун (Грција), Букурешт (Романија), Виена, Грац и Салцбург (Австрија), Истанбул (Турција), Кампала (Уганда), Цетиње (Црна Гора), Лоѓ, Варшава и Вроцлав (Полска), Киев (Украина), Глазгов (Шкотска), Братислава (Словачка), Кардиф (Велс), Хамбург, Хале, Келн, Минхен и Фрајбург (Германија), Ташкент (Узбекистан), Амстердам (Холандија), Кентербери и Бостон (Англија), Париз (Франција), Таргу Мурес (Романија), Стокхолм (Шведска)

Некои од овие академии или факултети учествувале на „Скомрахи“ и до дваесет пати.

И денес „Скомрахи“ ги поместува општествено-политичките и културните граници, им се спротиставува на стереотипите, ја става на пиедестал важноста на индивидуата – прашањата за себеоткривање и себеизразување, ја изместува реалноста.



# ВО БРОЈКИ

**ОД 1988 ДО ДЕНЕС,** БАРАКИТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ – СКОПЈЕ СЕ ДОМАЌИНИ НА **38 АКАДЕМИИ И ФАКУЛТЕТИ,** ИЗВЕДЕНИ СЕ **198 ПРЕТСТАВИ,** ПРЕД **49 810 ГЛЕДАЧИ,** ОДНОСНО **112 ФИЛМСКИ ПРОЕКЦИИ** СО **510 ФИЛМОВИ,** ПРЕД ВКУПНО **10 795 ГЛЕДАЧИ.** ОДРЖАНИ СЕ **48 РАБОТИЛНИЦИ** СО **2 140 ПОСЕТИТЕЛИ,** ГЛАВНО СТУДЕНТИ, КАКО И **10 НАУЧНИ КОНФЕРЕНЦИИ** СО **350 ПОСЕТИТЕЛИ**. ВО РАБОТАТА НА „СКОМРАХИ“ **УЧЕСТВУВАЛЕ ПОВЕЌЕ ОД 1 300 СТУДЕНТИ И ПРОФЕСОРИ.**

## Гола жица

Има голем број метафори за тоа кои се, што се и какви се актерите. Мене ми е најмила онаа која вели дека добрите актери „немаат кожа на прстите". Смислата е дека тие се совршено соголени пред животот, дека се осетливи на неговите најмали вибрации, како проводник вклучен во струја без изолир, како гола жица.

Сите луѓе на млади и луди години се голи жици, сосем отворени кон животот. И сите порано или подоцна добиваат по некој жесток удар, во плексус, под појас, како удар на струја. Некој од првата длабока љубов, некој од првата длабока тага. И многумина го минуваат животот во бегање од тоа прво горко искуство. Се виткаат со изолири и емоционални фластери.

Тоа, се разбира, е природна самоодбрана. Ама ете таквата самоодбрана не им е дадена на актерите. Тие не можат да ги зацелат раните. Постојано јавно ги чепкаат, јавно ги покажуваат, јавно крварат. Како голи жици, тие се одново и одново подложни на струјни удари, секојдневно, со секое стапнување на сцена.



Секогаш кога мислам на нашиот фестивал „Скомрахи", се сеќавам на еден од моите омилени филмови: „Рубљов" на Андреј Тарковски. Филмот е поделен на поглавја, со наслови. Второто поглавје се вика „Скоморох, 1400-та година". Младиот Рубљов, заедно со уште двајца фрескосликари одат низ поле. Почнува пороен дожд. Тие се засолнуваат во некаква колиба,

во која група селани гледаат претставление. Еден средовечен ќелав скомрах, гол до појас, вешто изведува перендии и пее безобразни песни против локалниот моќник. Се гледаат со духовниот Рубљов, значајно, како длабоко да се препознале. Доаѓаат тројца стражари на коњи. Го претепуваат скомрахот. И тука поглавјето завршува. Ете ви мал есеј за односот меѓу политиката и уметноста, за местото на театарот во светот. Ете ви мала поема за голата жица - скомрахот, на дожд.

Факултетот за драмски уметности го сметам за клучната креативна гола жица на Република Македонија, вклучена во битните општествени струи и набои на нашата држава. Жица која ги прима и процесира тензиите, ги препознава токовите, ги сведочи ударите, ја артикулира енергијата, го затвора струјното коло.




Фестивалот „Скомрахи" пак го сметам за креативната гола жица на ФДУ. Тој е истурен мегдан и моќна енергетска мрежа. Тука се случуваат експлозии на талент, тука се негува и лачи и произведува високиот уметнички напон на иднината.

**Горан Стефановски,**
**2007 година**

## Алал вера
## кој прв почна

„Пред некои триесетина години, без дилеми дека сум и сам чуден, веќе прибран на овој ФДУ, со група колеги студенти и професори ја започнавме оваа идеја за поширокo групирање. Ги почнавме овие средби, дружби, игри, неправилни ритмови, голи емоции, шанси за секси сеанси и други непредвидливи драмски вештини и потреби.

Поентата беше да се запознаеме и дружиме со некои слични на нас. Да видиме што прават и да видат што правиме. Како жив сведок, кога ќе се сетам на тие први денови или подобро ноќи, како на копија од стар филм гледам некои силни трансфери на енергија што пројдоа низ малата, ама за мене голема академска сцена, нашата стара драга барака, журки до рано од сабајле, пици на парче за сите, кој глуми, кој спие, кој се заљубил и такви работи... Бевме млади, ни фалеше сè освен лудило. Тие години и не само драмски напнати, рани деведесетти нè натераа како низ огледало, на таа мала, голема сцена да ги рефлектираме сите драматични социјални, политички, па и воени склопови на собитија... Разменивме и споделивме и хумор и тага и радост и страв и бес. Се разбиравме. Баравме контра вируси на заболената реалност. Го имавме театарот како гума за спасување. Направивме убави и не само професионални пријателства кои што сè уште траат. Тие студентски години на овие „Скомрахи“ запознав многу колеги од регионов, со многу од нив и подоцна работев и работам сè уште. Еден мој добар пријател и *„брат по оружје“* еднаш ми рече, да го чуваме театарот како алиби за дружба... И така и бидна. Тоа е тоа.

Не сакам да бидам носталгичен за тоа што било, радосен сум дека било, што било поминало, а што ќе биде правиме сега сите заедно. Правете вие. Студентите се тие што треба да донесат нови правила. Нова енергија. Нова естетика. Ново лудило. Сменете го театарот. Пробајте и светот. Најдете нова смисла. Снимете ги филмовите што сите чекаат да ги видат. Златното доба на театарот е пред вас. Донесете го. Иднината припаѓа на оние кои можат да видат дека доаѓа.

**Дејан Дуковски,**
**2018 година**



## Студентските средби како дел од образовниот процес

Средбите на студентите од факултетите и академиите за театарска и филмска уметност кои традиционално се одржуваат триесетина години, овој пат својот старт го имаа на големата сцена на МНТ. Полниот салон на нашата водечка национална театарска куќа сведочи дека „Скомрахи“ не изгубиле ништо од својот сјај. Тие и натаму се жив и пулсирачки ентитет кој магнетно ги привлекува младите и прераснува во своевидно театарско движење.

По својата суштина Средбите се замислени како размена на искуства меѓу студентите и наставниците, но и презентација на нивните испитни претстави и филмови и, се разбира, меѓусебно запознавање и дружење.

Блескав момент од „Скомрахи 2018“ беше настапот на студентите по актерска игра од трета година од класата на проф. м-р Мими Таневска Србиновска, кој предизвика огромен интерес и внимание и го преполни салонот на МНТ. Студентската изведба на пиесата „ММЕ кој прв почна“ импонираше со својата свежина во актерските креации, но и со оригиналното читање на оваа инаку често поставувана драма на Д. Дуковски. Претставата започнува, се одвива и завршува како еден естетски високо профилиран театарски чин – ода на љубовта пред која се испречуваат бруталноста и насилството. На крајот изведувачите го имаат завршниот екстатичен танц на животниот циклус, симболично претставен со сценската ротација и паѓаат на штиците што значат.... Смрт. Крај. Сцената наликува како да е извлечена од некоја Шекспирова трагедија... Ретко убава и успешна инсценација на пиесата „ММЕ кој прв почна“ и брилијантна студентска изведба.

Ваквиот почеток, на некој начин како да ги навести сите останати случувања на студентските средби. Што е тука важно и да се забележи? Секако, без никакво сомнение и резерва, студентските средби се можност да се слушне и да се почувствува пулсот на младите уметнички творци, кој е нивниот став и кои теми и содржини ги интересираат и како сценски ги транспонираат. Ова, всушност, е заеднички потфат






со нивните наставници (и во изборот на текстовите, но и нивната корелација со модерните сценски постапки и приоди, како што се постдрамскиот, постисторискиот или перформативната естетика!) Токму затоа овие студентски средби се величествена врска на образовниот процес со слободната волја и определба на новите генерации.

Годинашново издание, како впрочем и сите досегашни, не помина без незаобиколното дружење и забави на студентите кои траеја до раните утрински часови. Тука, секако соодветна тежина има и размената на искуства, како на студентите така и на наставниците. Сѐ на сѐ, беа тоа пет фестивалски дена во кои се спојуваа денот и ноќта, пет дена во кои ФДУ беше собиралиште на огромна младешка енергија. Кога велиме дека „Скомрахи“ е навистина своевидно театарско движење, тогаш во прв ред мислиме на огромниот интерес и одличната посетеност на сите содржини и програми на Фестивалот. Со својата севкупност, Фестивалот пркоси на дузина проблеми кои му стојат на патот, а во прв ред на хроничниот недостаток на финансиски средства, но затоа тука се младите надежи кои со својата инвенција ги компензираа и надоместуваа сите потешкотии и пречки. Вкупната атмосфера на петте фестивалски денови ни дава за право да се надеваме дека секое наредно издание треба не само да го одржи достигнатото ниво, туку и да оди уште понатаму, освојувајќи нови простори на творештвото и да ги проширува уметничките хоризонти.

*Тодор Кузманов,*
*2018 година*

СКОМРАХИ АЛМАНАХ

# 1988 ◗ 2019



5. Годинава за прв пат во Скопје а во организација на Универзитетската Конференција на ССМ и Факултетот за драмски уметности беше одржана прва југословенска средба на факултетите за драмски уметности под наслов "СКОМРАХИ 88".
На ова средба со свои изведби и тоа пред скопската публика настапија студенти од Белград,Нови Сад,Љубљана и Скопје.
Бидејќи оваа манифестација најверојатно ќе стане традиционална, а на неа ќе учествуваат и студенти по актерска игра од Сараево и Загреб,таа во текот на следната година ќе се одвива во рамките на јубилеите на Универзитетот и ФДУ.

Од годишниот извештај за работата на ФДУ во тековната 1988 година




Првиот билтен на фестивалот „Скомрахи“, 1988

ЈУГОСЛОВЕНСКИ СРЕДБИ НА УМЕТНИЧКИТЕ АКАДЕМИИ

"СКОМРАХИ" 1988

ПРОГРАМА НА СРЕДБИТЕ

1.11 Вторник: Доаѓање, сместување и ручек

18.00 Поздравен говор на Зоран Стефановски, претседател на УК на ССМУ

Поздравен говор на Александар Алексиев, декан на ФДУ

Настап на студентите од Факултетот за музички уметности.

Јонеско: "Жак или покорност", настап на студенти од ФДУ.

Коктел.

2.11 Среда

12.00 ФДУ: Претставување на ФДУ Скопје и разговор за претставата.

19.00 "25 Мај": Факултет за драмски уметности од Нови Сад: "Хасанагиница"

21.00 Рок концерт во изведба на македонски рок групи

3.11 Четврток

12.00 Претставување на ФДУ од Н.Сад

19.00 "25 Мај": Академија за гледалишче, радио филм ин телевизијо Љубљана: Жан Жене "Слугинки"

21.00 "25 Мај": Рок концерт – "Мизар"

4.11 Петок

12.00 ФДУ: Претставување на Академија за гледалишче, радио, филм ин телевизијо од Љубљана.

19.00 "25 Мај": Факултет драмских уметности – Београд: Едвард Бонд: "Спасени"

ФДУ: Отворање на изложба на трудови на студентите од Факултетот за ликовни уметности.

5.11 Сабота

12.00 ФДУ: Претставување на Факултетот за драмски уметности од Београд

19.00 "25 Мај": Факултет драмских уметности – Београд Лајош Силаѓи: "Хало, овде сам"

22.00 ФДУ: Настап на студентите од ФМУ – Скопје

6.11 Недела

12.00 ФДУ: А.П.Чехов "Просидба" – ФДУ – Скопје

19.00 "25 Мај": ФДУ – Нови Сад: В.Смочек "Попладне господина Бургеа"

22.00 ФДУ: Завршна вечер.

Секој ден од 10.00 до 1?.00 ќе се одржи техничка проба за факултетот што вечерта настапува во Домот на младите "25 Мај".

Организатор: УК на ССМУ во соработка со Домот на младите "25 Мај" и Факултетот за драмски уметности – Скопје.

Програмата на првите
„Скомрахи", 1988

# свечени отворања













СКОМРАХИ
SKOMRAHI
2002









FACULTY OF DRAMATIC ARTS
СКОМРАХИ
SKOMRAHI
2012



# претстави



































1830












# претстави







































# претстави
















ПОГАЛИ
МЕ


















# предавања










THE NON-VERBAL THEATRE
НЕВЕРБАЛНИОТ ТЕАТАР
THEATRE OF THE FUTURE
ТЕАТАРОТ НА ИДНИНАТА
VEDA
RAGA
ABHINAY
ASANA
MUDRA




Cinealta (2/3"), Silicon Imaging (2/3") Red
One (full frame), Arri D21 (full frame),
Panavision Genesis (full frame), Viper,
Phantom HS
- Pros and Cons of
HD
Genesis



# работилници




































# работилници

# промоции





























# дружби и забави






















































# дружби и забави

# Студио за наставна продукција

Во 1991 година, поради потребата за збогатување на техничката опременост, ФДУ се интегрира со Заводот за културно-просветен и наставен филм и го формира Студиото за продукција, дистрибуција и архивирање. Студиото станува база за директна поддршка на наставнообразовната, уметничката и апликативната дејност на Факултетот. Малку подоцна, преименувано е во Студио за наставна продукција.

Уметничката наставна продукција се изведува со организациска и техничка логистика на Студиото. Неговиот раководител, службеник на Факултетот, со налог од надлежниот и овластен наставник, врз основа на наставниот план и програма ги обезбедува неопходните услови и технички средства за реализација на наставните задачи.

Раководителот на Студиото за наставна продукција, заедно со наставниците од надлежниот оддел, ги  утврдува организациските, техничките и финансиските модалитети за реализација на тековните и испитните вежби – филмовите и театарските претстави.

Студиото за наставна продукција:

- учествува во планирањето на програмата за работа и развој на наставната, уметничката и апликативната дејност, во согласност со наставните планови и програми на одделите;
- учествува во техничкото оформување на вежбите и испитите од наставниот процес на одделите;
- организира снимање на испитните претстави;
- врши дистрибуција и архивирање на снимените испитни филмови и претстави;
- организира аудиовизуелни проекции за потребите на заинтересираните корисници;
- учествува во организација и реализација на Академската сцена и Скомрахи;
- врши и други работи доверени со одлуките на органите на Факултетот.

Во Студиото за наставна продукција работат: м-р Владимир Василевски – апликативен продуцент и раководител, Горан Петровски – апликативен продуцент и Влатко Савески – апликативен продуцент. Дел од вработените во Студиото, како апликативен продуцент, беше и сега пензионираниот Сотир Парцанов, а одредено време во студиото работеше и Ивица Димовски.


ФИЛМСКА ПРОГРАМА

ФИЛМОВИ ОД ФОНДОТ НА ЗАВОДОТ ЗА НАСТАВЕН ФИЛМ

Почеток на прожекциите во 18,00

ФИЛМСКА ПРОГРАМА МАЈ

ФИЛМОВИ ОД ОБЛАСТА НА ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ

The British Council

Почеток на прожекциите во 12,00

ФИЛМОВИ ОД ФОНДОТ НА ЗАВОДОТ ЗА НАСТАВЕН ФИЛМ

Почеток на прожекциите во 12,00

РАЈНЕР ВЕРНЕР ФАСБИНДЕР

4.05. (1982, 100 мин.)

11.05. (1974, 140 мин.)

Почеток на прожекциите во 18,00


Првата постава на студиото – Владимир Василевски, Горан Петровски и Ивица Димовски


Горан Петровски, Владимир Василевски и Сотир Парцанов со деканот проф. м-р Лазар Секуловски и проф. д-р Антонио Митриќески на Скомрахи

# Библиотека

Потребата за соодветна и стручна литература е главниот услов за постоењето на Библиотеката при Факултетот за драмски уметности – Скопје. За да се задоволат потребите на наставата, покрај големиот број драмски дела, Библиотеката располага со книги од областа на историјата и теоријата на драмата и театарот, историјата и теоријата на уметноста, историјата и теоријата на филмот, социологијата на уметноста, изданија од областа на театарската режија, филмската режија, драматургијата и драмското пишување, филмската и ТВ монтажа, филмското и ТВ снимање, филмското и ТВ сценарио, книги од областа на театрологијата, книги за техники на глас, танц и сценски движења, музика, балет, историја и теорија на културата, естетика, философија, филмска и телевизиска организација, менаџмент и маркетинг во културата, теорија и практика на медиумите и масовните комуникации, изданија од областа на културологијата и многу други практични прирачници и изданија кои се поврзани со креативната работа во сите области кои се изучуваат на ФДУ. Библиотечниот фонд секојдневно се збогатува, во согласност со развојот на наставните програми, но и со отворањето нови оддели и нови студиски програми, како и со отворањето на уметничките студии од втор и трет циклус.

Денес, Библиотеката располага со книжевен фонд од 7 600 теориски книги, 300 списанија, 630 драмски текстови, 4 500 филмови на 16 мм, 558 филмови на VHS-касети, 384 филмови на DVD, 342 театарски претстави на DVD и 657 DVD со снимки од испитни театарски претстави и филмови на ФДУ. Паралелно, библиотеката е претплатена на домашни и странски списанија. Комплетирањето на фондот се извршува по пат на нарачки и купување книги, но исто така дел од литературата е подарок од професори, културни работници и културни институции.

Во рамките на Библиотеката се вршат дејностите на каталошка обработка на материјалите, обработка на годишни и дипломски трудови на студентите и континуирано снабдување со нови книги. Интегрален дел на Библиотеката е и читалната опремена со компјутери и простор за читање.

Раководител на Библиотеката долго време беше, сега пензионираната, Василка Павлеска-Цековска, а во моментов како библиотекар е ангажиран Марко Цуцуловски.



Василка Павлеска-Цековска

# Техничка база на ФДУ

